У Н И В Е Р З И Т Е Т "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - С К О П Ј Е

- ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ -

Зоран М.Стојановски

# СОЦИЈАЛЕН СТАТУС НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПАРАЛЕЛКАТА И ЛИЧНИТЕ ОСОБИНИ

- докторска дисертација -

Скопје, 1986 год.

## С О Д Р Ж И Н А

I. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 1

1. В о в е д 1
2. ТЕОРЕТСКО - ЕМПИРИСКИ ОСНОВИ 4

2.1. Структура на група и социометриска структура на група 4
2.2. Социјален статус на поединецот во група 12
2.3. Видови категории на социјален статус 18
2.4. Стабилност на социјалниот статус 34
2.5. Фактори на социјалниот статус 37
2.6. Преглед на истражувања за факторите на социјалниот статус 69
а)Поважни истражувања извршени во странство 7о
б) Истражувања извршени во нашата земја 84

3. ПРОБЛЕМ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 1о3

3.1. Проблем и цели на истражувањето 1о3
3.2. Хипотези 1о9
3.3. Варијабили и индикатори 1о9

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 124

1. Метод на истражување на односот меѓу социјалниот статус и личните особини 124
2. Постапки и инструменти 127

2.1. Социометриски прашалник 128
2.2. Тестови за испитување на лични особини 131

3. Организација и изведување на теренскиот дел на истражувањето 143

4. Субјекти 144

5. Методи на обработка на податоците 146

III. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА 148

1. Социјален статус на учениците во паралелката 149
2. Поврзаност меѓу личните особини и социјалниот статус 156
   2.1. Биофизички особини и социјалниот статус 158
   2.2. Когнитивната способност-интелигенција и социјалниот статус 163
   2.3. Конативно-мотивациски особини и социјалниот статус 171
   2.4. Особини на емоционалното подрачје на личноста и социјалниот статус 179
   2.5. Психопатолошки особини и социјалниот статус 181
3. Ранг на личните особини според степенот на нивната поврзаност со социјалниот статус 185
4. Профили на лични особини на учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус 189
5. Мултипло дејство на личните особини врз социјалниот статус 196
   5.1. Мултипло дејство на когнитивните, конативните и емоционалните особини врз социјалниот статус 197
   5.2. Директен и индиректен придонес на когнитивните, конативните и емоционалните особини во објаснувањето на варијансата на социјалниот статус 2oo
   5.3. Предвидување на социјалниот статус врз основа на личните особини 2o4

IV. ЗАКЛУЧОЦИ 214

ЛИТЕРАТУРА 222

ПРИЛОЗИ 23o

# I. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. В О В Е Д

Социјалните интеракции претставуваат основа на социјалното однесување и суштина на интерперсоналните односи. Тие, според тоа, претставуваат основа на социјалното однесување и суштина и на интерперсоналните односи што се остваруваат во процесот на образовно-воспитната работа во училиштето. Непосредните интеракции кои ги остваруваат учениците се истовремено и неопходен услов,какo за развивањето и стабилизацијата на меѓусебните односи, така и за формирањето на одделни лични особини кај учениците.

Социјалните интеракции во групата воопшто, а се разбира и кај одделните видови групи во училиштето, се разгледуваат главно од два аспекти: од аспект на поединецот - член на групата и од аспект на групата како целина.

Во првиот случај, кога предмет на научниот интерес е поединецот, проучувањата се вршат со цел да се даде одговор на повеќе значајни прашања. Прво, тие проучувања може да се вршат со намера да се согледа каков е социјално-емоционалниот однос на поединецот спрема другите членови на групата. Или, уште поинаку - со речникот на социометричарите кажано, да се види каква е социјално - емоционалната експанзивност на поединецот. Второ, за да се одговори на прашањето, каков е односот на членовите на групата спрема поединецот, односно каков е неговиот социјално - емоционален статус во групата. И трето, тоа е прашањето, како секој член на групата ги перцепира реакциите и односот на другите спрема себе, или накусо речено, прашањето на социјалната сензитивност.

Во вториот случај пак, кога научниот интерес се става врз групата како целина, односите во групата се проучуваат со

цел да се согледаат и објаснат одделни групни карактеристики, како што се на пример, групната кохезивност, групната тензија или пак некои други структурални карактеристики на групата.

Од подрачјето на оваа мошне сложена проблематика, која во најново време е предмет на изучување на повеќе научни дисциплини, ние се определуваме во овој случај да го проучуваме прашањето на односот меѓу социјалниот статус на учениците и нивните лични особини. Оваа релација ќе се обидеме да ја објасниме од аспект на тоа, во кој степен личните особини се јавуваат како детерминанти на социјалниот статус на учениците во паралелката. Што значи, за нас овде основен проблем претставува видот и степенот на поврзаноста меѓу социјалниот статус и личните особини на учениците.

Изборот на овој проблем е направен од следниве причини: Прво, тоа е заради фактот што во наши услови се извршени релативно мал број испитувања, кои се однесуваат на овој проблем, и што од досегашните прибрани емпириски податоци не е можно со доволна сигурност да се зборува за дејството на одредени лични особини или на одреден склоп на лични особини врз социјалниот статус на учениците во паралелката. Во досегашните испитувања кои се извршени во различни социјални средини, а меѓу кои само во две испитувања биле опфатени ученици од СР Македонија, е разгледувано, главно, парцијалното дејство само на некои лични особини. Што значи, по наше мислење, овде се работи за проблем за кој сметаме дека не е се уште доволно испитан, и во врска со кој, секое ново испитување би претставувало прилог повеќе за негово расветлување од теориска гледна точка. И второ, тоа е присутното верување дека проучувањето на овој проблем би можело да има и одредени практични

импликации. Паралелката на ученици претставува посебен и најважен вид училишна група, во која учениците остваруваат непосредни интеракции во најголем дел од времето поминато на училиште. Таа како социјална група има скоро иста важност и значење за развојот на личноста на учениците колку што и другите видови групи, како на пример, семејството. Запознавањето на дејството на одделни лични особини што се значајни за социјалниот статус на учениците во паралелката, претпоставуваме дека би претставувало, исто така, придонес повеќе за поуспешно систематско негување на односите меѓу учениците. Ин парентези речено, ова претставувало, всушност, и една од основните цели на повеќето социометриски испитувања што досега биле извршени.

# 2. ТЕОРЕТСКО - ЕМПИРИСКИ ОСНОВИ

## 2.1. Структура на група и социометриска структура на група

Човекот е суштество кое се реализира под влијание на други луѓе. Заради тоа, со право истакнуваат социјалните психолози дека однесувањето на човекот, а и развивањето на одделни лични особини, не е ни можно да се објасни ако не се земе предвид дејството на овој социјален фактор. Луѓето меѓу себе вршат влијание на непосреден начин, така што стапуваат во одредена интеракција[x)] и на посреден начин, кој се подразбира како влијание на културата, општествените норми и институции. Кај интеракцијата, како вид непосреден однос меѓу луѓето, влијанието се остварува преку одредени форми на непосредно делување на едно или повеќе лица врз однесувањето на друго или други лица со кои се заедно во еден актуелен однос.

Интеракциите на луѓето се разликуваат меѓу себе зависно од видот на односот и влијанието што при тоа се остварува. И макар што при интеракциите влијанието се остварува на различни начини и макар што се различни ефектите на разновидните интеракции, сепак ретки се обидите за нивно групирање по видови. Во оваа смисла, таков обид прави Рот (1978). Тој разликува четири вида, односно четири главни категории на социјална интеракција и тоа: ко-

---

x) Пошироко за психолошката проблематика на интеракцијата види N.Rot: Socijalna interakcija I, Društvo psihologa SR Srbije, Beograd, 1978 i Socijalna interakcija II, Savez društava psihologa SR Srbije, Beograd, 1980.

муникација, перцепирање на други лица, развивање и постоење наклоност и ненаклоност и групна интеракција. Како критериум на ова нивно групирање Рот ја зема основната функција на разликуваните категории. Кај комуникацијата како посебен вид категорија, тоа е давањето и примањето на знакови, кај перцепирањето на други лица - формирањето на импресии и атрибуцијата на одредени карактеристики на некое лице, кај јавувањето на наклоност и ненаклоност - тоа е емоционалниот однос на лицата во интеракција, а за четвртата категорија - групната интеракција, тој смета дека е мошне сложена со оглед на основните функции, бидејќи таа ги вклопува во себе сите три веќе споменати функции, како и некои други функции.

Одделните видови на интеракција, понекогаш исто така, се земаат и разгледуваат како посебни аспекти на структурата на групата. Така на пример, во таа смисла се зборува за комуникациска структура или пак, за структура на емоционални односи во групата и слично. Меѓутоа, за да може подобро да се сфатат посебните аспекти на структурата на групата, потребно е пред се, да се објасни прашањето, што се подразбира под поимот "структура на групата".

Во најширока смисла поимот "структура" означува однос и поврзаност меѓу деловите на некоја целина. Се вели, структурата преставува траен или релативно траен распоред на елементите на една целина. Бидејќи пак, и групата претставува во извесна смисла релативно трајна целина, во која постојат или егзистираат

повеќе видови на односи меѓу нејзините членови, со право се смета дека структурата на групата е една од нејзините суштествени карактеристики.

Меѓутоа, во врска со прашањето што е структура на групата, не постои општо прифатена концепција, ниту во врска со тоа, кои се тие основни делови кои ја сочинуваат нејзината структура, а ниту пак во поглед на тоа, што би требало да се смета како однос преку кој тие делови се поврзуваат во целина. Различни автори на различен начин приоѓаат во дефинирањето на овој поим. Картрајт и Зандер, на пример, зборуваат за четири различни сфаќања на поимот структура на групата. Според нив, тоа се становишта според кои структурата на групата се сфаќа: како систем на позиции, како систем на улоги поврзани со одредени позиции, како систем на меѓулични односи и како систем на рангирање на членовите на групата според некои критериуми, на пример, врз основа на престиж. (Според:Рот,1983,стр.145).

Структурата на групата претставува издиференциран систем на положби и улоги во групата - за Креч и соработниците (Креч,Крачфилд и Балаки, 1972). Постоењето на издиференцираниот систем на положби и улоги обезбедува ред и правилност во интеракциите на членовите на групата, кога тие работат заедно на извршување на групните задачи. Структурата на групата би се рекло, се сфаќа според нив првенствено како утврдена констелација на положби и улоги во групата.

Другите автори пак структурата на групата ја определуваат од аспект на меѓуличните односи, т.е. од аспект на видовите на меѓусебните односи во групата, кои се сфаќаат како правци на де-

лување, различни според содржината на активноста која ја опфаќаат. Авторите кои застапуваат едно вакво становиште се разликуваат меѓу себе во однос на потенцирањето на бројот на основните димензии на групната активност, односно во поглед на бројот на разликуваните по содржина групни активности. И додека едни ја опишуваат интеракциската структура на групата со тоа што издвојуваат два основни вида групни активности - активности насочени кон извршување на задачите и активности насочени кон одржување и развој на групата, Хавелка (1980) смета дека структурата на групата може да се опише со помош на четири основни димензии, и тоа: димензија на одлучување за работите на групата, димензија на извршување на групните задачи, димензија на придружни социјални активности на групата и димензија на емоционални меѓулични односи. Овие четири димензии, кои се релативно независни една од друга, секогаш одразуваат во извесен степен различни аспекти на интерперсоналните односи во групата.

Истакнувајќи дека структурата на групата претставува една од основните карактеристики на социјалните групи, Звонаревиќ (1976, стр. 364) неа ја дефинира како "систем на меѓусебни просторни и психосоцијални односи на припадниците на некоја група." Просторната структура се однесува, според него, на просторниот распоред и однос на припадниците на групата, а психосоцијалната структура пак, во прв ред, на односите меѓу улогите и статусите на членовите на групата. Ова определување јасно покажува дека авторот ги зема во овој случај како најзначајни аспекти: системот на меѓусебните просторни односи на

членовите на групата - каде просторната близина ја истакнува како главен критериум на класификување на групите на примарни и секундарни, и системот на односи меѓу издиференцираните улоги и статуси на членовите на групата. Со оваа дефиниција меѓутоа, не се опфатени сите значајни аспекти на структурата на групата, како што се на пример, системот на комуникациските односи во групата, системот на емоционалните односи и слично.

Од социолошка гледна точка, суштината на структурата на групата ја чини системот на предвидените позиции или положби во групата. Нејзината структура се опишува од аспект на карактеристичните позиции и функции што таа ги има, се разбира, со истакнување на позициите кои постојат во групата и на односите меѓу нив. Овде е очигледно дека вниманието кај ова становиште се обрнува врз формалната структура на групата, врз системот на позициите кои треба да постојат во групата и основните функции кои таа треба да ги обавува, односно на системот на позициите и функциите кои таа треба да ги има со оглед на целите и задачите кои нејзе ѝ се поставуваат.

Овие неколку веќе посочени разгледувања на суштината на структурата на групата навистина покажуваат дека меѓу одделните автори не постои согласност во поглед на тоа, што би требало да се смета како елелмент или дел на структурата на групата. Како што наведовме, како делови на групната структура се посочувани позициите или положбите, улогите и членовите на групата - односно нивните меѓулични односи или нив-

ните рангови утврдени според определени критериуми. Од сите овие разновидни аспекти и приоди на определувањето суштината на поимот - структура на групата, Рот (1983) со право истакнува дека се прифатливи сите оние кои се доволно општи и кои ги опфаќаат во себе двете основни значења: прво, структурата на групата да се сфаќа како систем на предвидени положби и за нив поврзан, замислен и обврзан начин на однесување (значење кое се придава на овој поим од социолошка гледна точка, заб. Стојановски) и, второ, структурата на групата да се сфаќа како систем на реални односи меѓу членовите на групата и на реалното однесување, кое членовите го манифестираат во текот на групната интеракција (значење кое се придава на овој поим од психолошка гледна точка - заб. Стојановски).

Психолошкото разгледување на суштината на структурата на групата е насочено, значи, на однесувањето на луѓето кои имаат одредени позиции во групата, на нивното реално, манифестно однесување. Или, уште како што истакнува Рот, структурата на групата од психолошка гледна точка би можела да се определи како "интеракциско однесување карактеристично за одделни членови на групата и за групата во целина" (1983, ст.150). Според тоа, ваквиот психолошки приод претставува, во основа, разгледување на прашањето не за предвидената структура на групата, но за онаа која се нарекува остварена или реализирана структура на групата.

Кај реализираната структура на групата може да се издвојат одделни содржини на групната интеракција. За нив пак нај-

често се зборува како за димензии на структурата на групата, или како за посебни видови на нејзината реализирана структура. Според содржината на односите што постојат меѓу членовите на групата, Рот (1983) ги истакнува како посебни видови на групната структура следните: комуникациска структура, структура со оглед на моќ, афективна или социометриска структура и статусна структура (структура со оглед на престиж).

Од изнесеното јасно произлегува дека социметриската структура претставува само еден посебен и, според мислењето на многу автори, мошне значаен аспект на реализираната структура на групата. Таа во основа покажува какви се емоционалните односи меѓу членовите на групата. Социметриската структура го покажува, всушност, степенот на афективната поврзаност меѓу членовите на групата, т.е. тоа колку членовите на некоја група меѓусебно се прифаќаат или пак одбиваат.

Социометриската структура на групата, сфатена како систем на емоционални односи во групата, е условена од повеќе групи фактори. Сите тие фактори Рот (1983) ги сведува во следните пет групи: 1) Фактори кои влијаат врз развивањето на заемна наклоност меѓу членовите на групата, 2) Фактори кои се однесуваат на усогласеноста на целите на групата со потребите и интересите на нејзините членови, 3) Начинот на раководењето со групата и можностите за активно учествување на членовите во решавањето на прашања важни за активноста на групата, 4) Општата атмосфера во групата, и 5) Големината на групата. Меѓутоа, како фактори на социометриската структура, може, освен тоа, да се јават и други структурални карактеристики на групата (си-

стемот на положбите и улогите во групата, комуникациската структура, а и другите видови на односи во групата), просторната близина и значењето што групата го има за нејзините членови, во споредба со значењето што го имаат други групи во кои лицата истовремено членуваат.

Социометриската или афективната структура на групата има од своја страна и одредени свои ефекти. Таа има свое дејство врз заемното меѓусебно влијание на членовите во групата, врз учествувањето и степенот на заинтересираноста на членовите за извршување на задачите и остварувањето на групните цели, а исто така, таа се јавува како основен фактор на кохезивноста на групата. Се вели, дека онаа група во која постои поголема заемна емоционална наклоност меѓу нејзините членови, е попривлечна (поатрактивна) и врзаноста за таквата група е поголема, односно дека групата покажува поголема кохезивност. На фактот дека социометриската структура е фактор на кохезивнсота на групата прв укажал Морено (1962), истакнувајќи дека кохезивноста е поголема во оние групи кои се формирани врз основа на социометриски избори, за разлика од оние кои не се формирани на таков начин.

Социометриската структура е продукт на интеракциските процеси во групата. Таа се однесува, како што истакнавме, на системот на емоционалните односи во групата, кој произлегува од тенденцијата на луѓето да развиваат чувства на наклоност и на ненаклоност (симпатија и антипатија) спрема оние со кои доаѓаат во определен контакт.

Емоционалните односи најчесто се земаат и како основен аспект на интерперсоналните односи во групата. Тие заради тоа се смета дека претставуваат една основна и, според Hargreaves (1974) и некои други автори, најважна димензија врз која може членовите на некоја група меѓусебно да се диференцираат. Нивното диференцирање се огледа, всушност, во постоењето на меѓусебни разлики во однос на тоа, колку секој член е прифатен и сакан од другите членови на групата. Поточно тоа се гледа во фактот што членовите заземаат различен социјален статус или позиција на димензијата на емоционалните односи во групата. Имајќи го ова предвид, сега можеме попрецизно да кажеме, дека социометриската структура на групата означува систем на позиции што ги имаат членовите на некоја група на нејзината димензија на емоционалните односи.

## 2.2. Социјален статус на поединецот во група

Ако социометриската структура на групата се сфаќа како систем на емоционални односи во групата, тогаш да видиме што означува социјалниот статус на поединецот во групата.

Терминот статус се употребува со различни значења. Антропологот R. Linton, кој што прв го употребил овој термин, смета дека тој како поим означува "место во определен систем кое некое лице го завземе во определено време" (Според: Gibb, 1965 стр.88). Што значи, тој под "статус" подразбира нешто што за други автори значи положба.

Поинакво значење на овој поим му придава Argyle (1978). За него статусот означува "степен колку некое лице е почитувано, ценето или признато од другите членови на групата". Што значи, статусот, според него означува место кое поединецот го има во групата, зависно од тоа колку тој е ценет од нејзините членови, т.е. место кое поединецот го има во групата со оглед на неговиот углед.

Според некои други автори, статусот означува ранг на положбата што му го придаваат членовите на некоја група. По нивно мислење статусот се однесува на евалуација на положбата во групата. Такво едно становиште, на пример, застапува Шоу, кој смета дека статусот е ранг на позицијата кој му го придаваат членовите на групата - престиж на позицијата. (Според: Рот,1983).

И двете овие споменати значења му ги придаваат на поимот статус исто така и Креч и соработниците. Имено, тие истакнуваат дека статусот е "ранг на позицијата или на поединецот во хиерархијата на престиж во групата или заедницата". (Креч, Крачфилд и Балаки, 1972, стр. 344). И навистина оправдано е во основа, да се укаже на две значења на овој поим, и тоа, сфаќајќи го него, како статус на позицијата или положбата во групата и како статус на лицата - членови на групата. Овие две значења на овој поим даваат за право да се зборува и за два вида на статусна структура на групата, во еден случај, како за систем на рангирање на позициите во групата, и во втор случај, како за систем на рангирање на лицата - членови на групата кои завземаат одредени позиции.

Од психолошка гледна точка, статусот се сфаќа како ранг на поединецот според угледот што тој го има во групата. Затоа, кога се зборува за статусна структура на групата од овој аспект, таа и се определува како "систем на рангирање на сите членови на групата според угледот кој што тие го имаат, со оглед на нивната положба, оценката на остварувањето на функцијата поврзана со положбата и со оглед на оценките за различните карактеристики на личноста од страна на членовите на групата" (Рот, 1983, стр.197). Гледано од овој аспект, со исто значење го употребуваат овој поим и други автори. Статусот е "углед или престиж кој што поединецот го има во групата ... Статусот на поединецот е израз на неговата положба, улога и личните карактеристики" - истакнува Хавелка (1980, стр. 147 - 148).

Социјалниот статус, исто така, означува место или позиција на поединецот во групата, но не во системот на рангирањето на членовите на групата со оглед на нивниот углед или престиж, туку во системот на социјално-емоционалните односи во групата. Тој означуваместо на поединецот на димензијата на емоционалните односи во групата. Социјалниот статус меѓутоа, сепак, се дефинира на различен начин. Така, Смиљаниќ смета дека тој означува "положба на поединецот во групата определена од ставовите на сите членови спрема него" (1973, стр. 21) А, пак за Лазиќ, социјалниот статус претставува "положба што ја зазема некој член во групата во целата нејзина динамична структура, која базира на меѓусебните односи на членовите, кои се одредени од интеракциите во определени ситуации"(1967,стр.47).

Кај овие две дефиниции е заедничко и суштествено тоа што социјалниот статус се определува како положба на поединецот во групата. Што значи, при неговото дефинирање се тргнува од аспект на психолошкиот приод на разгледување структурата на групата. Но, од друга страна пак, кај нив заедничка слабост претставува тоа што не ја земаат предвид токму неговата најсуштествена карактеристика - дека социјалниот статус означува положба на поединецот во системот на емоционалните односи во групата.

Нешто на сличен начин, како и претходните автори, и Крњајиќ го определува значењето на социјалниот статус. По негово мислење, социјалниот статус означува ранг на положбата на поединецот во одделенскиот колектив одреден со социометриски мерни ставови на останатите членови на одделението спрема него" (1981, стр.16). При ова определување на суштината на социјалниот статус очигледно е дека главниот акцент е ставен врз начинот на неговото утврдување. Меѓутоа и во овој случај, сепак останува нејасно тоа, во поглед на каков вид односи во одделенскиот колектив социјалниот статус претставува ранг на положбата на поединецот. Имплицитно може да се подразбере дека тоа се однесува на системот на емоционалните односи, со тоа што се вели дека рангот се одредува со социометриски мерени ставови на членовите на одделението. Но, имплицитното подразбирање може да постои само под еден услов, а имено доколку социометриското мерење на ставовите се сфаќа само како испитување на емоционалните наклоности и ненаклоности меѓу членовите на групата. Меѓутоа, познато е дека социометријата како техника не се користи само за испитување на емоционалниот аспект на интерперсонал-

ните односи. Таа се користи за испитување и на други процеси. Таа може да се користи, на пример, за да се утврди колку точно некој член на групата го перцепира постоењето на симпатија и антипатија меѓу останатите членови на групата, за согледување на тоа кој на кого влијае во групата, за испитување на точноста на автоперцепцијата на одделни лични особини и слични други проблеми. Имајќи го ова во предвид сепак, би можело да се каже дека и Крњајиќ, недоволно прецизно, односно недоволно потполно ја определува суштината на социјалниот статус.

Ако се тргне од фактот дека, според содржината на односите што постојат меѓу членовите на групата, може да се зборува за различни видови структури на групата и аналогно на тоа, за разновидни статуси на поединецот во таквите структури, тогаш исправно би било ако се каже дека социјалниот статус означува место или позиција на поединецот во социометриската или афективната структура на групата. Или поточно кажано, дека социјалниот статус претставува место или позиција на поединецот во групата на димензијата на емоционалните односи, кои се изразуваат преку насоченоста и интензитетот на емоционалната наклоност и ненаклоност меѓу членовите на групата. Социјалниот статус на поединецот е израз на степенот на неговата омиленост во групата, т.е. тој е израз на тоа колку некој поединец е прифатен или отфрлен од другите членови на групата. Со вакавото определување на неговата суштина се нагласуваат две суштествено значајни карактеристики. Прво, со тоа што се вели, дека социјалниот статус е позиција на поединецот во групата , се истакнува всушност дека

се работи за психолошки приод на проучување на односите во групата (проучување на остварената или реализираната структура на групата). И второ, со додавањето пак на вториот дел, дека е тоа позиција на поединецот во системот на емоционалните односи во групата, се врши разграничување, односно изделување на социјалниот статус како посебен вид позиција на поединецот во групата од другите позиции што тој може да ги има во истата, кога нејзината структура би се разгледувала во поглед на некои други аспекти, односно зависно од содржината на другите односи во групата, како на пример, структурата на групата како систем на комуникациски односи и слично.

Социјалниот статус, кој покажува колку некој поединец е прифатен или сакан од другите членови на групата, може да се искаже на повеќе начини. На пример, тој може да се прикаже во вид на ранг кој се утврдува за поединецот врз основа на добиените позитивни и негативни избори или пак како нумерична вредност на одредени индивидуални социометриски индекси.

Во психолошката литература се користат повеќе изрази со синонимно значење на социјалниот статус. Така на пример, со исто значење почесто се користат изразите: социометриски статус и изборен статус, а понекогаш се сретнуваат и изразите: социометриска категорија и социометриски тип, а и статус на прифатеност во групата.

## 2.3. Видови категории на социјален статус

Како што е познато, суштината на Мореновиот социометриски тест се состои во регистрирање на позитивните и негативните избори што ги врши секој член на една група. И другите подоцнежни модификации на овој метод претставуваат исто така, техники со помош на кои се прибираат податоци од членовите на некоја група, во врска со тоа што тие мислат и чувствуваат едни кон други. Оттука за сите овие методи може да се каже дека се наменети за согледување на структурата на групата, низ аспектот на пројавената емоционална наклоност и ненаклоност меѓу членовите што неа ја сочинуваат. Овие на ваков начин добиени социометриски податоци се користат потоа како основа за изведување конечен заклучок за социјалниот статус на секој член на групата. Што значи, врз основа на извршените избори се утврдува местото или статусот на секој член во групата и во зависност од тоа се врши нивна класификација во одделни видови на "социјални статуси" или, како што уште истакнуваат некои автори, во одделни "социометриски типови" или пак "социометриски категории".

Прашањето пак, кои видови категории на социјални статуси би требало да се разликуваат во социометриската структура на групата, различно се сфаќа и разгледува кај одделни автори. Според Морено (1962, стр. 120), кога е во прашање поединецот, - социометриската класификација има за цел да го дефинира местото на секое лице во групата во однос на другите лица. Тоа место на поединецот би требало да се определува, како смета Морено, зависно од социјалната ситуација, во која спрема лице-

то ја искажуваат својата наклонест или ненаклоност другите лица од групата. Според тоа, социјалниот статус е место на некое лице во групата, кое што тоа го има во системот на привлекувањата и одбивањата кои се испољуваат спрема него во групата, и тоа во однос на определена критериумска активност. Меѓутоа, кога се прави обид конкретно да се определи социјалниот статус на поединецот во групата, во тој случај е потребно, според Морено, да се земат во предвид неколку карактеристични категории на социјално-емоционалниот однос на поединеците, и тоа:

а) позитивен или негативен субјект - лице кое избира или не избира други лица - членови на групата;

б) осамен субјект - лице кое никого не избира, а и него никој не го избира;

в) екстровертен или интровертен субјект - лице кај кое поголем број од неговите избори се однесуваат на лица вон неговата група или на лица членови на неговата група;

г) привлечен субјект - лице кое е предмет на повеќе од половина од можните позитивни избори;

д) субјект кој прифаќа - лице кое врши повеќе од половина од позитивните избори што му се дозволени.

ѓ) отфрлен субјект - лице кое е предмет на повеќе од половина од можните отфрлања (негативни избори).

е) субјект кој отфрла - лице кое искажува повеќе од половина од дозволените одбивања.

ж) рамнодушен субјект - лице кое е рамнодушно како спрема оние лица за кои тоа е привлечен субјект, така и спрема оние за кои тоа е отфрлен субјект.

Земајќи ги пак во предвид овие категории, статусот на некој субјект "X" би можел да се дефинира, на пример, на следниот начин: Субјектот "X" е позитивен, не е осамен, има екстровертен став, самиот тој е привлечен за другите и другите се привлечни за него, тој не ги отфрла другите и не е отфрлен од нив, а не е ни рамнодушен. Комбинацијата од овие осум категории, која соодветно го опишува некое лице, го означува всушност неговиот статус. Социјалниот статус, според тоа, е одредена позиција на лицето во групата, во однос на која тоа се разликува од другите членови на групата, кога со нив се споредува врз основа на овие категории. Од ова што е кажано, следи дека, секоја определена комбинација на овие категории, која го опишува местото на некое лице во групата, означува во извесна смисла посебен вид социјален статус. Меѓутоа, ако се анализира севкупноста на Мореновиот начин на утврдување на социјалниот статус, тогаш е можно да се забележи дека при определувањето на социјалниот статус на поединецот е потребно да се обрне внимание на повеќе значајни моменти, и тоа:

1) Социјалната активност, во врска со која ја искажуваат меѓусебната емоционална наклоност и ненаклоност, членовите на некоја група. Социјалната активност, која се зема како критериумска активност, истакнуваат социометричарите дека е првичниот момент за кој мора да се води сметка при утврдувањето на социјалниот статус, односно при изведувањето на конечен заклучок за статус на секој член на групата.

2) Дадената можност на лицата да ја искажуваат својата симпатија и антипатија, не само спрема членовите на нивната група, туку и спрема оние кои припаѓаат на други групи. Конкретно, кај Морено ним им е пружена можност да даваат позитивни и негативни избори не само за оние лица со кои живееле во ист павиљон, туку и за оние од другите павиљони.

3) Социјалната експанзивност на лицето за кое се утврдува социјалниот статус, при што се бара да се земат во предвид неговите позитивни и негативни ставови искажани, како спрема членовите на неговата група, така и спрема членовите на други групи во колективот.

4) Искажувањето на позитивни и негативни ставови спрема лицето од страна на другите членови на неговата група ( оние од неговиот павиљон) и од страна на членвоите на други групи (станарите од други павиљони) во домот.

Како што може од ова да се забележи, социјалниот статус се дефинира, според Ј. Морено, во однос на определена социјална активност, а врз основа на извршениот број на интрагрупни и интергрупни избори. И не само тоа, социјалниот статус, во негова смисла, значи определување на позицијата на поединецот во групата од два аспекти, од аспект како тој е прифатен од другите членови на групата и од аспект како тој ги прифаќа членовите на групата. Различните социјални статуси означуваат во која крајна линија кај Ј. Морено, различни комбинации на модалитети на социјалната експанзивност на поединецот спрема членовите на групата и модалитети на емоционалната наклоност (различна по вид и обем), манифестирана од членови на групата спрема поеди-

нецот.

Зависно од споменатите два аспекти се дефинирани одделните видови социјални статуси и во испитувањето, на пример, на Ѓорѓевиќ (1964). Всушност, тој при тоа зборува за одделни видови " социометриски категории", а како посебни видови ги посочува следните:

а) осамени - лица во групата кои никој не ги избира и кои никого не избираат;

б) неизбрани - лица во групата кои избираат, а нив никој не ги избира. Кај оваа категорија Ѓорѓевиќ, разликува три посебни вида и тоа:

а) неизбрани од прв вид - лица кои вршат позитивни избори, а нив никој не ги избира;

б) неизбрани од втор вид - лица кои вршат негативни избори, а нив никој не ги избира;

в) неизбрани од трет вид - лица кои вршат позитивни и негативни избори, а нив никој не ги избира.

в) отфрлени - лица кои избираат, а самите тие се отфрлени од страна на другите членови на групата. И, овде, кај оваа категорија Ѓорѓевиќ разликува три вида:

а) отфрлени од прв вид - лица кои вршат позитивни избори, а добиваат негативни гласови;

б) отфрлени од втор вид - лица кои вршат негативни избори и добиваат негативни гласови, и

в) отфрлени од трет вид - лица кои вршат позитивни и негативни избори, а добиваат негативни гласови.

..

г) <u>апстиненти</u> - лица кои не вршат избори (кои не избираат), а се избрани. И во овој случај Ѓорѓевиќ, разликува три посебни вида:

а)апстинентни од прв вид - лица кои не избираат, а добиваат позитивни гласови;

б)апстинентни од втор вид - лица кои не избираат, а добиваат негативни гласови, и

в) апстинентни од трет вид - лица кои не избираат, а добиваат позитивни и негативни гласови.

д) <u>заемно одбиени</u> - лица кои заемно, меѓусебно се отфрлаат, односно лица меѓу кои постои реципрочен негативен однос.

ѓ) <u>заемно прифатени</u> - лица меѓу кои постои реципрочен позитивен однос.

е) <u>нереципрочен избор</u> - однос меѓу два члена на групата, каде што едниот член спрема другиот има позитивен однос, а вториот спрема првиот негативен однос.

ж) <u>непопуларни или ѕвезди на отфрленост</u> -лица во групата кои добиваат повеќе од 4 (четири) негативни избори.

з) <u>популарни или ѕвезди на прифатеност</u> - лица во групата кои добиваат повеќе од 4 (четири) позитивни избори.

При дефинирањето на овие категории е очигледно во овој случај,дека авторот ги користи и двата споменати аспекти, за да го прикаже постоењето на посебните квалитети на социјални односи, што би можеле лицата да ги остваруваат како членови на некоја група. Слично како и кај Морено, и овде при определувањето на статусот на поединецот во групата, се тргнува главно од тоа како тој е прифатен од другите членови на групата и како тој нив ги

прифаќа или пак не ги прифаќа. Според тоа, статусот на поединецот се разграничува од статусите на другите членови врз основа на пројавените разлики во однос на овие два аспекта. Меѓутоа, иако и двата автори тргнуваат во дефинирање на категориите од спомнатите два аспекти, сепак меѓу нив постои разлика во однос на предложениот број на категории и во однос на определувањето на нивната смисла. Со исклучок на две категории кои се совпаѓаат по своето значење (категориите: <u>осамени</u> и <u>рамнодушен субјект</u> - кај Морено и категориите: <u>осамени и апстиненти</u> кај Ѓорѓевиќ), останатите категории се различни по својата смисла. Овие разлики се јавуваат како последица на тоа што авторите при дефинирањето на категориите зеле во предвид некои други помошни аспекти, освен споменатите два. На пример, кај Морено, категоријата <u>екстровертен или интровертен субјект</u> се јавува како резултат на дадената можност за избирање не само на членови од својата група, туку и од други групи. Или пак на пример, кај Ѓорѓевиќ, категориите: <u>непопуларен</u> и <u>популарен</u>, се утврдени врз основа на бројот на добиените негативни или пак позитивни избори. Иако за системот на социометриските категории на Ѓорѓевиќ, е карактеристично настојувањето за што е можно поголемо диференцирано прикажување на статусите на членовите во групата, сепак за истиот може да се забележи дека не го сочинуваат категории од иста општост, а ниту пак категории кои меѓусебно се исклучуваат. На пример, категоријата <u>непопуларни</u> се совпаѓа на известен начин со категоријата <u>отфрлени</u>. Разграничувањето на овие две категории овде се заснова врз еден арбитрарен критериум - бројот на добиените негативни избори, а кој критериум не се

користи доследно во однос на определувањето на сите посочени социометриски категории. Кеј свој систем не е јасно ни тоа, на пример, во која категорија би припаѓало некое лице кое дава и добива позитивни избори. Што значи, самиот овој систем на категории е и нецелосен, непотполен - како што и самиот автор забележува. Според тоа, кај ваквиот приод на утврдувањето на социјалниот статус основната забелешка се состои, пред сè, во тоа што не се сосема јасно дефинирани појдовните, односно релевантните критериуми, врз основа на кои ќе се врши потоа диференцирањето на статусите.

Социјалниот статус се сфаќа најчесто како показател за тоа колку некое лице е прифатено во групата, односно како позиција која покажува колку некое лице е омилено или пак неомилено во групата. Кај ваквиот приод различните видови категории на социјален статус се интерпретираат како утврдени разлики во однос на степенот на прифатеноста во групата. Во оваа смисла Херлок посебно и истакнува, дека социјалната прифатеност се простира од статусот ѕвезда до социјално изолиран и дека меѓу овие два екстремни статуси има одредени нивои на прифатеност, а кои се користат за распоредување на поединците вдолж континуумот на социјалните односи. Осврнувајќи се врз овој проблем, таа посебно зборува само за две мошне широко определени социјални категории, и тоа: популарни или омилени и непопуларни или неомилени. Разликите во социјалниот статус меѓу поединците во групата ги согледувале најчесто и други автори на оваа релација. Но и покрај тоа, меѓу нив може да се забележи разлика која постои во начинот

на кој тие ги определувале овие две посебни категории на социјален статус. Така на пример, според некои автори, како популарни (омилени) се третирани оние лица кои добиваат само позитивни избори, а како непопуларни (неомилени) оние кои добиваат само негативни избори. Според други автори, како популарни или како непопуларни се сметаат лицата кои добиваат најголем број позитивни или пак негативни избори. При ова, овие автори нудат различни начини за утврдување на границата на потребниот број на позитивни или пак на негативни избори за овие две категории на социјален статус. На пример, кај Ѓорѓевиќ (1976, стр.181) како граница е земен бројот на пет добиени позитивни избори за популарните и пет добиени негативни избори за непопуларните.

Исто така, има и автори кои во иста оваа смисла ги користат категориите висок и низок социјален статус, односно кои разликуваат вкупно три вида социјални статуси и тоа: висок, просечен и низок социјален статус. Овие три вида на статусти се разграничуваат или врз основа на разновидноста на ранговите што ги заземаат членовите на една група, или пак врз основа на вредностите што се добивани кај определени индивидуални социометриски индекси, а пред сè, врз основа на вредноста на индексот на социјалниот статус. Има автори кои наведуваат повеќе од три вида категории на социјален статус. На пример, Dahlke (1953) ги разгледува следните видови: најнизок, многу низок, низок, просечен, висок, многу висок и највисок социјален статус, т.е. изборен статус - според него.

Зборувајќи за статусната структура на членовите на групата Самоловчев (1984, стр. 57) истакнува дека во рамките на социјалната група или колективот се јавува следниот континуум на статусот: водач-сакан-прифатен-изолиран-отфрлен. Оваа статусна структура, смета тој, дека е помалку или повеќе иманентна за секоја социјална група на младите - на децата и на адолосцентите, а на возрасните само на степен на адултација, од 18 - 23 годишна возраст. Статусната структура пак на образовно-воспитната група на андрагошкото подрачје ја претставуваат, во основа, два статуса - сакан и прифатен, обата позитивни и мошне значајни од становиштето на интеграцијата на групата, односно на јакнењето на нејзината внатрешна кохезивност и конзистентност. И макар што во овој случај не е познат критериумот врз основа на кој се разграничуваат петте видови категории на статуси, сепак останува нејасно, како прво, како е можно на позитивниот дел на континуумот да се разликуваат три посебни категории статуси, а на негативниот дел на континуумот само два. Натаму, прашање е, дали статусот "изолиран" претставува попозитивен социјален статус во групата од статусот "отфрлен", односно дали статусот "отфрлен" е навистина екстрем на негативниот дел на континуумот. Напротив, во повеќе социометриски испитувања се посочува дека најнеповолен статус во групата е "социјално изолираниот". Исто така, сметаме дека не е оправдано да се тврди ни тоа, дека статусната структура на образовно-воспитната група на возрасните ја сочинуваат во основа два вида статуси - сакан и прифатен. Ова се доведува во прашање од аспект на тоа, дека е природно да се очекува да постои емоционален однос на наклоност и ненаклоност меѓу одделни членови не само во групи на младите,но

и во групи на возрасни и дека, со оглед на ова, е реално да постојат освен овие два, и други категории на социјален статус. Постоење на емоционална наклоност меѓу сите членови на една група, во која би се разликувале само статусите - сакан и прифатен, би можело да се очекува, но секако, само во мошне ретки социјални ситуации.

Разликувањето на одделни статуси, кои може некој поединец да ги има во групата на димензијата на емоционалните односи се сведува според Звонаревиќ (1976, стр. 170), на нивно класирање во различни социометриски типови. Меѓу нив, како прв тип е таканаречената <u>ѕвезда</u>, односно член на групата кого нејзините членови најчесто го избираат.

Покрај овој статус, како посебни видови статуси во социометриската структура на групата, Звонаревиќ ги посочува уште и следните: <u>изолирани</u> - лица во групата кои никој ниту ги избира, а ниту пак ги отфрла, <u>отфрлени</u> - лица во групата кои добиваат голем број негативни избори, односно лица со кои другите членови на групата не сакаат да имаат врска, <u>заемни парови</u> - лица кои заемно се избираат, <u>тријади</u> - лица меѓу кои постои заемно избирање, <u>ланци</u> и <u>кругови</u> - лица меѓу кои има заемно избирање. Овој наведен преглед на "социометриски типови" е пред сè илустративен, затоа што ги опфаќа навистина само оние најкарактеристични позиции на поединецот во групата. Тој не е целосен, а на овој факт укажува и самиот автор, истакнувајќи дека покрај овие типови на статуси постојат уште и некои други.

Прикажувањето на овие различни категории на социјален статус, иако тие заедно не сочинуваат некој целосен систем, за нас е овде важно заради фактот да укажеме дека разликувањето на одделните видови категории на социјален статус е условено, покрај од веќе споменатите два аспекта, и од самите постапки на обработување на социометриските податоци во едно испитување. Во конкретниот случај, кај Звонаревиќ на пример, посочените социометриски типови може да се идентификуваат само врз основа на графичка обработка на податоците, позната како социограм.

За утврдување на социјалниот статус на секој член во групата, се покажало дека не е ирелевантно ни тоа, дали нивните статуси се утврдуваат во ситуација на ограничен или пак на неограничен број на избори. Како што е познато, давањето можности да се врши неограничен број на избори е едно од основните барања кое би требало да се почитува, кога се применува во едно испитување - социметриската техника. Суштината на ова барање се состои во тоа што на секој член на групата му се пружа можност да изврши толку многу и толку малку избори, колку што тој навистина би сакал. Ваквиот начин се смета дека единствено овозможува да се добие реална слика за одредени карактеристики на групата, а и за секој нејзин член. Меѓутоа, во одделни социометриски испитувања не се почитува до крај ова барање, туку се оди кон применување постапката на ограничен број на позитивни и негативни избори. Овој поинаков приод се оправдуван најчесто со фактот дека истиот овозможува полесно и побрзо прибирање на податоците и поуспешно

нивно анализирање. Од теориска гледна точка, пак, истиот е оправдуван со фактот дека постојат мали разлики во емпириските податоци кои се однесуваат на статусот на поединецот во групата, кога истиот би се утврдувал врз основа на овие два различни начини. Така, приврзаниците на постапката на ограничен избор ја оправдуваат истата, повикувајќи се на наодите на одделни испитувања во кои се добиени високи коефициенти на корелација меѓу бодовите на социјалниот статус, што е утврдуван по пат на неограничен и по пат на ограничен број на избори. Едно од тие испитувања, со кое најчесто е поткрепувана оправданоста на користењето на постапката на ограничен избор, е испитувањето на Eng i French (1948), во кое тие добиле корелација од 0,65. Но, и макар што и во други испитувања се добивани високи коефициенти на корелација, а кои најчесто варирале во опсегот од 0,60 до 0,90 - сепак, овие износи на корелации, би можело да се каже, не претставуваат сосема сигурна основа за тврдењето дека е потполно истоветно тоа, дали социјалниот статус на членовите во групата се утврдува во постапка на неограничен или пак на ограничен број на избори. Дека навистина не е оправдано да се сметаат како меѓусебно заменливи овие две постапки, тоа нешто го потврдува и податокот дека постојат промени во социјалниот статус кај одделни членови на групата кои се условени исклучиво од разликата меѓу овие постапки. Така на пример, при постоењето на корелација од 0,70 се уште остануваат како необјаснети 51 % од индивидуалните разлики во социјалниот статус. Неоснованоста за поистоветувањето на овие две постапки ја потврдуваат, исто така, наодите и на некои испи-

тувања, кои покажуваат дека овие две постапки не откриваат интерперсонални атракции во групата што се од иста јачина, трајност и стабилност. А имено, и наодите на едно истражување на Тодоровски (1974), покажуваат дека кога е интересот насочен кон согледување на интензивните, трајните и стабилните интерперсонални односи во групата, тогаш најрелевантни информации пружаат за статусот на поединците во групата оние податоци кои се засноваат на ограничениот број избори, а пак, кога е интересот насочен кон согледувања на севкупните интерперсонални односи во групата, на согледување на интерперсоналните односи во групата со различен интензитет и стабилност, тогаш најрелевантни информации за статусот на поединците пружаат податоците кои се добиваат во ситуација на неограничен број на избори. Што значи, ова испитување покажува дека интерперсоналните атракции и преференции што се откриваат во ситуациите на неограничен и ограничен број избори, не се од иста природа, во смисла на нивната јачина, трајност и стабилност. Според тоа, од ваквите наоди произлегува дека имаат право оние автори кои истакнуваат дека постои потреба да се дефинира социјалниот статус на членовите во групата не само од аспект на критериумот во однос на кој се врши изборот, туку и во однос на бројот на дозволените избори. Всушност, и суштински гледано, овие две постапки (неограничениот и ограничениот избор) не се меѓусебно заменливи, бидејки тие овозможуваат да се добиваат различно релевантни податоци за социјално-емоционалните односи во групата.

И да резимираме. Кај второиов приод станува збор за дефинирање на социјалниот статус на поединецот од аспект како тој е прифатен од членовите на групата. При неговото утврдување е неопходно да се води сметка за повеќе значајни моменти, и тоа:

а) За социометрискиот критериум во однос на кој се утврдува структурата на емоционалните односи во групата. При ова е битно социометрискиот критериум да биде доволно прецизиран и навистина значаен за членовите на групата. Ова значи, дека во испитувањето треба точно да се назначи критериумската активност во однос на која ќе ја искажуваат својата меѓусебна емоционална наклоност и ненаклоност членовите на групата.

б) Видот на социометриската постапка која е применета во испитувањето. Социометрискиот метод се применува во повеќе различни варијанти и секоја од нив на свој начин овозможува да се идентификуваат одделни видови категории на социјални статуси на членовите во групата.

в) Доследноста во почитувањето на правилото на давање можност за неограничен број на избори.

г) Големината на групата. На пример, кај групите од два члена или дијадите, можно е да се разликуваат само три различни односи: заемен позитивен оснос, заемен негативен однос и мешовит однос - каде едниот член спрема другиот покажува позитивен однос, а другиот пак спрема првиот негативен однос. Додека пак кај групи кои ги сочинуваат повеќе членови можно е да се дефинираат повеќе различни видови категории на статуси на поединците - членови на групата.

д) Давањето можност изборот да се врши или само внатре меѓу членовите или пак и на членовите кои припаѓаат и на други групи во еден колектив. Дали изборот во оваа смисла ќе се ограничува само на групата или пак не, тоа зависи во прв ред, од целите на самото испитување.

г) Видот на постапката што се користи за обработување на социометриските податоци. Графичките постапки, на пример, даваат една можност за разликување на одделни видови категории на социјален статус, а квантитативните постапки пак пружаат други можности. На пример, социограмот овозможува статусот на поединците да се опишува зависно од квалитетот на социјалниот однос што го остварил секој од нив во групата, а индивидуалните социометриски индекси овозможуваат пак статусот да се определува како различен степен на прифаќање или отфрлање на поединецот од страна на членовите на групата.

Според тоа, најопшто може да се каже, дека утврдувањето на социјалниот статус на членовите во групата, по правило, треба секогаш да се поврзува со определена критериумска активност, а дека можноста за идентификување и диференцирање на одделни категории на социјален статус е условена од специфичноста на применатата социометриска постапка, од почитувањето на определени правила при испитувањето, како и од самите методи кои што се користат за обработување на добиените социометриски податоци. Од овие причини е и можно да се говори за разновидни категории на социјален статус, преку кои би се опишувал, гледано

од овој аспект, системот на емоционалните односи во групата.

## 2.4. Стабилност на социјалниот статус

Веќе истакнавме дека може да се разликуваат повеќе видови социјални статуси на членовите во групата кои е можно да се утврдуваат на различен начин. Така на пример, во оваа смисла е можно да се зборува за лица популарни во групата, лица кои имаат низок социјален статус и слично.

Овде, покрај тоа, за нас централно прашање претставува, дали одделните видови на социјален статус на членовите во групата се менуваат или пак не се менуваат со тек на времето. Или поконкретно, дали поединците што имаат поволен или пак неповолен социјален статус, задржуваат ист таков социјален статус во подолг временски период од функционирањето на групата. На пример, дали е можно да се очекува дека ученикот кој имал најповолен социјален статус во паралелката во петто одделение, да има исто така најповолен статус во неа и во шесто, па и во седмо одделение ? Што значи, прашање е, дали социјалниот статус покажува одредена стабилност ?

Во врска со ова, наодите на социометриските испитувања покажуваат дека социјалниот статус на поединецот во групата е релативно стабилен. Релативно се ретки некои поголеми промени во поглед на социјалниот статус - истакнува Херлок (19..,стр. 323). Со исклучок на ситуацијата, кога некоја група е во фаза на формирање, кога нејзините членови се уште доволно не се познаваат меѓу себе, во другите фази на функционирањето на групата

постои тенденција на зачувување на социјалниот статус. Освен тоа, е утврдено дека оваа тенденција се повеќе е изразена со зголемувањето на возраста на единката, односно, дека кај децата од постара возраст постои поголема стабилност на социјалниот статус, во однос на помалите деца. Некои автори, тргнувајки од наодите на одделни испитувања, дури истакнуваат дека скоровите преку кои се искажува социјалниот статус се исто толку константни, колку што се и скоровите на тестовите на интелигенцијата и тестовите на знаење (Н.М.Evans, 1964, стр. 124). Исто така е утврдено дека постои поголема стабилност кај поповолните и кај помалку поволните социјални статуси на членовите во групата, во споредба со средно поволните. Во оваа смисла испитувањата покажуваат дека постои поголема веројатност да го задржат истиот социјален статус оние лица кои имаат висок или низок социјален статус, отколку оние со просечен социјален статус.

Стабилноста ја посочуваат како карактеристика на социјалниот статус и други автори. Така на пример, Sorenson (1964), повикувајќи се на наодите на Л. Кенон и на други автори, истакнува дека постои тенденција на зачувување на ист социјален статус кај повеќето членови на групата и тоа во подолг временски период, од неколку години. Како доказ за ваквето тврдење Sorenson наведува неколку коефициенти на стабилност, кои имале повисока вредност од 0,70.

Релативната стабилност на социјалниот статус се објаснува со фактот дека тешко се менуваат впечатоците што ги имаат членовите на групата едни спрема други. Така искуството,

а и наодите на некои испитувања покажуваат дека е потребен долготраен процес, за да се јави определена наклоност кон некој член, кој ја изгубил симпатијата меѓу членовите на групата. Од друга страна, правени се и обиди за подобрување на социјалниот статус на поединецот во различни видови социјални групи, па и во училишни групи. Таквите обиди, главно, ја потврдуваат можноста дека социјалниот статус може да се подобрува.

Што се однесува на училишните групи, обиди се правени во две насоки, и тоа: прво,во насока на менување на ставот на учениците во групата спрема поединецот, и второ, преку пружање на определена помош на самиот ученик, кој има неповолен социјален статус. Во првиот случај, обидите се состојат во тоа што, за групата се создаваат такви ситуации што пружаат можност на учениците подобро да го запознаат и согледаат во поповолно "светло" ученикот со неповолен социјален статус. За остварување пак на ваквата цел, се избирани социјални ситуации во кои ученикот треба да соработува со други ученици, или пак таа цел е остварувана, на пример, со менување на распоредот на учениците во училницата, со ротирање на учениците - водачи за разновидни групни активности, со организирање на групни дискусии низ кои се развива поголема меѓусебна толерантност на учениците и слично. Во вториот случај пак, обидите се состојат во тоа што му се укажува помош на ученикот да го корегира неговото однесување, да стекне поголема доверба во себе и да го промени ставот спрема себе и спрема групата и групните активности. Пружањето на овој вид помош, се покажало дека има,исто така, значајна улога за подобрување на социјалниот статус на поединецот во групата.

## 2.5. Фактори на социјалниот статус

Досега се запознавме со три мошне значајни аспекти на социјалниот статус, и тоа: прво, што е социјален статус на поединецот во групата, второ, какви сè категории на социјален статус може да имаат поединците во групата, и трето, колку социјалниот статус на поединецот е навистина стабилен. Во овој дел, пошироко се осврнуваме врз прашањето за факторите на социјалниот статус. Или поконкретно речено, овде посебен акцент ставаме врз прашањето, кои се факторите од кои зависи социјалниот статус на поединците на димензијата на емоционалните односи во групата?

Најопшто кажано, одговорот на ова прашање обично се сведува на една општа констатација - дека социјалниот статус на поединецот во групата е условен од повеќе фактори, т.е. дека е тој многустрано детерминиран. Меѓутоа, иако е ова општо прифатен факт, сепак, авторите кои се занимаваат со прашањата од оваа област се разидуваат меѓу себе, како во однос на потенцирањето на различен број на значајни фактори, така и во однос на објаснувањето на нивното дејство. Но, за да се сфати суштината на присутните разидувања, потребно е, пред сè, да се каже нешто повеќе и за самата појава на јавувањето на емоционална наклоност и ненаклоност и за факторите што неа ја условуваат.*)

---

*) Подетално за ова, види: T.L. Huston, Foundations of Interpersonal Attraction, Academic Press, New York, 1974 и N. Rot, Socijalna interakcija I, Društvo psihologa SR Srbije, Beograd, 1978.

Рот (1978) анализира повеќе дефиниции, во кои се одредува значењето на поимот "наклоност". Една од нив, за која Рот, вели дека била долго време користена во проучувањето на појавата на наклоност, е Њукомбовата, според која, под наклоност се подразбира секоја непосредна позитивна или негативна ориентација на некое лице спрема друго лице. Слично на ова, Бејрон и Бирн наведуваат дека наклоноста е позитивна или негативна евалуација на некое лице (според: Рот,1978). За овие и другите слични на нив дефиниции, Рот со право истакнува дека се недоволно прецизни, бидејќи тие навистина ништо не кажуваат за психолошката суштина на наклоноста, а со тоа и овозможуваат под ист поим да се опфаќаат повеќе видови на позитивни и негативни односи меѓу луѓето. Укажувајќи на ова, Рот смета дека би било поадекватно наклоноста да се сфати како "позитивен персонален став во кој доминира афективната компонента, сфатена како систем на чувства - сентимент" (1978, стр. 170).

Исто така, како став ја третира атрактивноста (наклоноста) и Huston (1974, стр. 11). Според него, атрактивноста е став кој вклучува во себе три компоненти: а) евалуативна компонента, која се однесува на квалитетот и интензитетот на чувствата спрема друго лице, односно афективна компонента (заб.Рот, 1978), б) когнитивна компонента, која се однесува на верувањето за одредени карактеристики на некое друго лице, како и на когнитивните процеси преку кои тие верувања се развиваат, и в) бихејвиорална (манифестна) компонента, која се однесува на тенденцијата на приближување или избегнување на некое лице, како и на начинот

на кој таа тенденција се манифестира. Склопот на чувствата, верувањата и однесувањата обезбедува, како што вели Huston, сеопфатен опис на ставот што се има кон некое лице. И навистина е оправдано да се каже дека наклоноста е сложена појава која е составен дел на социјалното однесување на поединецот. Со тоа што таа се определува како вид персонален став, се овозможува, всушност, нејзино разграничување од некои други односи меѓу луѓето, како што е тоа на пример, перцепирањето или пак евалуацијата на други лица. Со ова, исто така, се овозможува да се зборува и за различни видови на наклоност во разновидни социјални односи, на пример, за мајчинска оданост кон детето, сексуална привлечност или наклоност кон лица од спротивен пол, за другарство меѓу две или повеќе лица, наклоност како помал или поголем степен на симпатија и т.н.

Слично како наклоноста, и ненаклоноста е сложена појава, која е исто така, составен дел на социјалното однесување. За разлика од наклоноста, ненаклоноста е нагативен персонален став спрема некое лице (Рот, 1978, стр.205). Таа претставува став, кој се разликува од другите персонални ставови, според содржината на трите основни компоненти: когнитивната, афективната - која е доминантна и чија содржина ја претставува системот на емоции во кој преовладуваат негативни чувства и конативната компонента.

Кога зборуваат за прашањето на факторите кои се значајни за појавата на наклоност или пак ненаклоност, многу автори нив ги сведуваат на две основни групи. Едната ја сочинуваат, според

нив, оние фактори кои непосредно влијаат врз нивното јавување, а автората, оние фактори кои влијаат врз тоа, предизвиканата наклоност или ненаклоност да се манифестира во помал или поголем степен.

На ист начин и Рот (1978) ги групира овие фактори. За првата група тој зборува како за извори и детерминанти на наклоноста и ненаклоноста, а за втората пак, како за услови кои влијаат врз степенот на нивното манифестирање.

Во својот кус преглед за факторите на емоционалната наклоност и ненаклоност, Рот посебно се осврнува на значењето на следните фактори од првата група: сличноста меѓу луѓето, позитивните и негативните евалуации, личните карактеристики, манифестирањето на наклоност и ненаклоност, кооперацијата и компетицијата, одредени постапки на луѓето и на фрустрацијата - како извор за јавувањето на ненаклоност. Додека пак од потенцијално бројните услови кои влијаат врз интензитетот на манифестирањето на наклоноста и ненаклоноста, како позначајни ги истакнува физичката близина и емоционалната состојба.

Зборувајќи за детерминантите на наклоноста, Рејвен и Рубин (B.H. Raven и J. Z.Rubin ) ги потенцираат како значајни седум различни фактори и тоа: персоналните карактеристики или цртите на личноста на некое лице, чувството на заедништво, наклоноста на некое лице спрема друго лице, материјалната корист која се ветува или очекува од некого, познанството и чувството на сигурност кое постои заради тоа, оправдувањето на нечии напори

и редуцирањето на дисонанцата на таков начин и, конечно, улогата на евалуациите искажани спрема некое лице од страна на друго лице. (Спрема: Рот, 1978, стр. 172).

За разлика од ова, има автори кои зборуваат само за два фактори на наклоноста - сличноста на ставови, вредности и цели и комплементарност на потреби. Gahagen (1978), на пример, како посебно значајни фактори на интерперсоналното привлекување ги истакнува: принципот на сличност, комплементарноста на потреби, очекувањето на корист или штета од некое лице и некои "непсихолошки" фактори - физичката близина и други.

Од втората група фактори најчесто се потенцираат како значајни: физичката близина на лицата, емоционалната состојба (позитивното и негативно расположение) и одредени ситуациони и социјални услови. Покрај овие две спомнати групи на фактори, истражувањата покажуваат дека постојат и некои други сосема специфични фактори, на пример: успех и неуспех, стекнат углед и слично.

Факторите на наклоноста и на ненаклоноста понекогаш се разграничуваат и групираат во зависност и од приодот кој се применува за нивно идентификување. Во оваа смисла се зборува, исто така, за две групи фактори, една за која е карактеристичен приодот на утврдување специфичното дејство на одделни фактори по емпириски пат, и втора, каде факторите се сфаќаат во поширока смисла, како општи принципи на објаснување, кои се разгледуваат во рамките на одделни теории. Од групата на емпириски верификуваните фактори, како најзначајни и најмногу испитувани се иста-

кнуваат: факторот на сличност, манифестирањето на наклоност и ненаклоност, позитивните и негативните евалуации, одредени лични карактеристики и физичката близина. Кај вториот приод, за кој е карактеристично дека претставува обид на објаснување на специфичното дејство на одделни фактори со помош на некој општ принцип, постојат, според Baron и Byrne (1977) две општи теориски концепции во психологијата - бихевиористичка и когнитивно- гешталтистичката.

Според бихејвиористичката теорија дејството на секој конкретен фактор се објаснува со принципот на задоволство, а наклоноста и ненаклоноста - како облик на однесување кој се стекнува со учење по пат на условување. На пример, користејќи го овој модел авторите на следниот начин го објаснуваат делувањето на одредени фактори. Сличноста во ставовите предизвикува наклоност, затоа што на таков начин, сознавајќи дека и други имаат исти ставови како и ние, се стекнува убедување дека нашите ставови се добри и валидни. Сличноста во особините на личноста предизвикува кај нас наклоност, бидејќи тоа овозможува да бидеме задоволни сами со себе. Или на пример, комплементарноста на потребите доведува до јавување на наклоност, затоа што со тоа се овозможува нивно задоволување и кај двете лица. На ист начин, со принципот на задоволство, по оваа теорија, се објаснува дејството и на останатите фактори.

Кај когнитивно-гешталтистичката концепција пак, како основен принцип на објаснување се зема принципот на рамнотежа, а како основен механизам на учење, учењето по пат на когниција. Со принципот на рамнотежа, кој претставува кај овие теории универзален прин-

цип на објаснување на однесувањето на луѓето воопшто, се настојува да се објасни дејството на одделните специфични фактори на наклоноста. На пример, факторот просторна близина е значаен за јавувањето на наклоност, бидејќи на таков начин се овозможува да се согледа постоењето на сличноста и да се доживее рамнотежа. Или пак, постапките на едно лице, кои се во полза на друго лице, предизвикуваат наклоност спрема него, бидејќи со тоа се воспоставува складност меѓу нивните постапки и чувства. Приврзаниците на оваа концепција се обидуваат со принципот на рамнотежа да го објаснат дејството и на другите фактори.

Теориите на интерперсоналната атрактивност нешто на поинаков начин ги групираат **Secord и Backman (1974)**. Тие зборуваат за две мошне широки групи на теории: а) теории кај кои привлекувањето се сфаќа како ефект кој резултира од карактеристиките на лицата кои воспоставуваат интеракциски дијадичен однос, и б) теории кои оваа појава ја објаснуваат како резултат на размената на корист и штета при остварувањето на интеракциски однос. Кај првата група теории, како примарен услов за појавата и развојот на наклоноста, едни автори го земаат принципот сличност (сличност меѓу лицата кои се во интеракција), а други автори пак, принципот на комплементарност на потреби. Во објаснувањето на оваа појава, се добива впечаток како едни од нив да се раководат од поговорката дека "секоја птица лета кон своето јато", а други пак од изреката дека " спротивностите се привлекуваат". Авторите кои го застапуваат принципот на сличност се разликуваат меѓу себе во однос на тоа, како

тие објаснуваат, зошто сличноста предизвикува наклоност. По мислењето на некои од нив, наклоност се развива затоа што сличноста доведува до рамнотежа, според други, затоа што оние кои се слични меѓу себе полесно обезбедуваат размена на награди, а според трети, затоа што сличноста овозможува да се предвидува дали некое лице може да се сака, односно дека постоењето на можноста за предвидување доведува до појава на наклоност. Меѓу теориите кои објаснувањето на интерперсоналната атрактивност го базираат врз процесите на интеракцијата, познати се четири различни пристапи: Еден од нив претставува оној според кој наклоноста се објаснува како функција на консен-зуалната валидација, втор, според кој, наклоноста се сведува на редукција на дисонанца (L. Festinger), трет, по кој наклоноста се објаснува како функција на условувањето и поткрепувањето ( D.Byrne) и четврт, каде наклоноста се сфаќа како функција на односот што резултира од размената на корист и штета ( G.Homans, J.Thibaut и H.Kelley). Според последниов пристап се смета дека користа и штетата претставуваат основа за јавувањето на наклоност и ненаклоност. Оние лица со кои не поврзува некаква корист или некакво задоволство предизвикуваат наша наклоност спрема нив, а оние пак, кои ни причинуваат некаква штета, бол или пак непријатност, предизвикуваат наша ненаклоност. Ние ги сакаме или пак не ги сакаме некои луѓе зависно од тоа дали тие нам ни причинуваат задоволство или пак не оневозможуваат во нашите цели.*)

*) Подетално за теоретските објаснувања на интерперсоналното привлекување, види: а) T.L.Huston (Ed.), Foundations of Interpersonal Attraction, Academic Press, New York, 1974 i б) B.Murstein (Ed.), Theories of Attraction and Love, Springer Publ., New York, 1971.

Факторите што ја условуваат емоционалната наклоност меѓу луѓето, според нивното потекло, може да се групираат во три групи и тоа: а) персонални фактори (ставови, вредности, цели, начини на однесување и други физички и психички особини), б) социјални фактори( класна припадност, кооперативен и компетитивен однос, видови на социјална интеракција - пријателство, брачна врска и слично), в) ситуациони фактори (просторна близина, извесност и неизвесност на ситуацијата и т.н.).

Во испитувањата од оваа област засега најголемо внимание е обрнувано врз проучувањето и согледувањето дејството на одделни персонални фактори. Наодите на одделни испитувања покажуваат дека овие фактори можат да се јават како непосредни чинители на наклоноста и ненаклоноста на повеќе начини.

1. Како базични извори на наклоноста и ненаклоноста. Така на пример, карактеристичната потреба на човекот за афилијативност и афективна врзаност ја истакнуваат повеќе автори како основен извор на наклоноста, а тенденцијата за агресивно однесување - како извор на ненаклоноста.

2. Личните особини претставуваат значаен фактор на наклоноста заради постоењето на сличност меѓу луѓето во одделни особини. Принципот на сличност е најчесто проучуван како механизам преку кој е објаснувано дејството на овие фактори. Вистинската и оценетата сличност меѓу луѓето е најмногу проучуваната и најчесто испитуваната детерминанта на наклоноста. Сличност меѓу луѓето може да постои во однос на различни белези: сличност во одделни физички и психички карактеристики, сличност на цели и интереси, или уште пошироко, сличност во поглед на заедничките

услови на живеење, со оглед на припадноста на иста класа, или социјално економски слој, иста етничка група, или пак, на иста категорија на луѓе, по занимање, образование, возраст и т.н. Сите овие видови на сличност можат да предизвикаат заемна наклоност меѓу луѓето. Пријателските групи често пати ги сочинуваат луѓе кои се слични по своите ставови, кои се од иста етничка група, од иста професија и слично. Луѓето кои се стремат кон остварување на исти цели, на пример, приврзаниците на некое движење, се чувствуваат блиски меѓу себе и толку повеќе наклонети меѓу себе колку повеќе се ангажираат за остварувањето на поставените цели. Меѓутоа, од сите видови на сличност, што може да постојат меѓу луѓето, се смета дека сличноста во ставовите и вредностите претставува главна детерминанта на наклоноста. Голем е бројот на истражувањата во кои е утврдено дека постои поврзаност меѓу сличноста во ставовите и вредностите - како вид варијабла и наклоноста - како друга варијабла. Таков однос на поврзаност меѓу овие варијабли е утврден, на пример, во испитувањата на Њукомб (T.Newcomb,1961), Харгрифс (D.Hargreaves,1974),Мурстен (B.I.Murstein,1971), Хофман и Маер (Hoffman и Maier , 1966), Шуковиќ (1978) и други, и секако, нивен висок степен на поврзаност е утврден во бројните испитувања на Бирн ( D.Byrne,1961), кои се изведени во строго контролирани услови, а во кои била користена техниката на "непознато лице". Од друга страна пак , противречноста во ставовите е извор на ненаклоност. И самото искуство покажува дека лицето кое манифестира противречни ставови на нашите, предизвикува кај нас непријатни чувства и доведува до ненаклоност спрема него.

Дејството на сличноста во ставовите и вредностите врз јавувањето на наклоноста е зависно од различни услови и околности. Во испитувањата во кои е проучувана улогата на одделни услови, е утврдено покрај другото, дека степенот на пројавената наклоност зависи од бројот на сличните ставови, а уште повеќе, од пропорцијата на сличните ставови спрема останатите несличени ставови (наклоноста е поголема доколку постои поголема сличност во ставовите во однос на оние кои не се слични). Утврдено е исто така, дека за јавувањето на наклоноста поголема улога има оценетата (забележаната) сличност од вистинската сличност. Верувањето дека некое лице е слично е поважно од вистинското постоење на сличноста (Рот, 1978, стр.176).

Сличноста во ставовите е фактор на наклоноста којшто, какошто покажуваат испитувањата, има поголемо значење во времето на првото познанство - при првите импресии, отколку подоцна во другите стадиуми на постоењето на меѓусебната наклоност. Дали и во кој степен сличноста во ставовите ќе се јави како детерминанта на наклоноста, тоа зависи и од самата констелација на овој фактор со другите фактори на наклоноста: од тоа како себе се оценува лицето кај кое се испитува постоењето на наклоност, од функцијата на односот што го остваруваат лицата и од значењето на сличните ставови што им го придаваат самите лица (B.Murstein, 1971, стр.10).

Повеќе автори истакнуваат дека врската меѓу сличноста и наклоноста е често-пати заемна, т.е. дека сличноста влијае врз јавувањето на наклоност, но и дека наклоноста ја условува сличноста. Оваа заемна условеност се илустрира, на пример, со фактот

дека оние кои ги оценуваме како слични на себе повеќе ги сакаме од оние кои ги оценуваме како различни, а и дека оние кои кои сме наклонети ги оценуваме како послични на себе отколку што, всушност, тие се. Што значи, при проучувањето на овој однос можно е сличноста да се набљудува и согледува како причина за јавувањето на наклоност, но исто така, и како последица на постоењето на одредена меѓусебна наклоност.

Во врска со прашањето, зошто сличноста доведува до јавување на наклоност, постојат неколку толкувања. Прво, тоа се објаснува со фактот, дека кај човекот постои тенденција за обезбедување на целовност на своите ставови спрема предметите и луѓето, т.е. тенденција на одржување на еден вид когнитивна складност. Примерот, Милан сака да оди на училиште, Милан го сака Јован, но Јован не сака да оди на училиште, покажува вид когнитивна нерамнотежа. Во ваква ситуација, за да би се одржал односот на заемна наклоност би морало да дојде до промена на ставот спрема училиштето или кај Милан или кај Јован. Нивната врска може да се одржува само ако меѓу нив постои согласност во ставовите. Но, ако тоа го нема, нивното пријателство би било во таков случај под притисок, кој ќе ги тера или да воспостават рамнотежа - со тоа што ќе изградат исти ставови, или пак да го раскинат пријателството. Според едно друго становиште, што го застапуваат некои бихевиористички ориентирани психолози, како главна причина се истанува тоа, дека секое несогласување само по себе предизвикува напрегнатост и непријатни чувства, а согласувањето пак пријатност и задоволство. Задоволството што произлегува од сличноста е причина за јавувањето на наклоноста. Лицето кое има сли-

чни ставови со нас, предизвикува чувство на пријатност и затоа спрема него се јавува кај нас однос на наклоност. И најпосле, според едно трето становиште, оваа присутна поврзаност се објаснува со потребата на човекот за проверување на своите ставови и своето мислење. Поврзувајќи се со истомислениците, човекот настојува да ја провери вредноста на сопствените ставови. Сличноста во ставовите и вредностите предизвикува наклоност, бидејќи човекот на таков начин, сознавајќи дека и други исто мислат, се уверува дека неговите ставови се добри и исправни.

3. Комплементарност на потреби. Одделни персонални карактеристики можат да се јават понекогаш како фактори на заемна наклоност, не заради постоењето на нивна сличност, туку на нивна комплементарност. Она што доведува до заемна наклоност се првенствено различните особини, а не сличните особини, односно комплементарноста на потребите, а не нивната сличност. Луѓето ги привлекуваат оние лица кои ја дополнуваат нивната личност. На пример, некое лице кое сака да доминира го привлекува и се здружува со лице кое е субмисивно. Или пак лице кое има развиена потреба да се грижи и да заштитува други, остварува позитивен однос со лице кое има потреба да биде заштитувано. Комплементарноста се јавува навистина како фаткор на наклоноста, но само во случај - како што покажуваат испитувањата, при нејзино постоење во поглед на значајни конативни особини на личноста, а особено во поглед на некои основни потреби, кои се оценуваат како важни од лицата кои се наоѓаат во одреден социјален однос, на пример, во брак. Комплементарноста на потребите е причина за

јавуањето на наклоноста, бидејќи на таков начин се обезбедува максимално задоволување на потребите и на двете лица. Доказите за значењето на овој фактор потекнуваат, главно, од испитувањата што ги извршиле Винч, Ктсана и Ктсана (R. F. Winch,T.Ktsanes и V.Ktsanes, 1954).

4. Важност на личните особини за остварување на групните цели. Поседувањето на одделни лични особини може да претставува и на еден друг начин фактор на наклоноста или на ненаклоноста. Личните особини, кои во одредени ситуации придонесуваат за поуспешно остварување на групните цели, се јавуваат како значаен фактор на наклоноста, а оние пак, кои тоа нешто го попречуваат, претставуваат извор на јавувањето на наклоност спрема лицата кои поседуваат такви особини. Во прилог на ова говорат наодите на некои испитувања. Така на пример, Хофман и Маер утврдиле дека во групи кои се обидуваат да постигнат некои цели во натпреварувачки обоен амбиент, способностите имале важна улога за јавувањето на наклоноста, а не сличноста во одделни лични особини(Спрема: B.Murstein,1971).

5. Поседување на пожелни и непожелни особини . Некои лични особини може да предизвикаат неклоност или ненаклоност во зависност и од тоа, дали тие се оценуваат како позитивни или пак како негативни особини во една определена средина. Според тоа, логично е да се претпостави дека лицата кои поседуваат особини кои посебно се ценат од луѓето, се оценуваат како поатрактивни, во споредба со оние кои поседуваат непожелни особини. Во оваа смисла, правени се обиди за емпириска верификација на оваа врска. Со таква цел е извршено и едно испитување на Андерсон.Тој

од своите испитаници барал да назначат колку би го сакале или не би го сакале некое лице кое би поседувало секоја од 555-те особини, кодну што биле на еден список.Наодите на ова испитување покажале дека како најсакани биле оценувани оние лица кои би ги поседувале особините: искрен, чесен, покажува разбирање за другите, лојален, сигурен, вистинољубив, интелигентен, внимателен и несебичен, а пак, како најмалку сакани оние лица кои би ги имале особините: невоспитан, подмукол, лажлив, нечесен, злобен и други. Определен број на особини некои од испитаниците ги означиле како приближно позитивни, а други испитаници - како приближно негативни. На пример, такви различно означени особини биле: мирен, импулсивен, непредвидлив, срамежлив и т.н. Најголем број од испитуваните се искажале дека луѓето ги прават привлечни особините: искреност, чесност, сигурност, а непривлечни особините: лажливост, подмуклост и нечесност (спрема:Н. Рот, 1978). Слични резултати на овие се добиени и во едно испитување што било извршено со студенти по психологија на Филозовскиот факултет во Белград. Како позитивни особини кои предизвикуваат наклоност студентите ги наведувале најчесто особините: интелигентен, искрен, чесен, сигурен и внимателен спрема другите, а како негативни кои предизвикуваат ненаклоност, биле особините: лажлив, подмукол, злобен, окрутен и лаком (Н.Рот,1978).

Од повеќето лични особини посебно за јавувањето на наклоност се нагласувани како значајни интелигенцијата и физичкиот изглед, односно физичката привлечност. Повеќе истражувања покажуваат дека интелигенцијата и талентираноста во одделни специфични области се особини кои позитивно се евалуираат и кои

предизвикуваат наклоност. На пример, социометриските испитувања покажуваат дека оние ученици кои се вреднуваат како интелигентни и постигнуваат најдобар успех во учењето или се истакнуваат со своите способности во одделни секции на слободните ученички активности (добри рецитатори и слично), претставуваат најчесто лица кои добиваат голем број позитивни социометриски избори од соучениците. Дури и се покажува како правило тоа, дека таквите ученици не ја губат својата популарност и тогаш кога ќе направат некаков престап. Овие особини, меѓутоа, во секој случај не предизвикуваат јавување на наклоност. На пример, можне интелигентниот ученик нема да предизвика наклоност спрема себе кај некој ученик, кој оценува дека заради него тој ги губи своите изгледи да биде најдобар. Дали овие особини ќе предизвикаат наклоност, тоа зависи, и од особините на лицето кое ја оценува туѓата интелигентност, како и од некои други услови и околности.

Физичкиот изглед се истакнува, исто така, како фактор на наклоноста. Факт е дека луѓето манифестираат различен емоционален однос спрема други луѓе, во зависност од нивниот физички изглед, односно во зависност од тоа дали нив ги оценуваат како физички атрактивни или неатрактивни лица.

Физичкиот изглед на луѓето е фактор кој влијае врз воспоставувањето на многу односи меѓу луѓето, а особено врз развивањето на емоционалниот однос. Лицата кои се физички атрактивни, не предизвикуваат само наклоност кај други лица, туку другите нив ги оценуваат како личности со пожелни особини, во споредба со оние кои не се физички атрактивни. На пример, наодите на едно

испитување покажале дека за разлика од физички неатрактивните лица, физички атрактивните биле оценувани како: пољубезни, посрдечни, поинтересни, поврамнотежени и слично. Физичката привлечност, како што тоа покажува и самото искуство, претставува навистина фактор на наклоноста. Тоа нејзино дејство се објаснува, пред сè, со претпоставката дека физичката атрактивност предизвикува наклност, затоа што оваа особина најчесто се поврзува со оценката за постоење на одредени социјално пожелни особини, а освен тоа, и со фактот дека уште од најраната возраст на децата им се потенцира убавиот изглед како нешто што е посебно вредно.

6. Манифестирање на наклоност и ненаклоност. Манифестирањето на позитивен или на негативен однос на некое лице спрема друго лице се смета, исто така, дека претставува мошне значаен персонален фактор на наклоноста и ненаклоноста. За придобивањето на нечија наклоност значајна улога има и манифестирањето на наша наклоност спрема него. Искуството во оваа смисла дури и поучува дека, ако се сака да се придобие нечија наклоност, најдобро се успева во тоа ако се покажува сопствената наклоност спрема него.

Наклоноста спрема некое лице може да се искажува на различни начини и со различна зачестеност. Таа може да се манифестира на невербален и вербален начин. На невербален начин, на пример, наклоноста може да се искажува со насмевнување на лицето - со што се става до знаење на друго лице дека она што го зборува е мошне интересно, со климање на главата како знак на одобрување и слично. А пак, на вербален начин таквиот однос би можел да се искажува, на пример, преку давањето на позитивни

оценки за негови квалитети, постапки и однесување, преку оддавање признание на она што го прави и постигнува, преку водењето разговор за работи што посебно го интересираат, како и на други начини, со кои се настојува лицето да стекне убедување дека истото посебно се уважува и цени. За здобивањето на нечија наклоност не е неопходно, како што покажуваат испитувањата, наклоноста да биде насочена директно спрема лицето. Наклоност од некое лице може да се придобие и според правилото, пријателот на мојот пријател е мој пријател, или пак, непријателот на мојот непријател е мој пријател. Што значи, со искажувањето на наклоност спрема блиските пријатели на некое лице, или со насочувањето на ненаклоноста спрема неговите огорчени непријатели е можно, исто така, да се придобие нечија наклоност. Важноста на овој персонален фактор на наклоноста и ненаклоноста е потврдена во повеќе испитувања. Така на пример, Baron и Byrne, утврдиле дека степенот на наклоноста што ја манифестирале испитаниците се менувал во зависност од тоа дали "лажниот" туѓинец имал спрема нив позитивен или пак негативен став (Спрема: B.Murstein,1971).

Дали манифестирањето на нечија наклоност спрема некое лице ќе предизвика јавување на возвратена наклоност и во кој степен таа ќе се пројави, тоа е условено од повеќе околности, зашто самиот однос не е така едноставен, како што тоа на прв поглед се чини. Начинот како ќе реагира некое лице на искажаната наклоност спрема него, искажана било директно или пак индиректно, е обусловен од значењето што лицето и го придава на искажаната наклоност, од тоа како ја оценува намерата на

оној што ги соопштува позитивните или негативните оценки, како и од зачестеноста, валидноста на оценките и распоредот на давањето на позитивните и негативните оценки. Исто така, испитувањата покажуваат дека реагирањето на некоја искажана наклоност, зависи и од тоа, какви особини има лицето кое ја искажува наклоноста - на пример, дали е тоа компетентна или некомпетентна личност, а и од особините на лицето кон кое се искажува наклоноста - на пример, дали е тоа лице кое е сигурно во себе или пак не е. Од се ова произлегува дека повеќе услови влијаат врз тоа, дали некое лице кое пројавува према нас наклоност, ќе биде сакано или пак не. Во врска со прашањето, зошто манифестирањето на нечија наклоност спрема нас доведува до јавување на наша наклоност спрема него, се наведуваат повеќе причини како важни. Прво, како причина за оваа појава се истакнува присутното очекување дека оние за кои оценуваме дека не сакаат и почитуваат би можеле да ни бидат од корист. За такви лица кај нас постои уверување дека тие ќе не поддржуваат и дека врз нив можеме да се потпреме за нешто ако се укаже потреба. Втората причина се гледа во фактот, што оценката дека нас некој не сака значи наша афирмација. Лицата што ни се наклонети, со прифаќањето на нашите ставови, ни овозможуваат нам да се увериме во исправноста на она што го мислиме. И трето, што се смета како причина е тоа, дека ваквиот однос овозможува задоволување на повеќе потреби, на пример, на потребите за афективна врзаност и афилијативност, потребата за сигурност, потребата за да ни се оддава признание од страна на други лица, а и на некои други потреби. Пружањето можност преку ваквиот однос да се задоволуваат поголем

број типични човечки потреби, се наведува дека всушност претставува основна причина зошто туѓата наклоност, која се искажува на различни начини спрема некое лице, доведува до јаување на возвратена наклоност.

На ист начин може и ненаклоноста да биде предизвикана од манифестирањето на нечија туѓа ненаклоност. Наша ненаклоност спрема некое лице може да се јави и како последица на тоа, дали тоа лице нас негативно не оценува и дали спрема нас покажува ненаклоност. Негативното оценување на одредени особини нема еднакво дејство врз јавувањето на ненаклоност. Поголемо дејство тоа има во случај ако негативно се оценуваат оние особини кај некое лице кои тоа ги смета како мошне позитивни, отколку ако тоа се однесува на особини кои се сметаат како ирелевантни или пак за кои постои сознание дека се тоа навистина негативни особини. На пример, очигледно е дека поинтензивна непријатност и негодување се јавува кај некое стручно лице ако нему му се каже дека не ја познава својата струка, отколку да му се рече дека не е доволно лојален. Какво дејство ќе имаат негативните оценки, тоа нешто е условено не само од фактот како се оценува лицето кое нив ги искажува - компетентно или некомпетентно, близок пријател или непознато лице, туку и од социјалната ситуација во која тие се искажани и од тоа дали таквите оценки се однесуваат на особини кои посебно се ценат или не во одредена средина. За јавувањето на нечија ненаклоност важна улога има и манифестирањето на ненаклоноста спрема него од страна на друго лице. Дали ваквиот однос ќе предизвика ненаклоност и со каков интензитет таа ќе се јави, тоа нешто е условено, исто така, од повеќе окол-

ности. На пример, тоа е условено од зачестеноста на манифестирањето на туѓата ненаклоност, од последиците кои се очекува дека таквиот однос може да ги има, од континуитетот на искажувањето на ненаклоноста, од оценките за тоа со каква намера некој ја искажува својата ненаклоност и друго.

7. Задоволување и фрустрација на определени потреби . Персоналните фактори може да имаат значајна улога за јавувањето на наклоност и ненаклоност и уште од еден друг аспект. А имено, човекот е биосоцијално суштество кое има голем број разновидни потреби. Можноста за нивното задоволување е условена понекогаш од различните интереси, постапки и однесувањето на други луѓе. Луѓето во определени ситуации можат да се јавуваат како објекти кои на одреден начин го овозможуваат или го оневозможуваат задоволувањето на одредени потреби кај некое лице. Попречувањето на задоволувањето на мотивите, односно фрустрацијата што е причината од страна на некое лице, се смета дека е најзначен фактор на ненаклоноста. Фрустрацијата на мотивите претставува главна причина за јавувањето и манифестирањето на емоционалниот однос на ненаклоност и непријателство кон некое лице, за кое се мисли дека претставува бариера. Но, дали ќе се јави однос на ненаклоност и со каков интензитет тој ќе се манифестира, тоа зависи од повеќе услови. На пример, повеќе автори укажуваат дека интензитетот на ненаклоноста кон некое лице е дотолку поголем: а) доколку тоа лице попречува задоволување на силни и важни мотиви, б) доколку тоа позачестено се јавува како причина за фрустрацијата на мотивите и в) доколку се оценува дека е тоа лице кое со својата активност во

голема мера го интерферира остварувањето на поставените цели.

Значаен услов за јавувањето на ненаклоност спрема друго лице, претставуваат исто така, и самите аспирации и очекувања на фрустрираното лице. На пример, две лица може да бидат објективно подеднакво фрустрирани и во еднаков број пати попречувани во остварувањето на еднакво важна цел, но сепак,сето тоа може кај нив да предизвика ненаклоност со различен интензитет спрема лицето кое тоа нешто го чини. Разлика во интензитетот на ненаклоноста може да се јави на пример, заради непостоењето кај нив исти очекувања во однос на остварувањето на поставената цел, или пак заради различните оценки кои тие ги оформиле во врска со тоа, со каква намера лицето нив ги фрустрира. Ако некое лице оценува, на пример, дека друго лице постапува спрема него со намера да му нанесе некаква штета или зло, таквата постапка ќе предизвика кај него интензивно негодување и непријателски однос. Ако пак, фрустративните постапки се оценуваат како нешто легитимно, нешто што важи без исклучок за сите, во таков случај, таквите постапки нема да предизвикаат ненаклоност спрема лицето кое што така постапува. На пример, нема да предизвика негодување и ненаклоност кај своите ученици оној наставник кој што еднакво се оденсува спрема секој ученик кој би направил ист престап. Повеќе примери од училишната практика покажуваат дека фрустрацијата на одредени мотиви е извор на развивањето и постоењето на нетрпеливост и непријателство меѓу одделни ученици. Социометриските испитувања, на пример, покажуваат дека како причина за нетрпеливост

меѓу двајца одлични ученици може да биде тоа што тие, на одреден начин, се доживуваат како личности кои се оневозможуваат да ја постигнат целта - најдобар ученик во одделението (како личности кои меѓусебно го осуетуваат задоволувањето на мотивот за лична афирмација). Според сѐ ова произлегува дека, дали спрема некое лице ќе се јави емоционален однос на ненаклоност, тоа зависи од оценкатадали тоа лице се смета дека претставува причина за фрустрацијата на одредени мотиви или пак не.

8. Определени лични особини и постапки можат да се јават како фактори на наклоноста и ненаклоноста и уште во зависност од тоа дали тие играат значајна улога за остварувањето добри односи меѓу луѓето или не. Искуството и наодите на некои испитувања покажуваат дека луѓето ги сакаат оние кои се толерантни во својот однос спрема другите, кои ја почитуваат личноста и достоинството на другиот и кои се одмерени во своите постапки , а дека не ги сакаат пак оние лица кои се нетолерантни, невнимателни спрема другите, груби во својот однос, и пред сѐ, најмалку ги сакаат оние кои агресивно постапуваат, односно кои се поттикнати од потребата за агресивно однесување.

9. И најпосле, некои лични карактеристики можат да имаат улога на услови од кои зависи во каков интензитет ќе се манифестира предизвиканата наклоност и ненаклоност од некои други, непосредни фактори. Таков е случајот со емоционалната состојба, која е карактеристична за некое лице. Манифестирањето на емоционалниот однос на наклоност и ненаклоност е условено, покрај другото, и од моменталната емоционална состојба на лицето. Самото искуство покажува дека ако е некој весел и расположен тој искажува поголема нак-

лоност спрема луѓето со кои доаѓа во контакт, отколку оној кој е гневен и нерасположен. Емоционалната состојба е нешто што најчесто е под влијание на различни ситуациони услови. Оттука, со право се тврди, дека сѐ она што има влијание врз квалитетот на емоционалната состојба, претставува истовремено и фактор на наклоноста и ненаклоноста. Правени се обиди за емпириска верификација на дејството на овој фактор. Така, резултатите од едно испитување покажале дека субјектите кај кои биле предизвикувани позитивни и негативни емоции - преку слушање на добри и лоши вести, проjавувале повисок, односно понизок степен на наклоност, во споредба со оние субјекти чија наклоност била испитувана во отсуство на експерименталниот фактор.

Според сѐ ова што е речено, евидентно е дека персоналните карактеристики претставуваат значаен фактор на наклоноста и на ненаклоноста, заради повеќе причини. За нив може со право да се каже дека претставуват клучни и најважни детерминанти, скоро во сите стадиуми на јавувањето и манифестирањето на ваквиот вид емоционален однос. Но, дали тие како фактори ќе остварат некакво дејство и со колкав интензитет ќе биде нивното дејство, тоа зависи, како што веќе истакнавме, од различни други фактори и околности.

Влијанието на одделни персонални фактори врз јавувањето на наклоност и ненаклоност е проучувано во бројни испитувања. За разлика од ова, дејството пак на социјалните и ситуационите фактори е испитувано во релативно мал број на испитувања. Овие фактори остваруваат свое влијание врз јавувањето на емоционалниот однос наклоност и ненаклоност на два начина- на директен и инди-

ректен начин. На директен начин, на пример, тие влијаат кога самата социјална ситуација диктира каков однос меѓу луѓето при тоа ќе се манифестира. На пример, тоа што некои луѓе припаѓаат на некоја дискриминирана група условува меѓу нив да постои поблизок однос отколку обично. Или пак на пример, постоењето на компетитивен или кооперативен однос меѓу членовите на некоја група, влијае врз развивањето на различен квалитет на емоционални односи меѓу нив. Компетицијата, како што покажуваат некои истражувања, предизвикува ненаклоност спрема оние за кои се мисли дека го оневозможуваат остварувањето на одредени желби и цели. Кооперацијата пак, кога е инструментална во однос на поставената цел, влијае врз јавувањето на наклоност спрема оние лица со кои успешно се соработува. Успешната соработка, по правило, предизвикува наклоност, а компетицијата омраза и ненаклоност, се разбира во одредени услови и околности. Оваа законитост е и експериментално потврдена, во случај дури и кога се работи за групна компетиција и кооперација. На пример, изведените експерименти од страна на Шериф (M.Sherif), покажале дека компетицијата предизвикувала зголемување на ненаклоноста и манифестирање на непријателски однос, а кооперацијата зголемување на меѓусебната наклоност и манифестирање на пријателски однос.

Индиректното дејство на социјалните фактори се подразбира во смисла на тоа што тие можат да имаат примарно значење за развивањето на одредени лични особини, кои потоа, се јавуваат како непосредни чинители на наклоноста и ненаклоноста. На пример, поединците кои припаѓаат на иста професија или ист социјален - економски

слој манифестираат меѓусебна наклоност и близок однос, затоа што тие под дејство на определени социјални услови имаат изградени слични ставови, вредности и интереси и што имаат исти цели.

Исто така, и определени ситуациони фактори имаат значајна улога за јавувањето на емоционалниот однос на наклоност и ненаклоност меѓу луѓето. Таков е случајот со факторот просторна близина. Улогата на овој фактор била проверувана во едно испитување на Фестингер и неговите соработници. Тие во своето испитување го следеле развивањето на пријателски односи меѓу студентите кои по прв пат биле вселени во еден комплекс од станови. Откако поминало извесно време од вселувањето, установиле дека пријателство било воспоставено меѓу оние студенти кои живееле во најблиските станови, односно дека 41 % имале свои пријатели од оние студенти кои станувале врата до врата, 22 % со студенти кои станувале на одалеченост од две врати, а сосема мал број имале пријатели - студенти кои станувале подалеку или на спрат. Физичката одалеченост на становите се покажало дека во овој случај одиграла важна улога во тоа, меѓу кои студенти биле воспоставени пријателски односи (Спрема: Рот, 1978). Физичката близина се смета дека има ваков ефект поради повеќе причини. Нејзиниот ефект на еден начин се објаснува со фактот, дека е оправдано да се очекува да се воспоставуваат контакти со оние кои ни се просторно блиски, а ние сакаме таквите контакти да ни бидат пријатни, па според тоа сме мотивирани соседите да ги оценуваме како лица со позитивни особини, како лица спрема кои покажуваме определена наклоност. Значи, антиципацијата на контактите придонесува за постоењето на таков однос. На друг начин, нејзиното дејство се

објаснува со истакнувањето како причина тоа, дека просторната близина претставува прилика за почести контакти меѓу луѓето, преку кое нешто се овозможува конкретно да се согледува и отстранува она однесување кое го попречува успешното комуницирање. И најпосле, како најважна причина се истакнува тоа, дека просторната близина доведува до познавство, а она што е познато влева поголема сигурност, она што е познато предизвикува позитивни емоции и придонесува за јавувањето наклоност. Бидејќи познанството резултира од честите контакти кои природно се јавуваат меѓу лицата кои се просторно блиски, логично се очекува како последица на тоа да се развијат пријателски односи меѓу лицата во една таква ситуација. Меѓутоа, не секогаш просторната близина доведува до манифестирање на однос на наклоност. Таа може исто така, да доведе и до спротивен однос, односно до нетрпеливост и ненаклоност. На пример, тоа може да се случи меѓу лица кај кои од порано постоела меѓусебна нетрпеливост или определен антагонизам на нивните интереси. Во вакви случаи, физичката близина може дури и да придонесе за зголемување на интензитетот на нивната меѓусебна нетрпеливост и манифестирање на непријателски однос.

За сите овие фактори, кои веќе се посочени, битно е дека имаат определена значајна улога за развивањето и манифестирањето на емоционалниот однос наклоност и ненаклоност, во ситуации на интеракциски однос на две лица, односно на ниво на дијади. Во извесна смисла овие фактори може да се сфатат и како детерминанти на социјалниот статус на поединецот во групи, што ги сочинуваат повеќе членови. Но, како, на кој начин се подразбира во таков случај таа нивна улога? Како што е познато, дијадичните односи претставуваат основа на групната структура. Нивниот можен број зависи од тоа, колку членови брои некоја група. Доколку една група е поголема, дотолку има повеќе можности за остварување поголем

број дијадични односи. На пример, во група која брои 10 членови, теориски е можно да се остварат и да постојат 45 дијадични односи, т.е. 45 релации на меѓусебни односи на секој еден член со секој друг член во групата. Во групите од повеќе членови, социјалниот статус на поединецот претставува еден вид резултанта на искажаниот позитивен и негативен однос од другите членови на групата спрема него. Што значи, социјалниот статус на поединецот е определен во крајна линија, од степенот на искажаната наклоност и ненаклоност на релациите што постојат меѓу него и секој член на групата. Бидејќи пак, квалитетот на меѓусебниот емоционален однос е условен од спомenатите фактори, тогаш логично е за нив да се претпостави дека тие се, всушност, исто така фактори и на социјалниот статус. Меѓутоа, со внесувањето во "игра" само на овие фактори не може целосно да се објаснат разликите во социјалниот статус на членовите на групата. На пример, со помош само на овие фактори не може исцело да се објасни, зошто некое дете во некоја група има највисок или најнизок социјален статус. Дејството на овие фактори бездруго е значајно, но не и доволно за да се објасни со него социометриската структура на групата, односно разновидната омиленост и неомиленост на одделни членови на групата. Оттука, некои автори со право ги истакнуваат како значајни и некои други фактори.

Како фактори значајни за популарноста на децата од предучилишна и од основно-училишна возраст, Херлок ги посочува следните: пол, интелигенција, здравствена состојба, надворешен изглед, "хало-ефект" на популарност, просторна близина, семејни услови, социјално-економски статус, увидување на социјалните односи и степен на

прилагодување (E.Herlok, стр.320). Повикувајќи се на наодите на голем број истражувања, извршени пред сѐ негде непосредно пред и по 1950-тата година, таа улогата на овие фактори ја сведува, главно,на следното:

1) Кај децата од иста возраст, било да се од предучилишна или постара возраст, постојат разлики кои се поврзуваат со нивниот пол. Девојчињата како група уживаат поголема популарност од момчињата. Тие се по правило, повеќе омилени отколку нивните врсници - момчињата.

2) Дека популарноста е условена од интелигенцијата. Децата со повисоки способности повеќе се сакани од членовите на групата, од оние со пониски способности. Ова нешто се поткрепува и со фактот дека степенот на поврзаноста е повисок меѓу менталната возраст и социјалната прифатеност, отколку меѓу календарската возраст и социјалната прифатеност.

3) Најпопуларни деца се, главно, оние кои имаат добро здравје и кои не се на некој начин физички хендикепирани.

4) При изборот на пријатели, децата го земаат во предвид и надворешниот изглед. Овој фактор има поголема улога на помала возраст, отколку во време на адолесценцијата. Меѓу популарните ретки се случаите на деца кои би можеле да се наречат "грди", а меѓу непопуларните нема такви кои би се нарекле "многу привлечни" (физички атрактивни деца). Надворешната уредност се јавува како фактор на популарноста на повисока возраст, од петтото одделение нагоре, а растот пак, не се покажува како значаен фактор на омиленоста.

5) Хало-ефектот на популарноста се сфаќа како фактор на

стабилноста на социјалниот статус. А тоа значи, кога некое дете ќе постигне одредена популарност врз основа на впечатоците што другите ги имаат за него, тој негов статус мошне тешко се менува. Она дете кое е социјално прифатено останува да биде како такво натаму, како што тоа се случува со она кое било отфрлено. Дејството на овој фактор се согледува и во смисла на тоа дека,ако некое дете е омилено во училница, тоа обично е омилено и на игралиште. Омиленоста што постои за некој ученик во однос на некоја определена активност има влијание врз тоа, колку истиот ќе биде омилен и во некоја друга активност.

6) Просторната близина се истакнува како фактор за кој се смета дека претставува шанса за почести контакти и подобри запознавања, а со што на таков начин се стекнува пријателство и популарност во групата. Значењето на овој фактор се потврдува со податокот дека оние деца кои патувале со автобус за училиштето имале помалку пријатели и биле понеомилени, од оние кои живееле во близина на училиштето.

7) Односите во семејството се одразуваат врз прифатеноста на децата во групата. Децата од среќни семејства, од семејства во кои постои незначително несогласување и нетрпеливост, повеќе се омилени од деца кои потекнуваат од семејства со нарушени односи, чести несогласувања и нетрпеливост во односите меѓу одделни членови на семејството, а особено во односот меѓу мајката и таткото. Освен тоа, таа наведува, дека по правило популарни се децата кои не се ни најстари ни најмлади во семејството. Децата - единци, се понепопуларни отколку оние кои имаат браќа и сестри. Помалку популарни се и оние деца кои во семејството се воспитувани со нагласен

протективен родителски однос, од деца од кои е барано во семејството определена одговорност.

8) Определен, значаен однос на поврзаност постои и меѓу социјално-економскиот статус на семејството и популарноста на децата. Поголем број на деца кои се омилени потекнуваат од семејства со повисок социјално - економски и културен ниво. Социјално-економскиот статус игра позначајна улога на поголема, отколку на помала возраст.

9) Колку некое дете ќе биде прифатено во групата, тоа е условено и од неговиот успех, како тоа ги оценува члеповите на групата, а и себе. Децата кои се на возраст испод осмата или деветата година ретко можат да ги воочуваат ставовите на другите спрема себе. Моќта за поточно перцепирање на односите на другите спрема себе, а и на сопственото место во групата, се зголемува со натамошната возраст. Децата кои имаат подобра моќ за перцепирање на овие односи повеќе се прифатени во групата отколку останатите.

10) Степенот на популарноста во групата е условен и од самиот степен на себе-прифатеноста на детето, а и од неговата спремност да остварува таков ниво на аспирации кои соодветствуваат на неговите способности.

Оваа група фактори, гледано од аспект на поновите сознанија, е недоволно опфатена. Таа не ги содржи повеќе од факторите на кои ќе укажеме подоцна, а исто така и некои од оние фактори кои веќе ги истакнавме како значајни за јавувањето на наклоност и ненаклоност. Всушност, сосема логично, тоа е група само на оние фактори за кои низ претходните испитувања било утврдено дека имаат определена

улога за различниот степен на популарност на одделни членови на групата. И уште нешто е битно овде да се истакне, дека оваа е група која се однесува на факторите на популарноста, сфатена пред сè, како дихотомна варијабла, што ја сочинуваат категоријата "популарни" и категоријата "непопуларни".

За повеќето автори кои се занимаваат со изучување на емоционалните односи во групата,е карактеристичен приодот да се трага во насока на откривање заедничките квалитети на лицата - "популарни" во групата (лицата кои се најчесто избрани) и на оние со статус "непопуларни"(изолираните и отфрлените). Така, во оваа смисла и Gahagen (1978),повикувајќи се на претходни социометрински испитувања, наведува дека оние кои се "популарни" во однос на "непопуларните" се разликуваат по следните заеднички квалитети: тие имаат подобро здравје, поубав изглед, повеќе се ситуирани, поинтелигентни, психички постабилни, помалку егоцентрични, подруштвени, пољубезни, помалку диспонирани за предизвикување на удеси и со квалитети кои се од особена важност за опстанувањето на групата. А пак на пример, како корелати на статусот на популарноста Мендејвид и Харари, наведуваат дека со одредени особини, кои се оценуваат како социјално пожелни особини во одредена култура (Спрема: Рот, 1983). За социјално - културната средина на Америка, тоа се неколку групи карактеристики. Првата група ја сочинуваат повисок социјално-економски статус, повисок степен на образование, поголем приход, поважна општествена положба. Втората група особини, посебно во училишната средина, ја сочинуваат интелигенцијата и училишниот успех. И најпосле како особини кои позитивно корелираат со популарноста, тоа се: физичкото и менталното здравје, самодо-

вербата, прилагденоста и непостоењето на лични и семејни проблеми.

На димензијата на емоционалните односи во групата, членовите не се диференцираат меѓу себе само во две категории, популарни и непопуларни, односно лица со висок и низок социјален статус, туку меѓу нив постојат индивидуални разлики во степенот на нивната прифатеност во групата. Тие меѓу себе се разликуваат по својот социјален статус, кој може да покажува различен степен на прифатеност во групата, кој се простира помеѓу двата екстрема висок и низок социјален статус. Кои се пак факторите кои имаат значајна улога за постоењето на индивидуални разлики во социјалниот статус на учениците во училишните групи, е прашање на кое одговорот ќе се обидеме да го дадеме низ прегледот на наодите на одделни истражувања.

## 2.6. Преглед на истражувањата за факторите на социјалниот статус на учениците

Со испитување на значењето на одделни фактори, кои придонесуваат за различниот степен на популарност на одделни членови во групата, научниците се занимаваат повеќе од четири децении, сметано од првите истражувања на Јакоб Л. Морено, кои се извршени во четириесетите години на овој век. Во испитувањето на овој проблем се применувани различни приоди, но најчесто социометрискиот приод на изучување на емоционалните односи во групата. Социометриските испитувања на популарноста, во кои како критериуми на избор се користени другарувањето и некои други заеднички активности, најчесто се вршени во училишни групи и со

деца од различна возраст. За овие испитувања, освен тоа, е карактеристично дека како основна нивна цел била утврдувањето на корелациониот однос меѓу социјалниот статус (степенот на прифатеност во групата) и определени психички, физички и социјални карактеристики на испитанците - членови на определена група, а најмалку во нив се обрнувало внимание врз изучувањето на психолошката структура на односот, означен како наклоност и ненаклоност и на процесот на развивањето на ваквиот вид однос.

Во овој преглед што следи, ќе бидат прикажани одделно истражувањата извршени во странство и оние во нашата земја. Некои од истражувањата веќе и ги спомнавме во претходниот дел. Овде ќе ги наведеме во однос на нашата цел само поважните и тоа оние во кои главно се разгледувани личните особини како фактори на социјалниот статус на учениците.

а) Поважни истражувања извршени во странство

Бројот на истражувањата кои се извршени во странство е релативно голем. Од нив повеќето се извршени во западните земји (САД, Англија и други) во периодот од 40-тите години наваму, а помал број во другите европски социјалистички земји - нешто подоцна во последните две децении.

Кога се разгледуваат факторите на социјалниот статус на учениците во одделни видови училишни групи, најчесто се истакнуваат како значајни повеќе студии. Така на пример, во врска со личните особини како фактори на социјалниот статус на учениците, Ѓорѓевиќ (1976) смета дека поважни се следните студии:

1) Студијата на Бони ( M.Bonney, 1947) - во која таа ги про-

учува психолошките особини на прифатените и неприфатените деца;

2) Бароновата студија (D.Barron,1951) во која се опишани личните особини на девојчиња кои имале висок, просечен и низок социјален статус во класот;

3) Џенинг-совата студија (H.Jennings,1947), која покажала дека прифатените деца во една група не мора да бидат прифатени во друга група или дури ни во иста група во однос на други активности, а слично на ова, дека и оние кои не се прифатени или кои имаат статус - осамени во една група, можат али и не мора да имаат ист таков статус во други групи и други ситуации.

4) Студијата на Кулен и Бреч ( C.Kuhlen and S.Bretsch, 1947), кои утврдиле дека неприфатените деца имаат многу повеќе проблеми во семејството и училиштето, отколку што ги имаат прифатените деца.

5) Јанг и Купер ( L.Yaung and H.Cooper,1943) кои истакнале дека екстровертните деца повеќе се социјално прилагодени од интровертните.

6) Хортвеј и Вигдор (L.Hortwey and B.Vigdor,1947) кои утврдиле дека прифатените деца се почуствителни за потребите на своите другари и дека таквите деца повеќе се интересираат за други- отколку неприфатените деца, и

7) Студијата на Лумис (L.Loomis,1948), кој утврдил дека поважна улога за социјалната прифатеност на децата во училиштето имаат личните особини, отколку семејните прилики, и дека лошите особини на неприфатените деца се главна причина за нивната отфрленост во групата.

Овие истражувања навистина се вбројуваат во редот на најчесто цитираните, кога е во прашање изучувањето на емоционалните односи во групата. Хронолошки гледано, тие спаѓаат во првичните испитувања на проблемите од оваа област. Меѓутоа, факт е дека наодите на овие истражувања не возможуваат да се стекне увид за вистинското значење на одделни лични особини за изборниот,односно социјалниот статус на децата. Оттука, со оглед на проблемот што овде се разгледува, можно е да се истакнат како значајни и уште некои други истражувања.

Пред сè битно е да се истакне дека во социометриските истражувања била проучувана улогата на различни лични особини, како што се: полот, интелигенцијата, интересите, ставовите, вредностите и одредени црти на личноста.

Проблемот дали постојат разлики во социјалниот статус кај учениците, што резултираат од нивниот пол, бил проучуван, на пример, во истражувањата на Бони (M.Bonney,1942. и Далке (H.Dahlke,1953). Нивните наоди покажале дека девојчињата се нешто попопуларни од момчињата, дека тие повеќе позитино ги оценуваат своите другари отколку што момчињата ги оценуваат нив и дека и едните и другите претежно вршат избори меѓу припадниците на својот пол.

Во однос на останатите лични особини, интелигенцијата е без сомнение најчесто испитуваниот фактор на социјалниот статус на учениците. Наодите на испитувањата на Бони (M.Bonney,1942) Тејлор (A.Taylor,1952) и на други автори покажуваат дека меѓу интелигенцијата и социјалниот статус постои позитивен однос, односно дека популарните ученици најчесто се поинтелигентни од

непопуларните.

Испитувањето, на пример, на Гросман и Рајтер (B.Grossmann и J.Wrighter,1948), во кое биле опфатени ученици од VI-одделение, поконкретно укажува на природата за поврзаноста меѓу овие две варијабли. Имено, наодите на овие автори покажуваат дека може да се забележат разлики во социјалниот статус во случај на компарирање групи ученици со потпросечна и просечна интелигенција, но и меѓу оние со просечна и натпросечна интелигенција. Исто така и во други истражувања се истакнува дека интелигенцијата е значаен фактор на социјалниот статус, особено кај учениците со потпросечни умствени способности. Така на пример, Макмилан и Морисон (Mac Millan i Morrison 1980) установиле дека когнитивната способност претставува фактор со помош на кој може во најголем дел да се објаснат варијациите на прифаќањето и одбивањето кај ментално ретардираните деца.

И додека некои истражувачи укажуваат на фактот дека постои значаен позитивен однос меѓу овие две варијабли, други истакнуваат дека таква поврзаност не постои, или пак дека постои можне ниска корелација. Овие присутни разидувања во придавањето различна улога на интелигенцијата во однос на социјалниот статус можат на одреден начин да се објаснат со фактот дека не секогаш интелигенцијата била испитувана со исти тестови (разлики условени од специфичностите на самите инструменти) и второ, дека социјалниот статус бил утврдуван со применување на различни постапки и, што е уште поважно, во однос на различни критериумски активности. Гледано од овој аспект, сосема е логично да се претпостави дека интелигенцијата ќе има позначајна улога, на

пример, кога социјалниот статус на учениците би се утврдувал во оснос на социјалната активност - заедничко учење, отколку во однос на активноста - дружење во слободно време. И не само тоа, истражувањата покажале, исто така, дека повеќе околности влијаат врз тоа дали и колку ќе биде сакано лицето кое поседува, на пример, висока интелегенција. Искуството, а и одделни испитувања покажуваат дека за нас се привлечни оние лица кои поседуваат позитивни, а не негативни својства и дека ние повеќе ги цениме и сакаме високоинтелигентните отколку оние со просечна или потпросечна интелигенција.

Меѓутоа, без оглед колку и да е навидум очигледна оваа врска, сепак, тоа не мора секогаш да е така. Не мора најспособните да бидат секогаш и најсакани. На ваквиот факт укажуваат, покрај другите автори, и Холендер и Веб (R.F.Hollander иB.W. Webb,1955). Така на пример, отфрлањето на некое лице со висока интелектуална способност може во определени социјални ситуации да е резултат на извесно грубо однесување. Или поопшто кажано, ова како појава би можело да се случува обично тогаш кога постои определена инкомпатибилност во однос на улогата што ја имаат интелектуалните и социјалните способности. Од друга страна,исто така, е забележано дека високо способните, афирмирани лица не ја губат својата популарност и тогаш кога ќе се покажат како неуспешни во нешто или кога ќе манифестираат некоја слабост. Напротив, појавената нивна слабост може да придонесе дури и до засилување на емоционалната наклоност на другите спрема нив, како што тоа е потврдено во експерименталното истражување на Aronson, Willerman i Floyd (1966).

Ако за интелигенцијата може да се каже дека била проучувана како фактор на социјалниот статус во повеќе испитувања, тоа не е случај и со испитувањето важноста на интересите, како посебви персонални карактеристики на учениците. Улогата на овој персонален фактор била проверувана во едно испитување на Маркс (J.B.Marks,1954). Испитувањето било изведено со цел да се утврди односот меѓу социјалниот статус и определени интереси кај учениците, кои биле поделени во две групи, една група "прифатени" и втора група "неприфатени". Споредувањето на интересите на овие две групи ученици покажало дека прифатените во однос на неприфатените имаат понагласени социјални и хетеросексуални интереси, односно дека кај прифатените постои тенденција за остварување на поголем број интерперсонални контакти, а и поголем број контакти со ученици од спротивниот пол. Прифатените ученици повеќе се ориентирани кон надворешната средина, се поимпулсивни во своите реакции и дека повеќе се интересираат за спорт и други слични активности. За разлика од ова, за неприфатените ученици е утврдено дека повеќе се свртени кон себе, дека се помалку импулсивни и дека неприфатените ученици од женски пол покажуваат поголем интерес за интелектуални и културни активности, а учениците од машки пол, дека имаат поголем интерес за механичко-конструктивни активности.

Во проучувањето на структурата на емоционалните односи во групата посебно значајна улога им е придавана на ставовите и вредносниот систем на испитаниците. Во оваа смисла, истражувачите Њукомб (T.M.Newcomb,1961) и Бирн (D.Byrne,1961) ја

потенцирале важноста на овој фактор, наведувајќи дека сличноста во ставовите е главна детерминанта на интерперсоналната атрактивност. Тие дури посебно истакнуваат дека е можно врз основа на познавањето на ставовите и вредностите на испитаниците да се предвиди тоа, помеѓу кои од нив ќе се развијат, односно нема да се развијат пријателски односи. Пријателските групи се формираат меѓу оние лица кои имаат слични ставови и вредности - истакнува Њуномб . Меѓутоа, дали сличноста во определени ставови и вредности ќе има некакво дејство врз јавувањето на односот на наклоност, тоа зависи од повеќе околности, а на кои веќе укажавме при објаснувањето на прашањето за факторите на социјалниот статус.

Постоењето на разлики во социјалниот статус на учениците е објаснувано и со помош на определени црти на личноста. Во истражувањата во кои била проучувана улогата на овој фактор, доминирало, главно, настојувањето за утврдување црти на личноста карактеристични за учениците со висок и низок социјален статус, односно утврдувањето црти на личноста кои би биле карактеристични за учениците со статус "прифатени" и на оние со статус "неприфатени" ( популарни и непопуларни ученици). Со една ваква цел биле извршени и истражувањата на:

а) Бони (M.Bonney,1947) која утврдила дека популарните ученици се разликуваат од непопуларните по групната идентификација, емоционалната стабилност, прилагодувањето, покажувањето на толерантен однос, агресивноста, степенот на сигурност, вниманелноста спрема другите, општествено-корисната мотивација и оригиналноста;

б) Кулен и Ли (R.Kuhlen i B.Lee,1943) кои потврдиле дека постојат одделни разлики во цртите на личноста меѓу прифатените и неприфатените ученици, а имено, дека прифатените ученици се:ентузијасти, весели, добри другари и со убав изглед, а пак неприфатените дека се тоа деца кои се: желни за внимание, спремни за тепање, настроени да им наредуваат на другите, немирни и зборливи, и

в) Јанг и Купер (L.Young i D.Cooper,1944),кои установиле дека популарните ученици повеќе се екстровертни, дека имаат развиено чувство на сопствена вредност, дека во поголема мера ги прифаќаат општествените стандарди, дека имаат посупериорен однос кон нивните другари и дека се со поубав надворешен изглед, во случај, кога ќе се споредат со непопуларните ученици.

Значењето на определени црти на личноста за социјалниот статус е проучувано и во една студија на Ман (Mann,1959). Тој ги групирал цртите на личноста во следните категории: интелигенција, прилагодливост, доминантност, екстроверзија - интроверзија, мажественост - женственост,конзервативизам и социјална сензитивност, а нивното значење го согледувал во однос на двата статуси - водач и популарен. Врз основа на анализа на истражувањата извршени во периодот од 1900-1957 година, а во кои бил испитуван односот меѓу определени црти на личноста и социјалниот статус, Ман дошол до заклучок дека интелигенцијата, прилагодливоста, екстроверзијата, мажественоста и социјалната сензитивност се во позитивен однос со популарноста и водството, дека конзервативизмот е позитивно поврзан со популарноста, а негативно со водство и дека доминантноста има позитивна улога во однос на водството, а не и за популарноста.

Посебно две црти на личноста утврдил Кид (Kidd,1953) дека претставуваат бариери за прифаќањето на поединецот во групата. Според неговото мислење тоа се: комплексот на супериорност - заради што поединецот не е доволно мотивиран да биде прифатен во групата и комплексот на инфериорност, кој се јавува како причина поради тоа што таквото лице покажува крајно дефанзивен и пасивен однос во контактите со членовите на групата.

Покрај ориентацијата да се трага во насока кон утврдување влијанието на одделни црти на личноста врз социјалниот статус, правени се од друга страна и обиди, да се прикажат и опишат оние црти на личноста кои се карактеристични за децата кои имаат различен социјален статус во групата. Во оваа смисла такви описи се давани посебно за три различни вида на социјални статуси, и тоа: водач, висок социјален статус (статус на популарни деца) и низок социјален статус (статус на непопуларни деца). Еден таков обид прави, на пример, Е.Херлок. Таа истакнува дека како карактеристични особини за децата - водачи се: интелигентноста, привлечноста, надворешниот изглед, поседувањето на некои физички особини на кои групата се восхитува и желбата и амбицијата да се биде водач. Потоа, и цртите како што се: сигурност, друштвеност, отвореност, добродушност, племенитост, непристрасност, ефикасност, себеприфатеност и прилагодливост. Детето кое се избира на позицијата водач ги надминува во извесен степен другите членови на групата, главно, по следните особини: социјабилност, иницијативност, упорност, снаодливост при извршување на работите, самоувереност, будност во согледувањето на ситуациите, спремност за соработка, прилагодливост и комуникативност. Како значајни карак-

теристики на водачите Еванс (1964) ги истакнува уште и емоционалната зрелост и способноста за сфаќање потребите на другите членови на групата. Кај ваквите приоди на прикажување на личните особини, кои би биле карактеристични за децата кои најчесто завземаат некој социјален статус во групата, се поставува прашањето, во конкретниот случај за статусот - водач, дали навистина може да се зборува за особини карактеристични за статусот водач воопшто, односно дали е можно да се каже дека исти особини ги карактеризираат децата кои се избираат за водачи во групи кои се формирани за различни социјални активности и во групи на деца кои се формираат на помала и поголема возраст. Гледано од овој аспект, наодите на истражувањата покажуваат дека различни особини се оценуваат како важни и значајни при изборот на водач во одделни социјални ситуации и при изборот на водач кај деца на различна возраст. Децата од постара возраст ги избираат како водачи на група оние поединци кои поседуваат особини кои се барани и важни во однос на дадена социјална ситуација ( E. HeTIок,19.. .). Исто така, не исти особини ги земаат децата предвид при избор на водачи, кои би имале различна улога, на пример, водачи чија сфера на влијание е мала (водачи кои се избираат само во посебни ситуации) и оние чие водство е трајно и широко (Jennings,1937). Што значи, овие наоди укажуваат дека обидите да се даде опис на особини кои се карактеристични за децата со статус на водач, имаат одредени слабости, а особено дотолку поголеми, доколку самите описи се мошне апстрактни, односно неповрзани со определени соцјални ситуации.

Повеќе лични особини ги истакнува Е.Херлок како карактеристични за популарните деца. Наведувајќи дека личните особини на популарните деца варираат од возраст до возраст и од една до друга група, тоа како значајни особини за популарните деца ги наведува следните: екстовертираност, љубезност, спремност за соработка, способност за прилагодување без некои проблеми, прифаќање на барањата, неегоистичност, трпеливост, непристрасност во односот со другите, заинтересираност за социјалните активности, одговорност кон своите обврски и сигурност во својот статус. Најопшто речено, за популарните деца е карактеристично дека се експанзивни, објективни и совесни индивидуи во својата работа и дека се одликуваат со тоа што со своите постапки и личноста предизвикуваат восхитување кај своите другари.

За разлика од нив, други деца можат, според Е.Херлок, да бидат непопуларни, односно неомилени заради повеќе лични особини. Неомилено може да стане некое дете затоа што е недоверливо, повлечено, без доволно енергија, незаинтересирано за социјалните активности, млитаво и резервирано. Како резултат на поседувањето на овие особини тоа останува незабележано од неговите другари или пак отфрлено затоа што не се вклучува во групната активност. Некое друго дете може да биде неомилено и заради тоа што е премногу енергично, што премногу се обидува да скрене внимание врз себе или заради тоа што манифестира некои облици на агресивно однесување - насилнички однос, тврдоглавост, неприфаќање на групните норми и слично. Исто така, неомилено може да стане и дете кое се прави важно и кое не ги извршува поставените задачи. За неомиленото дете е карактеристично пред

сѐ тоа дека е свртено кон себе и затворено во себе (окупирано со себе), неспокојно, со нагласено чувство на несигурност и инфериорност, кое чувствува дека е премногу фрустрирано, кое нема поволна слика за себе и кое е помалку ефикасно во соработка со своите другари.

Ваквите типолошки приоди на прикажување профили на лични особини за одделни видови на социјални статуси, а и наодите на истражувањата во кои е проучувана улогата само на определни црти на личноста, недвојбено укажуваат дека од личните особини што ги поседува детето зависи, во извесна смисла, колку тоа ќе биде популарно во училишната група. Меѓутоа, во овој случај, сосема логично се наметнуваат како важни две прашања: прво, кои сѐ лични особини имаат влијание врз прифатеноста на детето во групата и, второ, дали личните особини за кои е утврдено дека се јавуваат како значајни, имаат истоветно значење за социјалниот статус на учениците. Во врска со првото прашање, одговорот може да се добие врз основа на веќе посочените истражувања, кои потврдуваат дека повеќе персонални карактеристики, како на пример, физичкиот изглед, интелигенцијата, интересите, ставовите и вредностите и некои други црти на личноста, можат да се јават во определени социјални ситуации како значајни фактори на социјалниот статус. Во врска со второто прашање, кое се однесува на уделот на одделни лични карактеристики во определувањето на социјалниот статус научениците, споредувањето на емпириските податоци покажува дека постојат разлики во смисла на тоа, кои лични особини можат да се сметаат како позначајни, а кои пак како помалку значајни. Така на пример, во социометриските истражувања, кои се извршени во

западните земји, како позначајни се истакнуваат физичкиот изглед, интелигенцијата, прилагодливоста и сновдливоста, а како помалку важни некои морални својства на личноста. Нешто поинакви се добиените резултати за пожелните својства кои придонесуваат за популарноста во групата, во истражувањата кои се извршени, на пример во Советскиот Сојуз. Така, според Лутошкин, на прво место по своето значење доаѓаат интелектуалните својства, потоа односот спрема другите (спремноста за помагање), па потоа, моралните, волевите својства и трудољубивоста, а на последно место карактеристиката надворешен изглед. Како црти кои придонесуваат пак за непопуларноста тоа се: вообразеност, нечесност, неискреност, самољубивост, завидливост, превртливост, грубост (според:Крњајиќ,1981). Волевите карактеристики и емоционалните својства на личноста ги нагласуваат и другите советски автори како најважни фактори на социјалниот статус на децата во училишниот колектив. Што значи, од резултатите на истражувањата произлегува дека различен удел им се припишува на исти персонални карактеристики во определувањето на социјалниот статус. Вакви разлики е и очекувано да постојат, од повеќе причини. Прво, овие разлики можат да се јават како последица на тоа што во истражувањата се применуваат различни техники за испитување на исти лични особини и различни техники за утврдување на социјалниот статус на учениците. А како што е познато, какви резултати ќе се добијат во едно истражување, во извесен степен тоа зависи и од самите техники на истражувањето. Второ, присуство на разлики во наодите може да се очекува и заради тоа што социјалниот статус на учениците е утврдуван во врска со различни критериумски активности,

односно во врска со различни социјални ситуации. Оттука, во оваа смисла, природно е да се очекува дека различни особини ќе се јавуваат како значајни и во различен степен како значајни, кога социјалниот статус би се определувал на учениците, на пример, во групи кои би решавале проблемски ситуации и групи кои би биле формирани за одделни спортски активности. И трето, како мошне важна причина за ваквите разлики може да претставува и тоа што социјалниот статус на учениците се согледува во групи кои делуваат во различни социјално-културни средини. Заради кои оосбини некој ученик ќе биде или нема да биде популарен во групата, тоа зависи, како што покажуваат истражувањата и од фактот, дали тој поседува особини кои посебно се ценат или не во една одредена социјална средина. Тргнувајќи токму од ова, Еванс(К. Evans,1964)со право и укажува дека резултатите што се добиени во оваа област во Америка се малку применливи во Англија, поради различните социјални услови во кои работат училиштатата во овие две земји. Што значи, научните сознанија укажуваат во оваа смисла, дека навистина постои потреба да се согледува и оценува значењето и улогата на персоналните карактеристики како фактори на социјалниот статус и од аспект на специфичноста на секоја социјално-културна средина.

Конечно, уште неколку значајни констатации е битно да се истакнат во врска со истражувањата кои се извршени во странство. Прво, тоа е фактот, дека во истражувањата од оваа област не е проучувана само улогата на личните особини, туку и на некои други социјални и ситуациони услови. Така на пример, посебно е испитувано какво влијание имаат врз социјалниот статус факторите како

што се: семејните односи, големината на семејството, социјално-економските услови на семејството, просторната близина и други услови. И второ, дека во досегашните истражувања сосема малку е обрнувано внимание на изучувањето проблемот како се развиваат пријателски односи во групата и како тие се одржуваат.

б) Истражувања извршени во нашата земја

Емпириските истражувања на  меѓу-личните односи во групата се отпочнати кај нас во нашата земја по 1950 година. Оттогаш наваму, иако е изминат еден подолг период, сепак, бројот на истражувањата од оваа област е релативно мал. За сите нив како заедничка карактеристика може да се истакне тоа дека исто како и  странските истражувања и тие се насочувани првенствено кон утврдување на поврзаноста меѓу одделни фактори (лични особини и семејни услови) и социјално-емоционалните односи во групата.

Хронолошки гледано, за прв пат во 1954 година, се публикувани наодите на две социометриски испитувања извршени во наши услови и тоа, едното на В.Смиљаниќ - Чолановиќ и другото  на Б. Лазиќ.

Испитувањето на В.Смиљаниќ - Чолановиќ (1954) било извршено со цел да се утврди зависноста на социјалните односи во училишните групи од семејните и некои други услови, и тоа кај ученици од различна возраст. Со испитувањето биле опфатени 753 ученици на вкупно 20 паралелки од II до VIII одделение. Како основни техники за прибирање на податоците биле користени, една варијанта на социометриска скала и анкета со која биле опфатени покрај учениците и нивните родители и  наставници.Со-

циометрискиот тест се однесувал само на еден критериум - пријателство, при што, секој ученик во однос на секој друг ученик во паралелката го искажувал својот пријателски однос на скала од пет степени. Прашањата во анкетните листови за учениците се однесувала на хигиенските и материјалните услови на нивните семејства и на нивните вон-училишни преокупации. Со анкетата од родителите се барало да дадат одговори на прашања во врска со односите во семејството, како и за материјалните, здраствените и културните прилики во семејството. Наставниците пак требало да дадат податоци за успехот и однесувањето на секој ученик посебно. Варијаблата социјални односи во групата била согледувана низ два индикатори и тоа: преку индексот на социјално-емоционалната експанзивност и индексот на социометриски статус. Со анализата на добиените податоци В.Смиљаниќ - Чолановиќ, дошла до следните заклучоци:

а) Меѓу учениците е повеќе развиен односот на другарство, отколку односот на нетрпеливост, односно дека меѓу учениците позачестени се позитивните, отколку негативните социјално-емоционални реакции. Што се однесувало пак до бројот на негативните социјални реакции, нив ги имало, по правило, во поголем број кај учениците од помлада возраст. Истражувањето покажало забележително опаѓање на заемната нетрпеливост со наголемувањето на возраста на учениците.

б) Несредените семејни прилики (на пример: вонбрачно дете, дете на разведени родители, посвоено дете и дете со очув или маќеа)не влијаат негативно врз прифаќањето во паралелката. Кај вонбрачните деца било забележано, на пример, дека 60 %

имале просечен, а 40 % висок социјален статус. Слично било и со децата на разведени родители. Од нив 28% имале висок, 50 % просечен и 22 % низок социјален статус. Приближно иста била сликата и со децата кои имале очув или маќеа. Само посвоените деца повеќето имале неповолен социјален статус. Семејните прилики имале, меѓутоа, негативно дејство врз социјално-емоционалната експанзивност на децата. Податоците покажале дека оваа категорија на деца пројавувала претежно негативни реакции. Своето незадоволство и нетрпеливост, предизвикано заради отсуство на љубов во семејството, тие на некој начин го проектирале во училишната средина.

в) Постои поврзаност меѓу социјалниот статус и училишниот успех на учениците. Учениците со повисок социјален статус имале, по правило, подобар училишен успех. На пример,податоците покажале дека меѓу омилените 64% имале одличен успех, 28% многу добар, 8 % добар и само 0,8% од учениците биле со слаб успех. Анализирањето на овој однос за учениците на различна возраст покажало дека како се оди нагоре (кон повисока возраст) постои постепено опаѓање на одличните во категоријата на оние со висок социјален статус. Оваа појава авторот ја објаснува со фактот дека децата подоцна и постепено се осамосталуваат и изградуваат сопствени мерила за тоа што е добар и лош ученик.

г) Податоците кои биле добиени од наставниците покажале дека омилените ученици ги карактеризираат личните особини: добар ученик, чист, уреден, не се тужака, дисциплиниран, не доаѓа во судир со другарите, е редовен и не е осамен, а пак, дека неомилените ги карактеризираат токму опозитите на истите овие

особини, и тоа: слаб ученик, нечист, неуреден, често се тужака, се тепа, нередовен (задоцнува) и осамен.

Испитувањето на Лазиќ (1954), било посветено на проблемот на ставот и положбата на учениците во одделенскиот колектив. Како индикатор за ставот на учениците спрема колективот бил користен индексот на социјална емотивност, а за положбата на учениците, индексите на лидерство и на отфрленост. Испитувањето е извршено со цел за откривање на оние ученици во паралелката кои значајно се разликуваат со својата положба од мнозинството на ученици. Вкупно биле испитани 49 ученици на една паралелка од III одделение, во која биле опфатени само деца од женски пол. Податоците се прибирани со примена на социометриски тест со четири критериумски активности и со можност за неограничен број на позитивни и негативни избори. Според добиените вредности на трите користени индекси, во паралелката биле иднетификувани неколку категории ученици и тоа: отфрлени 5, водачи 3 и игнорирани 6 ученици. Анализата на добиените податоци за семејните прилики и личните карактеристики на учениците кои не биле добро прифатени во паралелката (отфрлените и игнорираните) покажала дека оваа категорија ја сочинуваат ученици чиј развоен пат бил попречен од несредени семејни и материјални прилики, кои неподготвени дошле во одделението каде набрзо завзеле една таква положба и кои постигнувале потпросечен училиштен успех. Податоците пак за учениците - водачи, укажале на тоа, дека оваа категорија ја сочинуваат деца за чиј развој се водела доволна грижа во семејството и кои мошне успешно ги извршувале училишните обврски.

Во едно друго испитување В.Смиљаниќ - Чолановиќ (1955)

го проучувала, исто така, влијанието на определени фактори врз интерперсоналните односи во одделни видови групи. Имено, испитувањето било изведено со цел да се утврди: какви промени се јавуваат на планот на меѓуличните односи во групата како целина при различни животни услови, дали и како се менува социјалната позиција на децата во различни средини, дали постојат разлики меѓу колективи на деца од иста и различна возраст и кои се причините за јавувањето на наклоност и нетрпеливост меѓу децата. За утврдување на социјалниот статус на децата во групата била употребена една варијанта на социометриски метод во вид на скала, каде што се барало од испитаниците да ја искажат својата наклоност, рамнодушност и ненаклоност со броевите 1,2 и 3. Освен тоа, од нив се барало секој да напише име на ученик од неговата група, кого најмногу го сака, и на оној ученик кого не го сака, како и да ги наведе причините за тоа. Со испитувањето биле опфатени вкупно 692 ученика, од кои 95 членови на детска радио група, 584 ученици од основно-училишни и гимназиски паралелки и 13 студенти од прва година на Академијата за драмска уметност во Белград. Врз основа на анализа на добиените податоци В.Смиљаниќ - Чолановиќ дошла до следните заклучоци:

1) Заедничкото престојување на децата на летување влијаело врз менувањето на односите во колективот, како и врз менувањето на социјалната позиција на поединците во него. Колективниот живот довел до развивање поголем број на меѓусебни односи на наклоност и нетрпеливост, а и до опаѓање на меѓусебната рамнодушност.

2) Позицијата на исти поединци е често сосема различна во две различни социјални средини ( во аматерското друштво и во паралелката). Некои поединци кои се неомилени во едната средина, тие се омилени пак во другата средина.

3) Поголема меѓусебна нетрпеливост се јавува во детски колективи кои се составени од деца со иста возраст, отколку во оние од деца со различна возраст.

4) Појавата на нетрпеливост кај децата е почеста на помлада, отколку на постара возраст. Нетрпеливоста во поголема мера се јавува во мешовити паралелки, нешто помалку во групи на деца од женски пол, а најмалку во групите на деца од машки пол.

5) На помлада возраст едно или две деца претставуваат објект на најголема наклоност. Што значи, целата група е централизирана околу една или две личности. Но, како се оди нагоре кон постара возраст се позабележлив е процесот на децентрализација.

6) Како причини за нетрпеливоста главно се наведуваат: надмено однесување, однесувањето кое навредува, понижува и потценува нечија личност, како и други особини кои на еден или друг начин ги повредуваат интресите на групата и поединците. Како причини пак за наклоноста се споменуваат различни позитивни карактерни својства и својства на темпераментот, интелигенцијата и телесната убавина.

Посебно во оваа област се мошне значајни социометриските испитувања кои се извршени во СР Србија, под раководство на Стевановиќ (1964). Во испитувањата биле опфатени околу 3500 ученици од различна возраст (од 9 до 20 години). Како фактори на социјалниот статус и на социјалната експанзивност биле земени во разгледување

следните: социјално-културната положба на родителите и нивното образовно ниво, физичката близина, големината на семејството, структурата на семејството, редот на раѓањето на децата, полот, возраста, интелигенцијата, училишниот успех и надворешниот изглед. Добиените резултати покажале дека позитивно дејство врз социјалниот статус на децата имаат: социјално-културното ниво на родителите и нивната образованост, интелигенцијата и училишниот успех. Потоа, дека помалку омилени и прифатени се во паралелката оние деца кои живеат во социјални установи (детски домови), посвоените деца, децата кои потекнуваат од многучлени семејства, децата - единци, децата кои по редот на раѓање се наоѓаат во средина, како и децата кои имаат браќа, а немаат сестра. Нешто поинаква слика била добиена за децата кои живеат во неповолни семејни прилики (вонбрачни деца, деца од разведени бракови и деца без еден или без два родители). За овие деца се покажало дека не се неомилени во паралелката. Освен тоа, со истражувањата било утврдено дека на помлада возраст женските деца се популарни од машките и дека мотивите за избор на другари се менуваат во зависност од возраста и ситуацијата. Така на пример, се покажало дека физичката близина, надворешниот изглед и училишниот успех се наведувани почесто како причини за избор на другари кај децата од помала возраст, а пак, личните квалитети и социјалните вредности и ставови, како причини за избор кај децата од постара возраст.

Во својата докторска дисертација Ѓорѓевиќ (1964) го проучувал посебно проблемот на меѓусебните односи во релативно хомогени групи на умствено заостанати деца и тоа споредбено со

хетерогени групи по способности. Всушност, тој во овој случај посебно внимание обрнал на согледувањето на разликите во социјалните односи на децата во хомогени и хетерогени групи по способности (по интелигенција), како и на утврдувањето влијанието на некои семејни и други фактори врз социјалниот статус на децата. За оваа цел биле испитани 298 умствено заостанати деца, 94 деца со просечна интелигенција, 109 надарени деца и 131 дете од хетерогени групи. Покрај нив биле испитани уште 377 ученици кои им припаѓале на паралелки од кои биле формирани групи за слободни ученички активности. Податоците во испитувањето се прибрани со примена на: а) социометриски тест со четири критериумски активности (заедничко учење, работа во секции, заедничка игра и заемно посетување) и со можност за неограничен број избори, и

б) Тестовите: Тестовите Белградска ревизија на Бине-Симоновата скала, Равеновиот тест за возрасни и тестот цртеж на човечка фигура на Гудинав. Од повеќето значајни наоди на ова испитување, во врска со проблемот што овде се разгледува, посебно заслужува да се истакне дека авторот, покрај другото, утврдил:

1) Дека умствено заостанатите деца имаат значајно поповолен социјален статус во релативно хомогените групи на умствено заостанатите деца, отколку во хетерогените групи по способности - факт кој што гледано од овој аспект, упатува дека е оправдано формирањето на помошни одделенија за деца од оваа категорија.

2) Дека во хетерогените групи преовладуваат социјални односи во кои се манифестира поголема нетрпеливост меѓу децата

и дека кај овој вид групи постои поголем број на заемни одбивања, и

3) Дека постои низок степен на позитивна корелација меѓу социјалниот статус и факторите, како што се: образование на родителите, занимање на родителите, бројот на децата во семејството и училишниот успех. Варијаблата - редот на раѓање на децата, не се покажала дека има значајна улога за социјалниот статус во училишните групи.

Проблемот на поврзаноста меѓу училишниот успех и социјалниот статус на учениците бил проучуван, исто така и во испитувањето на Лазиќ (1967). Во испитувањето биле опфатени вкупно 516 ученици од повеќе паралелки од IV одделение. Како индикатор за варијаблата училишен успех е земен општиот полугодишен успех, а за утврдување позицијата на учениците во паралелката е применет социометриски тест со три критериуми (разонода, групна работа и спортско натпреварување) и со можност за неограничен број на позитивни и негативни избори. Степенот на поврзаноста меѓу училишниот успех и социјалната прифатеност во паралелката е утврдуван со помош на С-коефициентот на корелација. Врз основа на добиената корелација, која изнесувала 0,61 - Лазиќ извела заклучок дека училишниот успех претставува фактор којшто значително влијае врз одредувањето на социјалната позиција на учениците во одделенскиот колектив.

Меѓуодносот на статусот на прифатеноста и цртите на личноста -невротичност и екстроверзија, бил разгледуван во едно испитување на Тодороски (1968), во кое биле испитани 85 ученици од три гимназиски паралелки од IV година. Потребните

податоци за цртите на личноста биле прибрани со помош на Ајзенковиот инвентар на личноста, а за статусот на прифатеноста, со примена на социометриски тест, со еден критериум и со право на неограничен број на избори. Со пресметување на Спирмановиот ранг-коефициент на корелација е утврден степенот на меѓусебната поврзаност на овие варијабли. Резултатите на ова испитување покажале дека не постои поврзаност меѓу социјалниот статус (статусот на прифатеноста во паралелката) и цртите на личноста - невротичност и екстроверзија.

Од еден друг аспект, во споредба со другите истражувања, го проучувала Јоксимовиќ (1971) значењето на определени фактори за социјалните односи во групата. Таа во своето испитување тргнала од претпоставката дека членовите на пријателските групи ( учениците кои меѓусебно се здружуваат) ги карактеризира, не само просторната близина, туку и сличност во однос на следните фактори: училишниот успех, интелигенцијата, социјално-економските услови и интересирањето. Што значи, принципот на сличност бил во овој случај проверуван како фактор на здружувањето на учениците. Дејството на овој фактор е согледувано врз основа на примерок од 30 неформални групи на ученици (приближно 3-4 ученици во група), на возраст од IV клас гимназија, односно кај вкупно 99 испитани ученици. Како инструменти за прибирање на податоци се употребени: социметриски тест, прашалник, Равеновите прогресивни матрици и нестандардизиран интервју. Резултатите од ова испитување покажале дека просторната близина и интелигенцијата немаат значајна улога во однос на меѓусебното здружување на учениците. Меѓутоа, испитувањето покажло дека постоела сличност во поглед на училишниот успех скоро две третини од

пријателските групи и дека кај најголем број од групите е карактеристична сличност меѓу учениците во поглед на нивните интереси за култура и уметност, а најмалку во поглед на интересите за наука и техника. Исто така е најдено дека постои кај повеќето од половина од групите барем еден вид сличност во однос на социјално-економските услови, а од кои, занимањето на родителите е најчест вид сличност меѓу учениците на одделни пријателски групи. Всушност, ова истражување покажало дека меѓусебното здружување на учениците било поттикнато од постоењето на сличност меѓу нив во однос на училишниот успех, интересите или пак од сличноста во однос на социјално-економските услови на нивните семејства.

Мошне значајно за оваа област е и истражувањето на Смиљаниќ (1973) во кое како главна тема на проучување била автоперцепцијата на интелигенцијата на социјалниот статус и влијанието врз точноста на автоперцепцијата на факторите, како што се: возраст, интелигенција, училишен успех и пол на учениците. Освен тоа, во испитувањето била проучувана исто така и точноста на наставниковата перцепција на интелигенцијата и социјалниот статус на учениците, како и колективната перцепција на овие две димензии (перцепцијата на интелигенцијата и социјалниот статус од аспект на паралелката како група). За оваа цел биле испитани вкупно 380 ученици(од IV и VII одделение и II и V клас од Учителска школа) и 12 наставници.Податоците се прибирани со помош на три теста:невербалниот тест Бета, социометрискиот тест и тест на социјална перцепција. Во ова испитување е најдено: а) Дека учениците имаат погрешна слика како за својата интелигенција така и за својата социјална прифатеност во паралелката. Неточноста на автоперцепцијата се покажало дека опаѓа со зголемува-

њетоѐ на возраста на учениците. Интелигентните ученици, во споредба со помалку интелигентните, поточно ги перцепирале и својата интелигенција и својот социјален статус. Полот на учениците не се покажал како релевантна варијабла во однос на точноста на автоперцепцијата. Најдено е исто така, дека учениците и својата интелигенција и својот социјален статус почесто ги преценуваат, отколку што ги потценуваат. б) За разлика од тоа, одделенскиот колектив пак релативно точно ја оценува интелигенцијата на секој ученик, а уште со поголема точност го оценува нивниот социјален статус. Колективот со еднаква точност ги оценува интелигенцијата и социјалниот статус кај учениците од двата пола. Исто така, најдено е дека колективот поточно ја оценува интелигенцијата и социјалниот статус на учениците, отколку што во тоа успеваат самите наставници. в) Наставниците поточно го перцепираат социјалниот статус на учениците отколку нивната интелигенција. Врз нивното перцепирање на интелигенцијата на учениците се покажало дека значајно влијание има училишниот успех, како и чувствата на симпатија или антипатија кај наставниците спрема одделни ученици.

Во врска со проблемот на личните особини на прифатените и неприфатените деца особено значајно е и истражувањето што го извршил Ѓорѓевиќ (1976). Од вкупно испитаните 761 ученик од IV одделение, според определен критериум биле избрани 25 ученици со висок и 25 ученици со низок социјален статус. Овие ученици потоа се испитувани со: тест на проективни реченици, тест на тематска аперцепција - ТАТ, Белградската ревизија на Бине-Симоновата скала, инвентар на потешкотии во училиште и дома и нестандардизиран интервју. Врз основа на добиените резултати Ѓорѓевиќ утврдил дека

за социјалниот статус на учениците имале посебно значење следните персонални фактори: интелигенцијата, полот, социјалната експанзивност (вид и обем), училишната успешност, личните проблеми во училиштето и дома, его-идеалите, интересите и некои други лични особини. Во однос на овие фактори е утврдено: дека прифатените деца во споредба со неприфатените се поинтелигентни и поуспешни во учењето, дека имаат помалку лични проблеми во училиштето и дома, и дека почесто тие како свои идеали избираат уметници и научници, а дека неприфатените избираат физички моќни лица и спортисти. Потоа, дека неприфатените деца се социјално поекспанзивни и дека немаат убаво мислење ниту за своите способности, а ниту пак за своите лични особини, а убедени се во тоа дека и другите имаат лошо мислење за нив. За разлика од ова, за прифатените деца е карактеристично токму спротивното. Исто така, било утврдено дека прифатените деца повеќе сакаат да гледаат научно-фантастични филмови, а неприфатените - криминални и дека прифатените деца најмногу сакаат математика, а најмалку физичко воспитување, а пак дека интересот на неприфатените бил токму спротивен.

Во истражувањето пак што го извршил Томековиќ (1976) се проучувани личните особини како чинители од кои завиисти дали некој ќе биде избран или не за определени активности. Авторот овде тргнал од претпоставката оти оценките дадени за тоа дека е некој подобен за работа во група, дека е корисно заедно да се работи со него и дека е пожелен за другарување - се темелат врз проценката за поседување на определени лични особини. Врз основа на анализа на добиените податоци, кои биле прибрани врз примерок од 254 работници со различна квалификација, авторот ги добил следните резул-

тати: Дека оценките како што се тој е подобен за групна работа и со него е корисно заеднички да се работи, се во позитивна корелација со особините: искреност, марливост, чесност, активност, праведност, внимателност, друштвеност, дисциплинираност во работата, отвореност, несебичност и способност за решавање на проблеми. Овие 11 особини, по негово мислење, се навистина релевантни, кога се работи за избор на лица со кои е корисно заеднички да се работи, односно за избор на лица за групна работа. И при изборот на лица за другарување се покажало дека се јавуваат како релевантни истите овие особини, освен особините: марливост, дисциплинираност и способност за решавање на проблеми.

Од повеќето фактори кои влијаат врз социјалниот статус на учениците во паралелката, Бенчек (1977) посебно го проучувала дејството на следните фактори: училишен успех, интелигенција, социјално-економски статус и општа здравствена состојба. За оваа цел биле испитани вкупно 236 ученици (по 4 паралелки од III и VII одделение), при што, како инструменти за добивање на потребните податоци се употребени: социометриски тест, БОБ серија, Равенови прогресивни матрици и лични картони од систематски лекарски прегледи. Резултатите на ова испитување покажале дека постои позитивна корелација со секој од четирите фактори, но не и во еднаков износ. Највисока била корелацијата меѓу училишниот успех и социјалниот статус (просечна за 4 паралелки од III одд. 0,75), а нешто пониска меѓу интелигенцијата и социјалниот статус. Мошне пониска корелација е утврдена меѓу социјално-економскиот статус и социјалниот статус (0,29) и меѓу општата здравствена состојба и социјалниот статус (0,31).

Во едно опсежно социометриско истражување Кузмановиќ (1978) сакал, покрај другото, да провери кои чинители се јавуваат како релевантни во однос на социјалната прифатеност на деца од дом - семејства. Примерокот на ова истражување го сочинувале 238 ученици, кои биле сместени во дом-семејства и 444 ученици кои живееле заедно со своите родители (вкупно 25 паралелки од II до VII одделение). Степенот на социјалната прифатеност е утврдуван со помош на социометриски тест, со еден социометриски критериум - другарување. Ова испитување покажало дека како значајни чинители од кои зависело прифаќањето во паралелката на децата од дом-семејствата, биле: училишниот успех, интелигенцијата, определени пореметувања во моториката, непочитувањето на моралните норми (крадење, лажливост), тврдоглавост, агресивност и слабата прифатеност на децата во дом-семејствата.

Крњајиќ (1981) го испитувал исто така значењето на одделни психосоцијални особини во однос на социјалниот статус. Тој тргнал од хипотезата дека за социјалниот статус на учениците во средношколските паралелки имаат посебно значање следните фактори: интелигенција, социјалната интелигенција, определени црти на личноста, социјално-економскиот статус на семејството и училишниот успех. Важноста на овие фактори е утврдувана врз основа на две групи ученици, од кои, едната група била ученици со висок социјален статус - вкупно 36, а втората група, ученици со низок социјален статус - вкупно 29. Овие две групи ученици биле испитувани со Равеновите прогресивни матрици, еден тест на социјална интелигенција, Кателовиот инвентар на личноста (HSPQ) и со еден прашалник. Од анализата на прибраните податоци Крњајиќ, установил

дека: 1. Интелигенцијата и социјалната интелигенција се значајни фактори на социјалниот статус. Учениците со висок социјален статус постигнуваат, по правило, повисоки скорови на овие тестови од оние со низок социјален статус. 2. Меѓу учениците со висок и со низок социјален статус не постои разлика ниту во една од 14-те примарни црти на личноста, што се испитувани со Кателовиот инвентар на личноста. 3. Учениците кои имаат висок социјален статус се разликуваат од оние со низок социјален статус во тоа што тие се со подобар училишен успех и што потекнуваат од семејства со поповолни семејни прилики.

За разлика од сите претходно спомнати истражувања, во кои релацијата меѓу одделни психо-социјални карактеристики и социјалниот статус е проучувана во социјални групи од основни и средни училишта, Георгиевски (1981) се осврнува врз овој проблем кај групи на студенти. Поточно, тој во својата докторска дисертација го разгледувал, покрај другото, и прашањето за односот меѓу социјалната структура на студентите и нивното другарување и учествување во различни пријателски групи.*)

Основното прашање во овој случај било да се утврди колкаво влијание има социјалната структура на студентите врз определени облици на нивно неформално групирање (избирање на најдобри другари, заедничко поминување на слободното време, подготвување на испити и избор на младич, односно девојка). Податоците на ова

---

*) Социјалната структура на студентите авторот ја сфаќа како состав на студентите според социјалното потекло во однос на занимањето на родителите и припадноста кон определен општествен слој. Занимањата се групирани во категориите: работници, земјоделци, администрација, стручњаци, раководители, други занимања.

испитување кое е извршено со една поширока цел, се прибирани врз основа на еден репрезентативен примерок од 1450 студенти (или 5,51 % од вкупниот број редовни студенти на Универзитетот во Скопје), а како извори при тоа се користени пописни листи, прашалник, студентски картони и друга статистичка документација. Врз основа на направената анализа авторот извел заклучок: дека социјалната структура на студентите има значајно влијание врз изборот на најдобри другари, односно дека студентите како најдобри другари ги избираат најчесто оние кои имаат исто или слично социјално потекло (C = 0,438), а исто така, дека тоа влијание врз формирањето групи за подготвување на испитите ( C = 0,327), врз омеѓувањето на друштвото во кое и со кое најчесто се поминува слободното време (C = 0,374) и врз изборот на интимни другари (избор на девојка или младич), односно на идни брачни другари ( C = 0,293). Освен тоа, тој утврдил дека социјалната структура на студентите има позначајно влијание врз градењето на социјалните односи меѓу студентите, отколку врз нивниот успех во студирањето ( C=0,159). Оваа утврдена поврзаност, односно условеност на социјалните односи на студентите од нивната социјална структура, Георгиевски се обидува и главно успева да ја објасни. Имено, тој смета дека присутната поврзаност е резултат на определено подготвување на индивидот за задоволување на потребата за другарување, кое се остварува во семејството преку процесст на покласнување и послојување на единката. Во тој процес класата или слојот вршат влијание на таков начин што родителите во контакт со своите деца свесно им "всадуваат" во нивните глави определени ставови и мислења во вид на лозинки, како на пример: "Дружи се со рамни на себе", "Тој е богат, зар сака со нас да се дружи" и т.н.

Значаен момент на овој процес претставува исто така, и тоа што секое семејство гаи пријателски односи спрема определен круг на други семејства (со исто или слично социјално потекло) со кои најчесто заедно го минува слободното време (излети, летување и слично). Овој вид заедништво на слични или исти семејства по социјално потекло, смета Георгиевски, дека им пружа прилика на децата во остварувањето на контактите да изградуваат определени критериуми и мислења во врска со тоа, со кого треба да се другарува и какви особини треба да поседуваат нивните сакани другари. А, тоа се оние ставови и мислења што се карактеристични за класата или слојот. Од наодите на ова истражување произлегува дека степенот на поврзаноста којшто е утврден меѓу социјалниот фактор "социјално потекло" и одделните видови на социјални односи се објаснува со помош на психолошки варијабли, како што се, развивањето на определени ставови и лични особини. На психолошките особини, значи, им се доделува статус на варијабли кои интервенираат меѓу социјалните услови од една страна, и остварувањето на одделните видови на социјални односи, од друга страна.

Стојановски (1984) посебно го испитувал статусот на прифатеност во паралелката на ученици близнаци. Целта на испитувањето на овој проблем била да се утврди: (1) дали учениците близнаци имаат ист социјален статус во паралелката како и другите ученици,(2) дали паровите на близнаци се во еднаков степен прифатени од учениците во паралелката и (3) дали учениците близнаци и другите ученици се разликуваат меѓу себе во поглед на нивната социјална експанзивност. За остварување на поставената цел се

испитани 25 паралелки од VII и VIII одделение, со вкупно 796 ученици, од кои 50 ученици близнаци. Учениците се испитувани со помош на социометриски тест со три критериуми - заедничко учење, учествување во секции на слободни ученички активности и другарување во слободно време. При социометриското испитување на учениците им е пружана можност да ја искажуваат својата меѓусебна наклоност и ненаклоност на скала со следните пет степени: најмногу би сакал (5), би сакал (4), сеедно ми е - и би сакал и не би сакал(3), не би сакал (2) и воопшто не би сакал (1). Врз основа на добиените резултати Стојановски го извел следниот заклучок:

Прво, учениците близнаци, кога се третираат како посебна група, имаат нешто поповолен социјален статус во паралелката, во споредба со останатите ученици. Утврдената разлика, која оди во нивна полза, е навистина мала, но таа е статистички значајна.

Второ, паровите на близнаци се најчесто во еднаков степен прифатени од учениците во паралелката. Ова се поткрепува со фактот дека се добиени високи коефициенти на корелација меѓу паровите на близнаци, како во однос на индексот на прифаќање и индексот на отфрлање, така и во однос на индексот на социјалниот статус (0,84; 0,84 и 0,81).

И трето, учениците близнаци се исто толку социјално експанзивни колку што се тоа и другите ученици. Тие не се разликуваат од останатите ученици, ниту според степенот на манифестирањето на позитивна, а ниту пак, на негативна социјална експанзивност.

# 3. ПРОБЛЕМ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Проблем и цели на истражувањето

Идејата за истражување на корелатите на социјалниот статус на учениците во училишните групи не е ниту нова, а не е ниту пак неистражувана. Од досегашните истражувања, главно, произлегува дека индивидуалните разлики во социјалниот статус на учениците можат да се објаснуваат со помош на три групи фактори - персонални, социјални и ситуациони фактори. Во рамки на истите е утврдено дека посебно значење имаат:

а) Во групата на персоналните фактори: полот, надворешниот изглед (физичкиот изглед и личната уредност), општата здравствена состојба, способностите (сензорни, психомоторни и интелектуални - посебно интелигенцијата), ставовите и вредностите, мотивираноста и работните навики за учење, емоционалната состојба, училишниот успех, како и определени црти на личноста - оние кои придонесуваат за успешно остварување на групните цели и оние кои се значајни за остварувањето на складни, добри односи меѓу учениците.

б) Во групата на социјалните фактори: социјалното потекло на учениците, семејните услови (составот на семејството, големина на семејството, општата психолошка клима во семејството), социјално-економскиот статус на родителите, образовното ниво на родителите, редот на раѓањето на детето, определени карактеристики на групите (составот на групата, времетраење на функционирањето на групата, видот на односот меѓу учениците во групата - на пример, кооперативен или пак компетативен однос, начинот за раководењето со групата, можноста за активно учествување на учениците во решавањето на прашањата значајни за активноста на групата, групната атмосфера, структуралните карактеристики на групата - сис-

темот на позиции и улоги во групата, како и видот на групата - на пример, паралелната како училишно-наставна група и секциите како вонnаставни училишни групи) и одделни фактори од педагошка природа (системот на организирањето и обавувањето на наставно-воспитната работа во училиштето и педагошките и личните квалитети на наставниците).

в) Во групата на ситуационите фактори: просторната близина (просторниот распоред на учениците во паралелката и оддалеченоста на станот на живеење на учениците од училиштето), како и просторните и наставните услови во кои се изведува наставно-воспитната работа.

Што се однесува пак на истражувањата во кои се проучувани личните особини[x)] како фактори на социјалниот статус на учениците, значајни се неколку согледувања кои се земени предвид при дефинирањето на проблемот и целите на ова истражување. Тоа се:

Прво, поголем број од досегашните истражувања, со оглед на поставуваните цели, имаат експлоративен карактер. Во нив претежно е настојувано да се откријат, опишат и/или разграничат личните особини на учениците кои заземаат различен социјален статус во училишните групи, и тоа најчесто во паралелката како училишна група и најчесто за учениците со висок и низок социјален статус. Значи, целта на истражувањето на овој проблем е исцрпувана со прашањата, како што се на пример, дали некоја особина ја поседуваат или не ја поседуваат учениците од одделни видови категории на социјален статус, или пак, кои лични особини ги карактеризираат

---

x) Во овој труд се употребуваат со синонимно значење изразите: личниособини, персонални карактеристики и лични карактеристики.

учениците кои имаат различен социјален статус. Ако се тргне од овој факт, тогаш како слабост овде се јавува отсуството на наоди во врска со прашањата, на пример, дали одделни лични особини на учениците имаат исто или пак различно значење за социјалниот статус, или каков е придонесот на определени структури на особини на личноста во објаснувањето на разликите во социјалниот статус на учениците.

Второ, во одделни истражувања е направен обид за проучување и на степенот на поврзаноста меѓу социјалниот статус и личните особини. Настојувано е притоа да се согледа и да се утврди не само дали некои лични особини се значајни за социјалниот статус туку и тоа, какво и колкаво е нивното значење, а исто така, и колку некоја лична особина е значајна за социјалниот статус, во споредба со некои други лични особини. Гледано од аспект на вака поставуваните цели, би можело да се каже дека во проучувањето на дадениов проблем е направен во овој случај чекор нанапред. Меѓутоа, тука се поставува прашањето, колку овие истражувања се успешни во поглед на утврдувањето на вистинскиот придонес што го даваат одделни лични особини или групи на лични особини во објаснувањето на индивидуалните разлики во социјалниот статус на учениците. Ова се доведува во прашање од следните причини: Прво, бидејќи во овие истражувања придонесот на личните особини е утврдуван преку постапки на проста корелација,[x)] што значи, во едноставни ситуации во кои личните особини се третирани како поединечни, изолирани варијабли, а не и како варијабли кои се и меѓусеб-

---

x) Постапките на проста корелација сами за себе не претставуваат соодветна методолошка основа за утврдување на уделот на одделни лични особини што тие може да го имаат во поглед на објаснувањето на разликите во социјалниот статус.

но поврзани. Согледувано е, значи, парцијално дејство на секоја лична особина, третирана како независна варијабла и неповрзана со другите лични особини. При утврдувањето на дејството е постапувано така како да се личните особини, една од друга независни, заемно неповрзани детерминантни на социјалниот статус. Меѓутоа, факт е дека личните особини се во различен степен меѓусебно поврзани и тие заради тоа не е ни основано да бидат разгледувани на таков начин. Личните особини токму заради тоа што најчесто не се меѓусебно независни, може да имаат свој директен и индиректен придонес [x)], во смисла на објаснувањето на разликите во социјалниот статус. Токму ова, всушност, претставува слабост кај овој вид истражувања. И второ, кај овие истражувања не е трагано во насока на утврдување на придонесот на личните особини, кои заедно би биле третирани како фактори на социјалниот статус, односно,во нив не е настојувано да се утврдува мултиплото дејство на повеќе лични особини, а за кои би постоела логична основа да бидат третирани како заеднички фактор.

Трето, во досегашните истражувања не е испитувано значењето што може да го имаат за социјалниот статус некои поопшти својства на личноста. Во оваа смисла, малку е обрнувано внимание на стабилните особини на личноста и на определени структури на особини на личноста, како што се, на пример, Кателовите изворни црти на личноста, или, пак, Ајзенковите димензии на личноста.

Четврто, добар дел од истражувањата во кои е испитувано значењето што го имаат личните особини во однос на социјалниот

x) Индиректниот придонес на личните особини произлегува од самиот интеракциски однос што може да постои меѓу нив, кога тие се разгледуваат како независни варијабли, во однос на социјалниот статус, како зависна варијабла.

статус, се извршени многу порано, пред повеќе децении. Што значи, ако се има предвид фактот дека оттогаш наваму се остварени битни промени во социјално-економските односи и условите под кои се обавува воспитно-образовната дејност, тогаш и од овој аспект гледано, се наметнува како потреба да се преиспитува прашањето, колку одделни лични особини се навистина значајни за социјалниот статус на учениците.

И петто, на што укажуваат наодите на досегашните истражувања-е тоа дека влијанието на личните особини врз социјалниот статус не треба да се согледува ни независно од возраста на учениците, ниту пак независно од социјалната активност во однос на која учениците ја искажуваат сопствената меѓусебна наклоност и ненаклоност. Секако, ова нешто упатува на фактот дека при проучувањето на односот меѓу социјалниот статус и личните особини, е потребно да се води сметка и за методолошкиот принцип - конкретност, во смисла на тоа улогата на личните особини да се согледува и утврдува во поглед на определени социјални активности кај одделни видови групи на ученици и кај учениците од определена возраст.

Од бројните фактори кои се значајни за социјалниот статус а кои најчесто се од субјективна и објективна природа,[x)] во ова истражување се прави обид да се согледа и да се утврди исклучиво само значењето што го имаат во овој поглед личните особини. Од ова произлегува дека <u>основниот проблем на ова истражување е да се согледа и да се проучи сложениот однос што постои меѓу социјалниот статус на учениците во паралелката и личните особини како</u>

---

x) Личните особини се разгледуваат како фактори на социјалниот статус, со третман на фактори од субјективна природа, а социјалните и ситуационите - со третман на фактори од објективна природа.

негови детерминити. Овој нивни меѓусебен однос ќе биде согледуван посебно во паралелки на ученици од VII одделение. Со оглед на ова, основна цел на ова истражување е да се утврди степенот на нивната меѓусебна поврзаност, односно да се согледа и да се утврди релативниот придонес што го даваат личните особини во објаснувањето на разликите што се јавуваат кај социјалниот статус на учениците. Притоа, ќе се настојува да се утврди релативниот придонес, што го имаат во оваа смисла, одделни биофизички, когнитивни, контивно-мотивациски, емоционални и психопатолошки особини.

Во сообразност со проблемот и општата цел на ова истражување, како посебни цели и задачи се поставуваат:

1) Да се утврди видот и степенот на меѓусебната поврзаност на социјалниот статус и личните особини на учениците и тоа во ситуации во кои секоја лична особина се третира како посебна,независна варијабла.

2) Да се согледа дали постојат разлики меѓу одделните лични особини во поглед на нивното влијание врз социјалниот статус.

3) Да се утврди мултиплата корелативна поврзаност меѓу социјалниот статус и определени структури на лични особини, третирани како систем на предикаторски варијабли.

4) Да се утврди директниот и индиректниот придонес на одделни лични особини во објаснувањето на варијансата кај варијаблата - социјален статус.

5) Да се определат личните особини со помош на кои може најдобро да се предвидуваат разликите што постојат кај социјалниот статус на учениците.

## 3.2. Хипотези

Генералната хипотеза на ова истражување е дека социјалниот статус на учениците во паралелката зависи од видот и степенот на развиеноста на определени лични особини. Во врска со оваа општа хипотеза, како посебни хипотези се поставуваат:

1. Постои статистички значајна поврзаност (значајна корелација) меѓу социјалниот статус и различните видови лични особини на учениците: биофизичките, когнитивните, конативно-мотивациските, емоционалните и психопатолошките особини.

2. Одделните видови лични особини не се во иста корелација со социјалниот статус и тие според тоа немаат еднаков придонес во објаснувањето на разликите во социјалниот статус на учениците.

3. Постојат статистички значајни разлики во однос на мултиплата корелација меѓу социјалниот статус и определени групи на лични особини, кои би се третирале како различно компонирани системи на предикаторски варијабли.

4. Личните особини, заради тоа што не се меѓусебно независни, имаат свој директен и индиректен придонес во објаснувањето на варијабилитетот што постои кај варијаблата социјален статус.

5. Социјалниот статус на учениците може еднакво успешно да се предвидува со помош и на помал број лични особини на учениците.

## 3.3. Варијабли и индикатори

### 3.3.1. Зависна варијабла - социјален статус на учениците во паралелката

Социјалниот статус на учениците во паралелките е утврдуван врз основа на податоци што се добиени со помош на социоме-

триски тест. Со тестот се опфатени три социометриски критериуми: заедничко учење, учествување во секции на слободни ученички активности и другарување во слободно време. Врз основа на добиените социометриски податоци на овие три критериуми за секој ученик се пресметани четири индекси на социјален статус, и тоа, по еден индекс за секој критериум и еден просечен индекс на социјалниот статус за трите критериуми.

Повисоката вредност на овие индекси индицира поповолен социјален статус во паралелката и обратно.

### 3.3.2. Независни варијабли - лични особини на учениците

1. Биофизички особини. Варијабли и индикатори

Во рамките на ова истражување се опфатени како посебни варијабли: полот, висината, тежината и возраста на учениците. Податоците за варијаблите: висина, тежина и возраст се прибрани за време на испитувањето на другите лични особини. Варијаблата висина е искажувана во сантиметри, тежината во килограми, а возраста во месеци.

2. Когнитивни способности. Варијабли и индикатори

Когнитивните особини на личноста, како што покажуваат истражувањата, се хиерарсиски структуирани. Според Буквиќ и соработниците (1973) постојат четири нивоа на структуираност на интелектуалните способности, и тоа: I-ниво, мошне специфични способности, II-ниво, тесни групни способности, III-ниво, широки групни способности и IV-ниво, општа интелектуална способност.

Тргнувајќи од фактот дека општиот интелектуален фактор, или интелигенцијата, високо корелира со сите останати когнитивни

фактори, сметаме дека интелигенцијата може да се земе како сигурен индикатор за интелектуалниот статус на учениците. Впрочем, интелигенцијата е фактор од којшто во најголема мера зависи постигнатиот успех во учењето. Затоа во ова истражување се избрани следните когнитивни варијабли и инструменти за нивна процена:

а) Генералниот фактор на интелектуалните способности, кој е испитуван со тестот "Домино-48";,

б) Способноста за увидување на битни односи и врски, која е испитувана со тестот "Резонирање на ликови" (TRL) и

в) Изворната црта на личноста "B" (B - фактор на личноста) која означува општа интелигенција, а која доаѓа до израз при решавањето на проблеми и при снаоѓањето во сложени ситуации, којашто е испитувана со Катловиот инвентар на личноста HSPQ.

3. <u>Конативно - мотивациски особини</u>

-Варијабли и индикатори

Како конативно-мотивациски варијабли во ова истражување се земени следните особини на личноста.

а. Кателовите биполарни изворни црти на личноста, т.е. фактори на личноста, кои се испитувани со помош на инвентарот на личноста HSPQ

1. Саизотимија (A -) - афектотимија (A+)

A - факторот на личноста претставува, всушност, димензија на темпераментот од којашто во голема мера се условени индивидуалните разлики во однесувањето на поединците. Кај овој фактор биполарни црти на личноста се негативниот пол A- (саизотимија) и позитивниот A+ (афектотимија). Саизотимијата се манифестира преку особините, како што се: рамнодушност, ладен однос, коутост,

оневозможување на соработка, одбојност и резервираност, а пак афектотимијата преку особините: добронамерност, спремност за соработка, внимателен однос кон луѓето, доверливост и прилагодливост.

Ниските скорови на инвентарот на личноста индицираат сaизотимија, а повисоките афектотимија.

2. Субмисивност (E -)-доминација (E +)

Кај E- факторот на личноста негативниот пол (E-) укажува на цртата субмисивност, а пак, позитивниот (E+) на доминација. Карактеристични особини што ги опфаќа цртата сумбисивност се: покорност, несигурност во себе, попустливост, послушност, љубезност и повлеченост, а пак кај цртата - доминација, тоа се:самодоверба, наметливост, насилнички однос, воображеност, самоволност и тврдоглавост.

Ниските скорови на инвентарот на личноста индицираат субмисивност, а повисоките доминација.

3. Десургенција (F-) - сургенција (F+)

Оваа изворна црта на личноста се развива предимно под влијание на срединските услови и таа претставува резултат, пред се, на животната историја на детето. Кател истакнува дека постои разлика во животното искуство меѓу оние кои постигнуваат високи и ниски скорови на оваа скала. Низ животното искуство кај оние со високи скорови е изградувано верувањето дека "во светот се е во најдобар ред", а пак кај оние со ниски скорови-верувањето дека "животот е црн" и полн со опасности и непријатности и дека во животот се мора да се прифаќа сериозно. Високите скорови на оваа скала не значат социјабилност, ами нагласена потреба за самопотврдување, желба за допаѓање и слично. Негативниот пол (F -) на

овој фактор се нарекува десургенција, а позитивниот (F+) сургенција. За десургентните лица е карактеристично дека се повлечени во себе, троми, молчаливи, потиштени, срамежливи и загрижени, а пак сургентните лица се весели, ведри, друштвени, говорливи,безгрижни, духовити и енергични.

Ниските резултати на инвентарот на личноста индицираат десургенција, а повисоките сургенција.

4. Слабо суперего (G-) силно суперего (G+)

Развојот и на оваа изворна црта на личноста е условен во голема мера од срединските услови. Негативниот пол (слабо суперего) ги зафаќа непожелните особини: неистрајност, површност, поводливост, незрелост, мрзеливост, немарност, запоставување на обврските и променливост, а позитивниот пол (силно суперего) особините: истрајност, одлучност, сигурност, совесност, морално физичка храброст и одговорност кон обврските.

Ниските резултати индицираат слабо суперего, а повисоките силно суперего.

5. Зепија (J-) - коастенија (J+)

Се смета дека J - факторот на личноста е конститутивно условен. Лицата со (J-) - црта на личноста се стремат да бидат центар на вниманието, полни се со воодушевеност, лесно се вклучуваат во групните потфати, енергични се и ги прифаќаат групните норми. Наспроти ова, лицата со (J+) - црта на личноста се воздржливи во контактите со други луѓе, се однесуваат индивидуалистички, несклони де да ги признаат своите грешки, го помнат подолго она со што некој им се замерил, имаат лични погледи различни од групата, безобѕирни се и повеќе се свртени кон себе.

Ниските резултати од оваа скала иницираат зепија, а повисоките коастенија.

6. Зависност од други (Q 2-) - самодоволност (Q 2+)

Според наводите на Кател, особините на оваа црта може да бидат резултат на различни семејни влијанија, но и тоа дека може да се претпостави дека оваа изворна црта е и од наследен карактер, бидејќи зрелоста и независноста се засновуваат на темпераментот кој е наследно детерминиран. Негативниот пол - зависност од други ги опишува лицата кои повеќе сакаат да работат во група и заеднички да донесуваат одлуки, бидејќи се несамостојни и неодлучни. Во своите постапки и акции тоа се лица кои очекуваат да им се одобруваат нивните акции и другите да покажуваат кон нив восхит и наклоност. Таквите лица не се потикнати од потребата за друштво, туку од потребата да им се дава поддршка од страна на другите. Додека пак позитивниот - пол самодоволност ги опишува лицата кои тежат самостојно да одлучуваат, кои одат по сопствен пат, кои се независни и кои во односите со други лица се оградуваат од нивното влијание, бидејќи сметаат дека мислат исправно и дека сами можат да ги решаваат своите проблеми. За нив не може да се каже дека се човекомрасци, туку дека ним едноставно не им е потребно одобрување или неодобрување од страна на други лица.

Ниските резултати на оваа скала ја индицираат цртата на личноста - зависност од други, а повисоките, цртата - самодоволност.

б) Останатите конативно - мотивациски особини, што се опфатени со ова истражување, се испитувани со помош на други постапки и тестови на личноста.

7. Интроверзија - екстроверзија (IE)

Оваа димензија на личноста, која претставува најопшт фактор во хиерархиската структура на особините на личност, вклучува во себе како конативни така и емоционални и мотивациски фактори. Истата е претставена на континуирана биполарна скала, на скала со позитивен и негативен пол. Негативниот пол - интроверзија ги опишува лицата кои се свртени кон себе, кои се мирни и повлечени, кои тешко воспоставуваат врска со други луѓе, кои ги контролираат сопствените чувства и не сакаат возбудувања. Тоа се лица истрајни во работата, кои долго размислуваат и кои ги контролираат агресивните импулси. За разлика од нив, екстровертите се отворени, имплусивни, желни за големи возбудувања, комуникативни, друштвени, оптимистички настроени, спремни за шега и пријатни. Екстровертните лица лесно го менуваат расположението и недоволно ги контролираат своите чувства.

Оваа димензија на личноста е испитувана со помош на Ханесовата скала.

8. Искреност

Ова особина е испитувана со помош на субскалата L, која е составен дел на Ханесовиот тест.

Повисоките скорови на L - скалата индицираат понизок степен на искреност и обратно.

9. Спремност за соработка

Оваа варијабла е добиена со помош на скала од типот инвентар на личноста (SP-2). Со оваа скала се испитува биполарната особина, спремност за соработка - наклоност кон социјална изолација.

Пониските резултати на оваа скала индицираат наклоност кон социјална изолација, а повисоките спремност за соработка.

1о. Склоност кон доверба во луѓето

Оваа варијабла се однесува на димензијата, доверба - недоверба во други луѓе, Истата е испитувана со посебна скала SP-3.

Ниските резултати на скалата индицираат недоверба, а повисоките - доверба.

11. Несебичност

Со помош на посебна скала за несебичност (SP-6) е испитувана оваа димензија на личноста. Биполарни полови на оваа димензија се: несебичност - себичност.

12. Општ мотив на постигнување

Варијаблата мотив на постигнување е испитувана со помош на посебна скала MOP. Резултатите на оваа скала укажуваат на степенот до кој се изразени три мотивациски варијабли: варијаблата мотив на постигнување (OP), позитивната емоционална ангажираност, самоконтрола и стабилност (PE) и негативната емоционална ангажираност, инхибиција и нестабилност (NE).

13. Работни навики за учење

Со помош на посебен инвентар се испитувани работните навики за учење.

Повисоките скорови на инвентарот укажуваат на изграденост на подобри навики за учење и обратно.

14. Успешност во учењето

Како индикатор за успехот во учењето е земен просечниот успех на учениците, изведуван врз основа на годишните оценки по сите наставни предмети. Постигнатиот успех во учењето се зема како мотивациска варијабла од причини што оценките претставуваат надворешен мотив на учењето и што постигнатиот успех е резултат, покрај другото и на тоа каков однос имаат учениците кон извршувањето на училишните обврски.

4. Особини на емоционалното подрачје на личноста. Варијабли и индикатори

Во ова истражување како варијабли на личноста се опфатени следните емоционални особини.

а. Кателовите биполарни изворни црти на личноста, мерени со инвентарот HSPQ.

1. Слабо его (C-) и силно его (C+)

Овој фактор зазема трето место меѓу Кателовите фактори, кои ги условуваат индивидуалните разлики кај поединците. C-факторот на личноста е сличен на психоаналитичкиот поим "его" и истиот има влијание врз тоа, лицето на стабилен начин да ги манифестира своите чувства и нагони. Позитивниот пол (C+) означува силен его, а пак негативниот (C-) слабо его. Лицата со "силно его", се одлучни, емоционално стабилни, со висока толеранција на фрустрација, реалистични ги согледуваат проблемите и не го менуваат лесно своето расположение без некои видни причини. Спротивно на ова, лицата со "слабо его" се емоционално нестабилни, подложени на своите чувства и со ниско ниво на толеранција. Тоа

се лица кои нереално ги согледуваат проблемите, кои не можат успешно да ги контролираат сопствените чувства и импулси и кои брзо го менуваат своето расположение и без вистински причини, па и реагираат на невротичен начин.

Ниските резултати на тестот индицираат слабо его, а повисоките силен его.

2. Воздржливост (D-) - раздразливост (D+)

И оваа варијабла на личноста биполарно е дистрибирана: нејзиниот позитивен пол изразува - раздразливост, а негативниот - воздржливост. Карактеристика за позитивниот пол се реакциите на раздразливост, нетрпеливост и претерана активност. Позитивниот пол кај оваа црта не значи вид на чувствителност и имплусицност, туку едноставно, само раздразливост која се манифестира поради постоењето на напнатост, немир и настојување врз себе да се привлече внимание. За негативниот пол карактеристични се реакциите на воздржливост, претпазливост и пасивност.

Ниските резултати на тестот означуваат воздржливост, а повисоките раздразливост.

3. Тренција (H-) - пармија (H+)

Од сите Кателови изворни црти на личноста цртата "H" е во најголем степен генетички условена. Оваа црта претставува, всушност, димензија на темпераментот.

Негативниот пол кај оваа црта (страшливост - тренција) ги опишува оние лица што се плашливи, повлечени и срамежливи. Тоа се лица што патат од чувство на помала вредност и кои не покажуваат готовност да стапат во контакт со други лица. Позитивниот пол, пак (бестрашност или пармија) ги опишува лицата што се бестрашни,

храбри, смели и иницијативни (луѓе од акција). Таквите лица имаат богат емоционален живот и се наметливи.

Ниските резултати на тестот индицираат плашливост (трекција), а повисоките - бестрашност (пармија).

4. Харија (I-) - премсија (I+)

Оваа изворна црта на личноста (I) е предимно условена од срединските фактори, а не толку од разлики во темпераментот. Се смета дека првостепено значење за нејзиниот развој имаат семејните услови - општата психолошка клима во семејството и односот на родителите кон своите деца. Негативниот пол на оваа црта опишува лица кои се емоционално зрели, независни, самостојни, кои владеат со своите чувства, кои не страпуваат и кои се радо примени во друштво. Додека, пак, позитивниот пол опишува лица што се нестрпливи, емоционално незрели, зависни, сентиментални, анксиозни, наклонети кон фантазирање, кои сакаат да им се нагодува и кои потешко прифаќаат одговорни задачи.

Индикатор за харија(реалистичност) претставуваат пониските скорови на тестот, а за премсија (нереалистичност), повисоките резултати на тестот.

5. Спокојност (самосигурност, O-) - склоност кон чувствување вина, бојазливост (O+)

И оваа изворна црта е биполарно распоредена. Полови на оваа црта се O- (спокојност) и (O+) бојазливост. Позитивниот пол (бојазливост) опишува лица кои се загрижени, депримирани, претежно молчаливи, неамбициозни, полни со злонамери и кои чувствуваат дека се неприфатени во групата. Наспроти ова, негативниот пол опишува лица кои се со "јаки живци", самоуверени, спокојни,

срдечни и ведри. Тоа што тие се чувствуваат премногу сигурни понекогаш им пречи на другите, па и предизвикува чувство на антипатија кон нив.

Индикатор за спокојност претставуваат пониските скорови на тестот, а пак, за бојазливост повисоките скорови.

6. Селф - конфликт ($Q_3$-) - јас-сентимент ($Q_3$+)

Овој фактор на личноста се однесува на ставот на испитуваниците спрема себе, спрема своето ЈАС. Тоа е, всушност, црта која покажува во кој степен индивидот управува со своето однесување, сообразно со изградениот поим за себе.

Ниските резултати на овој фактор опишуваат лице кое има конфликт со самиот себе, кое е немирно - недисциплинирано, кое нема самоконтрола во однесувањето и чие однесување е најчесто во согласност со сопствените внатрешни импулси. Повисоките резултати на овој фактор опишуваат лице кое има висока самоконтрола, кое е амбициозно при остварувањето на општествено вредни цели, кое е мошне совесно и самодисциплинирано и кое е подготвено да ги прифаќа проверените морални норми и стандарди.

7. Ниска ергична тензија ($Q_4$-) - висока ергична тензија ($Q_4$+)

$Q_4$ - факторот на личноста го опишува нивото на раздразливост и напнатост што произлегува од "неиспразнетоста" на нагоните. Негативниот пол на оваа црта на личноста опишува лице кое се чувствува нефрустрирано, релаксирано, мирно и сталожено. Позитивниот пол опишува лице кое се чувствува фрустрирано, напнато, вознемирено и раздразливо и кое не е способно да се олабави.

Пониските резултати на тестот се индикатор за ниска ергична тензија, а повисоките за висока ергична тензија.

8. Толеранција на фрустрација

Толеранција на фрустрација како веријабла е преценувана со помош на посебна скала М-3. Ајтемите на оваа скала се избрани и компонирани така што опфаќаат фрустрации на биолошки потреби - потребата за да се биде важен (цемет) и признат и потребата за разонода. Резултатите на оваа скала укажуваат на степенот на толеранцијата на фрустрациите (од низок до висок степен).

9. Социјално-емоционална зрелост

За испитување на оваа варијабла е употребен Фредериковиот тест, кој дава можност да се утврдува степенот на социјално-емоционалната зрелост. Ниските резултати на тестот индицираат низок степен на социјално-емоционална зрелост, и обратно, високите висок степен на зрелост.

5. <u>Психопатолошни особини на личноста</u>.

Варијабли и индикатори

Во оваа истражување се земени неколку психопатолошки особини на личноста. Како социјално-патолошки особини се опфатени трите вида на социјални ставови, и тоа: авторитетност, конформизам и конзерватизам.

1. Авторитериост (Ajz-A)

Оваа варијабла на личноста е испитувана со посебна скала за авторитарност, во која содржината на ајтемите е така компонирана да се очекува нивно прифаќање од страна на оние испитаници кои веруваат дека решенијата на општествените проблеми треба да се бараат преку спроведувањето "политика на цврста рака" и тоа во сите значајни области и домени на животот. Што значи, се ра-

боти за скала чии ајтеми се очекува да бидат прифатени од оние лица кај кои постои нагласена персонална тенденција за послушност, субординација и верување во ставови и мислења на авторитети.

Повисоките скорови на скалата индицираат поголем степен на авториторност и обратно.

2. Конформизам (Ajz - C)

Конформизмот се дефинира како особина на личноста преку која се изразува компонентата на социјалните ставови, која се состои во пасивно прифаќање на стандарди и вредности без преиспитување на појавите спрема кои се формира ставот.

Повисоките скорови на скалата се индикатор на поголем степен на конформизам, а пониските за помал степен на конформизам.

3. Конзерватиност (BESK)

Под варијаблата конзервативност се подразбира тенденција на поединецот да се придржува кон традиционалните начини на однесување и да манифестира отпор кон промените и настојувањата да се внесе нешто ново на индивидуален и општествен план.

Повисоките скорови се знак за конзервативност, а пониските за неконзервативност.

Како емоционално-психопатолошки особини, кои претставуваат значајна контраиндикација на зрелата личност, се земени особините: анксиозност, депресија, агресија и невротизам.

4. Анксиозност

Оваа варијабла е испитувана со скала за анксиозност (А). Повисоките скорови на скалата означуваат поголем степен на анксиозност и обратно.

5. Депресија

Депресијата е испитувана, исто така, со помош на посебна скала, кај која повисоките скорови укажуваат поголем степен на депресивност и обратно.

6. Агресивност

Оваа веријабла е испитувана со посебна скала за агресивност, при којашто повисоките скорови се знак за поголем степен на агресивност и обратно.

7. Невротизам

Невротизмот како посебна варијабла е испитуван со помош на Хонесовата скала. Невротизмот којшто се испитува е дефиниран како тенденција кон општа емоционална нестабилност, преголема чувствителност и неможност за рационално реагирање во стресни и фрустративни ситуации. Како негови значајни карактеристики се анксиозноста, психоматските тегоби и недостатокот на волја и истрајност во сите акции.

Индикатор за изразено присуство на невротични тенденции се повисоките скорови, а на низок степен на невротичност - ниските скорови.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Метод на истражување на односот меѓу социјалниот статус и личните особини

Од самиот проблем и поставените хипотези произлегува дека основно и суштествено во ова истражување е да се испита каква е поврзаноста меѓу социјалниот статус и личните особини на учениците. Поточно, да се испита оваа релација во смисла на тоа, какво и колкаво дејство имаат личните особини врз степенот на прифатеноста на учениците во паралелката.

Испитувањето на каузалните врски, што како цел се поставува и во овој случај, се врши со помош на две основни методи на истражување: систематско неекспериментално и експериментално истражување. Експерименталното истражување претставува, без сомнение, најсигурен метод на утврдување на причинско - последичниот однос меѓу одделни појави. Самата околност што при овој метод намерно и систематски се менуваат условите на некоја појава, претставува реална основа да се изведе сигурен заклучок за степенот на каузалната поврзаност.

Утврдувањето на каузалниот однос меѓу одделни појави може да биде, исто така, цел и тогаш кога се применува методот на систематско неекспериментално истражување. Меѓутоа, ваквиот однос со овој метод не се утврдува врз основа на согледување на промените кај некоја појава, кои се јавуваат како резултат на планско и намерно манипулирање со нејзините услови-како што е тоа кај експериментот, туку врз основа на резултатите кои се добиваат со помош на определени статистички постапки, а пред се, со примена на постапките на корелација и постапката на мултиваријантна анализа. Секоја од овие две основни методи на истражу-

вање може да се јави во повеќе посебни видови, односно форми или методолошки планови на организирање на истражувањето.

За испитување на односот меѓу социјалниот статус и личните особини е применет **ex-post-facto** методот на истражување. Своевидноста (специфичноста) на овој метод се состои во тоа што при истражувањето на каузалните врски не се оди во насока од причините кон последиците, туку обратно, од последиците кон причините. Тука не се настојува да се следи и контролира процесот на причинско-последичниот однос, ами се оди кон утврдување на последиците (ефектите) кои ги произвеле определени услови или фактори. Потоа, со примена на статистички постапки, се изведува заклучок за степенот на каузалната поврзаност. Значи, за овој метод е значајно дека насоката и интензитетот на дејството на независните варијабли врз зависната варијабла, не се утврдуваат во ситуации во кои тоа намерно се предизвикува и се следи во контролирани услови, туку за нивното дејство се заклучува отпосле, откако тие веќе оствариле определени ефекти.

Методот ex-post-facto, според мислењето на некои автори, претставува посебен вид експериментално истражување, а пак според други автори се смета дека е посебен вид систематско неекспериментално истражување. Така, Рот (1975) смета дека овој метод претставува посебен облик на систематско неекспериментално истражување, бидејќи истиот не ги задоволува условите карактерни за експерименталното истражување. Исто така, и Ѓуриќ (1962) смета дека овој метод претставува неекспериментално истражување. Тој дури нагласува дека е посоодветно истиот да се именува како метод на мултиваријантна анализа. Од друга страна пак, Мужиќ (1982) и некои други автори истакнуваат дека заради тоа што со примената на методот **ex-post-facto** може да се остварува она што

е битно за експериментот, истиот е вид експериментално истражување, но такво кое има помала научна вредност, бидејќи тука е многу потешко "наназад" да се контролираат условите во кои веќе дејствувал експерименталниот фактор. Тоа што не постои можност да се утврди "наназад" иницијалната состојба кај зависната варијабла, се наведува дека претставува основен недостаток на ex-post-facto експериментот. Овие присутни разлики во сфаќањата, кои се јавуваат единствено во поглед на определувањето на статусот на овој метод, како вид основен метод на истражување, а не и во однос на определувањето на неговата суштина, произлегуваат главно од разликите што постојат во врска со тоа, кои карактеристики се земаат како најсуштествени за експерименталното истражување. Така, оние автори кои сметаат дека овој метод претставува вид неекспериментално истражување, тргнуваат од фактот дека за експерименталното истражување е суштествено намерното и систематско манипулирање со независните варијабли, а пак, оние кои истакнуваат дека истиот претставува вид експериментално истражување, се раководат од тоа дека за експерименталното истражување е суштествено утврдувањето на каузалната поврзаност меѓу одделни појави. Во вториов случај, кога се прифаќа дека е битно за експериментот истражувањето на каузалните врски, се проширува, всушност, поимот - експеримент и на оние истражувања во кои намерно не се манипулира со независните варијабли. Со ваквото проширување пак, на поимот - експеримент се запоставува сосема неоправдано основниот критериум, дека сите методи на истражување се делат на експериментални и неекспериментални, во зависност од тоа под какви услови се врши набљудувањето и мерењето на појавите кои се предмет на изучување.

Степенот на поврзаноста меѓу личните особини и статусот на прифатеноста во групата може да се испитува и проучува по пат на експериментално и неекспериментално истражување. Овие две основни методи на истражување не се, меѓутоа, еднакво погодни. Така на пример, експерименталното истражување се покажува дека е најприкладно кога овој однос се изучува во дијадни групи и кога се сака најчесто да се утврди каков е односот меѓу една или две лични особини и социјалниот статус. А пак, на пример, кога овој однос се проучува во поголеми групи, како што е тоа паралелката, и кога се сака да се согледа какво дејство имаат повеќе лични особини врз социјалниот статус, тогаш се оценува дека е најпогодно ваквиот проблем да се истражува со методот на **ex-post-facto**, којшто, суштински гледано, претставува посебен вид систематско неекспериментално истражување.

## 2. Постапки и инструменти

Со оглед на специфичноста на поставениот проблем, за прибирање на потребните податоци се употребени повеќе постапки и инструменти[x]. Податоците во ова испитување се прибирани по пат на тестирање, анкетирање и прибирање податоци од педагошката документација - што како техника на секундарни податоци е користена само за добивање податоци за возраста на учениците и нивниот училишен успех. За останатите варијабли се употребени следните мерни инструменти:

x) Во овој труд поимот - постапка означува вид истражувачка активност, која се однесува на начинот како се прибираат податоците. Во оваа смисла, посебни постапки претставуваат: систематското набљудување, интервјуирањето, анкетирањето, тестирањето, скалирањето (проценувањето) и проучувањето на документи. Додека пак, поимот инструмент означува средство кое се употребува во истражувачката работа за прибирање податоци. Според ова значење, посебни видови инструменти претставуваат: протоколи и белешки од набљудувањето, различни апарати за снимање, записници од изведеното интервју, анкетни листови, тестови, скали на судови и скали за испитување на ставови.

2.1. Социометриски прашалник

Со социометрискиот прашалник се испитувани учениците за да се утврди нивниот социјален статус во паралелката. При планирањето и спроведувањето на социометриското испитување се водеше сметка за следните правила, кои се истакнуваат како значајни од страна на социометричарите.

а) Конкретизирање на социометриските критериуми

Ова правило е почитувано на тој начин што на учениците им е пружена можност да ја искажуваат својата меѓусебна наклоност и ненаклоност во однос на следните критериумски активности: заедничко учење во група, учествување во секции на слободни ученички активности и другарување во слободно време. Овие три критериумски активности, иако не ги исцрпуваат сите односи меѓу учениците во паралелката, тие сепак, како што покажуваат социометриските истражувања, се доволно репрезентативни за добивање реална слика за емоционалните односи меѓу учениците, т.е. за утврдување на нивниот социјален статус.

б) Неограничување на бројот на изборите

При ова социометриско испитување е задоволено и барањето да се дава можност за неограничен број на избори, што всушност, се поставува како услов за реално идентификување на социјалната структура на групата. Имено, во процедурата на испитувањето, од секој ученик е барано да ја искаже својата наклоност спрема секој ученик во паралелката и тоа на скала со следниве пет степени: најмногу би сакал (5), би сакал (4), би сакал и не би сакал (3), не би сакал (2) и воопшто не би сакал (1). Ова е варијанта на испитување на социјалните односи меѓу учениците, која е мошне

слична на една Охајска скала на социјална прифатеност (The Ohio Social Acceptance Scale). Истата се смета дека е навистина погодна за реално утврдување на емоционалните односи во групата, бидејќи со нејзината примена се обезбедува оптимално задоволување на спомenатово барање.

в) Во психолошките испитувања се истакнува, исто така, како општо правило, дека онии кои се испитуваат треба да бидат што помалку ангажирани со пишување и оформување на своите одговори, т.е., да се настојува колку е можно овој вид нивна ангажираност да се упрости и да се сведе на: пишување знакови, заокружување, подвлекување и други слични постапки. Ова правило е овде, исто така, оптимално почитувано. При самото испитување од учениците е барано да одговорат на поставените прашања, така што да напишат, покрај секој ученик во списокот на учениците од нивната паралелка, еден број од бројките: 5,4,3,2 и 1 и знак икс "X" - покрај своето име. Број 5 да напишат кај оној ученик или онии ученици со кои најмногу би сакале да учат заедно (на пример за I-критериум), број 4 кај оној или онии ученици со кои би сакале да учат заедно, број 3 кај оној или онии ученици со кои би сакале и ќе би сакале да учат заедно, број 2 кај оној или онии ученици со кои не би сакале да учат заедно и број 1 кај оној или онии ученици со кои воопшто не би сакале да учат заедно. На учениците три пати едноподруго им беа делени списоци на учениците од нивната паралелка. Секој ученик најпрво добиваше по еден список одбележан со број I. (за првиот критериум). Овие списоци беа собирани откако беше проконтролирано дека секој ученик одговорил на горниот начин. Потоа беа делени списоците означени со бројот II. (за вториот критериум) и најпосле списоците означени со број III (за третиот критериум).

г) Анонимност на дадените одговори. За време на испитувањето учениците беа така распоредени да не можат да видат кој како одговорил на дадените списоци. Исто така, покрај објаснувањето на целта на истражувањето, на учениците им е загарантирана анонимност за нивните одговори, т.е. им е речено дека ниту наставниците, а ниту кој било друг нема да види какви се нивните одговори.

д) Прилагодување на формулацијата на критериумите според целите на испитувањето. Бидејќи резултатите на ова социометриско испитување се наменети за истражувачки цели, а не за практични, на пример, за реструктуирање на групата, критериумите се формулирани во кондиционален облик - онака како што тоа се бара со социометриските правила во вакви случаи.

ѓ) Социометриското испитување е извршено во паралелки кои повеќе од две години функционирале како групи. Што значи, испитувањето е извршено во ситуација кога учениците навистина меѓу себе добро се познаваат.

е) На учениците им е дозволено да ја искажуваат својата наклоност и ненаклоност, само кон учениците од нивната паралелка. На овој начин е постапено, бидејќи целта на ова истражување е да се утврди степенот на прифатеноста на секој ученик во паралелката, а не да се согледуваат неформалните односи кои ги воспоставуваат учениците на некоја паралелка со ученици кои припаѓаат на некои други паралелки.

Врз основа на социометриските податоци, кои се добиени на ваков начин, е пресметувана потоа вредноста на индексот на социјалниот статус за секој ученик одделно и за секој социометриски критериум посебно. Со тоа се добиени за сите испитани ученици

три индекси на социјалниот статус и еден таканаречен просечен индекс на социјалниот статус - кој што е изведуван врз основа на трите индекси.

2.2. Тестови за испитување на лични особини

2.2.1. **Домино тест** (Д-48)

Тестот Д - 48 спаѓа во групата на оние тестови кои најчесто се употребуваат за испитување на интелигенцијата, односно општата интелектуална способност или генералниот фактор (G), според Спирмановата концепција. Како што е познато, факторот (G) доаѓа до израз во сите оние мисловни активности при кои се настојува да се сфатат определени односи меѓу појавите и да се откријат некакви принципи и законитости. Според Спирмановата концепција, интелигенцијата може да се испитува со тестови кои се високо сатурирани со генералниот фактор. Таков е тестот Домино, Д - 48.

Првобитната и оригиналната верзија на овој тест е изготвена во 1943 година, чиј автор е Енстеј (Anstey). Место оргиналната форма на овој тест, подоцна се изготвени повеќе варијанти, меѓу кои и тестот Д-48, француска верзија на тестот.

Тестот Д-48 содржи 44 задачи и 4 примери. Задачите во тестот се редени по принципот од полесни кон потешки (од едноставни кон сложени). Секоја задача во тестот се состои од неколку домина, кои се наредени по некој принцип, и уште едно празно домино. Оние кои го решаваат тестот треба да го откријат принципот кај секоја задача и да означат кое домино треба да стои на празното место.

Испитувањето со Домино тестот може да се врши групно и индивидуално, а времето за решавање на тестот е ограничено.

Валидноста на тестот Д-48 е проверувана по пат на факторска анализа и преку корелирање на тестот со други тестови на интелигенција и со некои надворешни критериуми. При тоа е утврдено: дека факторската сатурација со G факторот е мошне висока (о,86), дека корелацијата со други тестови на интелигенцијата е најчесто поголема од о,5о и дека овој тест позитивно корелира со училишниот успех во оној степен, колку што и другите тестови за испитување на општата интелектуална способност.x)

Домино тестот е доволно сигурен (релијабилен) инструмент за испитување на интелигенцијата. Ова го потврдуваат коефициентите на сигурност, на пример, по методот сплит-халф е добиен коефициент од о,89, а по методот тест-ретест о,69.

Објективноста на тестот е мошне висока. Со употребата на шаблонот на точни одговори се исклучува секаква субјективност при оценувањето на одговорите.

2.2.2. Тест на резонирање на ликови (TRL)

По својата структура и начинот на решавање, тестот на резонирање на ликови е мошне сличен на Равеновите прогресивни матрици. Овој тест е изготвен во 1949 година, а потоа преиздаван во 1962, 1966 и 1977 година. Автор на тестот е Денилс (J.C. Deniels). Кај нас во нашата земја тестот TRL е за прв пат објавен во 1971 година.

---

x) Подетално за метриските карактеристики на овој тест, види: Test D-48, Priručnik, Zavod SR Slovenije za produktivnost dela, Ljubljana, 1978, str. 5-8.

Тестот TRL претставува невербален тест за иопитување на интелигенцијата. Тој содржи 45 задачи и 6 примери. Кај секоја задача се бара да се открие односот меѓу елементите и врз основа на тоа да се наведе (означи) оној елемент што недостасува.Времето за решавање на тестот е ограничено на 30 минути. Оценувањето на резултатите на тестот е објективно, бидејќи за оваа цел се употребува посебен шаблон на точни одговори.

Валидноста на тестот TRL е проверувана по пат на факторска анализа и преку негово корелирање со други тестови на интелигенција. Добиените податоци покажуваат дека заситеноста со G - факторот изнесува о,8о и дека тестот TRL високо корелира, на пример, со Равеновите прогресивни матоици (о,93) со Станфорд-Бинетовиот тест (о,86) и тестот Д - 48 (о,71).

Тестот TRL е мошне сигурен инструмент за испитување на интелигенцијата. Коефициентите на сигурност изнесуваат: по методот делење на тестот на две половини о,96, а по методот тест - ретест, по две недели о,97, а во временско растојание од една година о,89.

Тестот TRL е сосема објективен, бидејќи за истиот постои стандардизирана постапка за неговата примена и за начинот на оценување на одговорите.

### 2.2.3. Инвентар на личноста HSPQ

За испитување на определени црти на личноста е применет Кателовиот инвентар HSPQ. Како што е познато,R. Cattell и неговите соработници имаат конструирано инвентари на личноста за четири различни возрасти, и тоа: за деца со возраст од 6 до 8 години инвентарот "Early School Personality Questionnaire" (ESPQ), за деца на возраст од 8 до 12 години "Childrens Personality

Questionnaire" (CPQ), за ученици на возраст од 12 до 18 години - "High School Personality Questionnaire" (HSPQ) и за возрасни - "16 Personality Factor Questionnaire" (16 PF).

Тестот на личноста HSPQ во оригиналната верзија има четири форми (А, В,С и D), кои се еквивалентни во секој поглед. Секоја од овие четири форми содржи по 142 ајтеми. По својата намена тестот HSPQ се употребува за испитување на 14 различни црти на личноста, кои се однесуваат на три подрачја на личноста: темперамент, динамични црти на личноста и способности (општа интелектуална способност). Инаку, со тестот се мерат следните црти на личноста: афектотимија - сајзотимија (А), општа интелигенција (В), сила на егото (С), воздржливост - раздразливост (D), субмисивност - доминација (Е), десургенција - сургенција (F), сила на суперегото (G), тренција-пармија (Н), харија-премсија (I), зепија-коастенија (J), спокојност-склоност на чувствување вина (О), зависност од други-самодоволност (Q 2), селф-конфликт - јас сентимент (Q 3) и ниска ергична тензија - висока ергична тензија (Q 4)[x]. Секоја од овие црти на личноста има два пола или екстреми. Меѓутоа, по мислењето на Кател, овие екстреми не ги подвојуваат испитнаците во два меѓусебно различни типови, туку дека нивните скорови се распоредуваат по должината на континуумот, кај секоја црта на личноста.

Испитувањето со тестот HSPQ се врши во услови на неограничено време за работа. Меѓутоа, обично за да се заврши решавањето само на една од неговите форми, е потребно време од приближно еден саат. При испитувањето со секоја од четирите форми на тестот треба, по правило, временското растојание да изнесува

---

x) Подетален опис на овие црти на личноста е даден во делот на овој труд, под наслов: Варијабли и индикатори.

најмалку еден ден. Со почитувањето на ова барање се онеозможува всушност појавувањето на замореност (здодевност) за време на испитувањето и се елиминира негативното дејство на хало-ефектот, а и на други субјективни фактори.

За испитување на цртите на личноста во ова истражување се употребени формите: А и В. Според мислењето на Кател и неговите соработници, овие две форми на тестот се доволни за добивање веродостојни податоци за која било од 14-те црти на личноста.

### 2.2.4. Хамбуршка скала за невротизам и екстроверзија-HANES

Ханес скалата претставува психодијагностично средство за испитување на особините на личноста, невротизам, односно емоционална лабилност и екстроверзија - интроверзија. Скалата е прилагодена за испитување на овие особини кај деца и младинци на возраст од 8 до 16 години. Автори на Ханесовата скала се F.Buggle и F.Baumgartel. За конструкција на оваа скала авторите ги имаат користено како извори ајтемите на Ајзенковиот инвентар на личноста EPI и на инвентарот MMQ.

Ханес скалата, којашто е во употреба во нашата земја, претставува превод на оргиналната верзија, при што извршено е само преформулирање на ајтемите од форма на прашања во задачи со форма на тврдења.

Самата скала е така компонирана да има две форми, од кои првата форма ја сочинуваат 36, а втората 32 тврдења. Истите може да се употребуваат како паралелни форми, но само за испитување на особината - невротизам, а не и на особината екстроверзија - интроверзија. Затоа, кога се поставува цел да се испитаат двете особини, тогаш е потребно да се користат заедно двете форми.

Всушност, Ханес скалата ја сочинуваат следниве субскали: Во првата форма (HANES-I) тоа се: 2о тврдења за невротизам (N1), 16 тврдења за екстроверзија (Е3), од кои 8 за друштвеност (Е1) и 8 тврдења за активитет (Е2). Во втората форма (HANES-II) тоа се субскалата од 2о тврдења за невротизам (N2) и субскалата од 12 тврдења за искреност (L).

Оваа скала е во задоволителна мера објективна, бидејќи за неа е стандардизирана постапката на нејзиното применување и постапката за начинот на оценувањето на добиените резултати.

Сигурноста, како метриска особина на скалата, е проверувана преку методот тест-ретест. Со примена на овој метод, со временски распон од три месеци, се добиени следниве коефициенти на сигурност: за невротизам (N 3) о,75 и за екстроверзија (Е3) о,73. Нешто повисоки коефициенти се добиени за внатрешната конзистентност на скалата (за невротизам о,93 и за екстроверзија о,85).

Валидноста е испитувана преку корелирање на резултатите на Ханес скалата со оние кои се добивани на други по намена исти тестови, а освен тоа, и со помош на критериумски групи. Така, на пример, F.Baumgartel добил корелација о,67 меѓу Ханес скалата и тестот КАТ (тест за испитување на страв кај децата). Исто така, и индексите на валидност, добиени со применување на критериумски групи, потврдуваат дека овој тест навистина ги испитува назначените особини на личноста[x].

---

x) Наведените податоци за метриските карактеристики на оваа скала се земени од прирачникот: Hanes skala neurotizma i ekstroverzija za djecu i omladinu, Zavod SR Slovenije za produktivnost dela, Ljubljana, 1977

2.2.5. Фредериков тест

Фредериковиот тест се употребува за испитување на емоционалната зрелост. Истиот содржи 25 ајтеми и пружа можност за утврдување степенот на емоционалната зрелост со следниве пет категории:

- мошне добра емоционална зрелост 21 бод и повеќе
- емоционална зрелост од 17 - 2о бодови
- пубертетска емоционална зрелост од 13 - 16 бодови
- детска емоционална зрелост од 1о - 12 бодови
- инфантилна емоционална зрелост 9 бодови и помалку

2.2.6. МОР

Тестот МОР е наменет за испитување на општиот мотив на постигнување. Автори на овој тест се Н.Хавелка и Љ.Лазаревиќ (1981). Всушност, овој тест претставува ревидирана форма на Хермансовиот тест од 1967 година. Тестот се состои од вкупно 54 ајтеми, кај кои се наведени повеќе градуирани одговори. Во поголем дел ајтемите се отворени, непроективни, но, што е важно, истите не се наполно "прозирни", бидејќи нивната дијагностичка вредност е главно независна од лаичка интерпретација на смислата на содржината на ајтемите.

Одговорите на тестот МОР пружаат информации за степенот на изразеноста на три мотивациски варијабли: мотивот на постигнување (ОР), позитивната емоционална ангажираност, самоконтрола и стабилност (РЕ) и негативната емоционална ангажираност, инхибираност и нестабилноста (NЕ). Бројните вредности укажуваат на степенот на изразеноста на споменатите три варијабли и тие се движат на претпоставени континууми со распони, и тоа: од 0 до

26 поени - за мотивот на постигнување, од 0 до 14 - за емоционалната самоконтрола и стабилност и од 0 до 14 поени - за емоционалната инхибираност и нестабилност. По мислењето на Хавелка и Лазаревиќ (1981), тестот МОР покажува задоволителна концептуална и емпириска валидност.

2.2.7. Скала за испитување на спремноста за соработка

Оваа скала содржи 20 тврдења во однос на кои може да се искажува степенот на согласување и несогласување во пет категории: наполно се согласувам, се согласувам, не можам да се одлучам (неодлучен), не се согласувам и воопшто не се согласувам. Хрњица (1982) наведува дека сигурноста на скалата, која е проверувана со помош на Спирман-Брауновата постапка, изнесува о,85. Неговите резултати, исто така, покажале дека интеркорелациите меѓу тврдењата се умерено високи и позитивни (меѓу о,3о и о,5о). Ниските скорови на оваа скала индицираат склоност кон социјална изолација, а повисоките спремност за соработка.

2.2.8. Скала за испитување доверба во други луѓе

Првобитната верзија на оваа скала е изготвена во 197о година, а нејзини автори се С.Хрњица и Р.Бојановиќ. Меѓутоа, конечната нејзина верзија е добиена со комбинација на ајтеми од скалите: SP-3 и SP-4, кај кои прелиминарен предмет на мерење бил, кај првата-доверба во луѓето, а кај втората - недоверба во луѓето. Конечната форма на оваа скала (SP-3) ја сочинуваат 42 ајтеми, кај кои за секој ајтем е дадена петстепена скала за искажување на согласувањето со тврдењето. Збирниот скор на скалата во целина се добива со собирање на скалните вредности, кои се движат во распон од 1 до 5 поени. Теориски гледано, максимално

можниот скор на скалата изнесува 21о, а минималниот 42. Сигурноста на скалата, која е утврдена со Спирман-Брауновата постапка, изнесува о,89. Повисоките скорови на скалата укажуваат на висок степен на доверба во други луѓе и обратно.

2.2.9. Скала за испитување на несебичност

Оваа скала ја сочинуваат 21 тврдење. За секое тврдење е дадена петстепена скала за искажување на степенот на согласувањето со тврдењето. Збирниот скор на скалата се добива со сибирање на поените кои се доделуваат за секое тврдење. Максимално можниот скор на скалата изнесува 1о5, а минимално можниот 21. Сигурноста (релијабилноста) на скалата изнесува о,81 - проценета по Спирман-Брауновата постапка.

2.2.1о. Скала за испитување на толеранција на фрустрацијата

Автори на оваа скала се: С. Хрњица, Н.Момировиќ и Н. Петровиќ. Скалата се состои од 3о тврдења. По својата содржина тоа се тврдења врз основа на кои се проценува толеранцијата на фрустрацијата во ситуации на осуетување (попречување) задоволувањето на потребите за храна, вода, константноста на надворешната температура, толеранцијата на неактивност, на социјални конфликти, како и во други ситуации во кои може лицето да биде фрустрирано. И кај оваа скала се понудени пет категории на одговори, за искажување на степенот на согласувањето со секое тврдење.

Во прелиминарните испитувања со оваа скала се добиени следните поважни податоци за нејзините метриски карактеристики. Факторската класификација на тврдењата покажува дека сите ајтеми може да се поделат во три групи. Во првата група спаѓаат оние што се однесуваат на толеранција на фрустрацијата на биолошките

потреби, во втората-на потребата за пријатност и во третата - на потребата за самопотврдување. Релијабилноста на скалата изнесува о,83, а тоталниот распон на резултатите од 3о до 15о поени.

2.2.11. Скала за испитување на авторитарност

Верзијата на оваа скала, која во ова истражување е употребена, претставува модифицирана форма на позната F - скала на Адорно и Брунсвик. Преводот и адаптацијата ги имаат направено В.Ковачевиќ, К. Момировиќ и М. Марковиќ. Самата скала содржи 2о тврдења, а пак изворната скала 30. За секое тврдење е дадена, исто така петстепена скала. Релијабилноста на скалата изнесува о,93.

2.2.12. Скала за испитување на конформизам

Оваа скала е конструирана врз основа на Ајзенковите проучувања на сугестибилноста. Според Ајзенк, овој феномен содржи две димензии: примарна и секундарна сугестибилност. Според негово мислење, првата димензија означува подложност на хипноза и на директна сугестија, а втората димензија се однесува на сугестибилноста која постои под влијание на персуазија и пропаганда.

Адаптираната форма на оваа скала, која ја изготвиле В.Ковачевиќ и М.Марковиќ, содржи 2о тврдења кои мерат секундарна сугестибилност.

Прелиминарните испитувања покажале дека со оваа скала се испитува: општиот конформизам, конформизмот во однос на социјалните норми и конформизмот во однос на авторитети. А пак, нејзината релијабилност изнесува о,88.

2.2.13. Скала за испитување на конзервативност - прогресивност

Автори на оваа скала се Љ.Стојиќ и Д.Радовановиќ. Конзервативноста се дефинира како иделошка ориентација која ја карактеризира отпорот против промени и новини. Факторот на личноста-конзервативизам - прогресивност се мери со оваа скала на три нивоа, и тоа: генералниот општествен развој, актуелниот политички живот и нивото на индивидуална усмереност.

Скалата содржи 29 тврдења, со можност за давање одговори на петстепена скала. Тоталниот распон на резултатите изнесува од 29 до 145 поени.

Резултатите на оваа скала нормално се дистрибуираат, т.е. даваат облик на нормална дистрибуција. Релијабилноста изнесува о,85 - по Спирман-Брауновата постапка.

2.2.14. Скала за испитување на анксиозност

Оваа скала претставува една од 18-те скали на инвентарот на личноста 18 PF, чиј автор е К. Момировиќ. Скалата содржи 8о тврдења на кои се одговара со "да" или "не". Максимално можниот распон на резултатите на скалата изнесува од 0 до 8о поени, со теориска средна вредност 40.

2.2.15. Скала за испитување на депресивност

Автор на оваа скала е К.Момировиќ. Депресивноста што се испитува со оваа скала тој ја определува како трајна состојба на хипотензија. При изборот на нејзините тврдења авторот се раководел од хипотезата дека постојат два извори на депресијата, еден од конституционален карактер (наклоност кон депресија) и втор од реактивен карактер (секундарна реакција на некоја свес-

на или потсвесна психичка содржина). Скалата се состои од 8о тврдења на кои се одговара со "да" или "не". Максимално можниот распон на резултатите на скалата изнесува од 0 до 80 поени, со теориска средна вредност 40.

2.2.16. Скала за испитување на агресивност

Скалата за агресивност, како и предходните две скали, претставува субскала на инвентарот на личноста 18PF, на К.Момировиќ. Агресивноста што се испитува со оваа скала е дефинирана како склоност кон агресивно и антисоцијално однесување, како и кон деструктивни реакции во однос на општествените институции. Скалата се состои од 8о тврдења на кои се одговара со "да" или "не". Секој потврден одговор се оценува со еден поен. Максимално можниот распон на резултатите на скалата изнесува од 0 до 80 поени.

2.2.17. Прашалник за испитување на работни навики за учење

За испитување на работните навики за учење е конструиран посебен прашалник. Во прашалникот се внесени прашања кои се однесуваат на планското организирање на учењето и на рационалните методи на учење. Инаку, прашалникот содржи вкупно 35 прашања, на кои се дава одговор со "да" и "не". Одговорот на секое прашање се поенира со 0 или 1 поен , а максимално можниот распон на резултатите е од 0 до 35 поени.

Со прелиминарното испитување, во кое е применет овој прашалник, е утврдено дека неговата релијабилност изнесува о,78 - по методот тест - ретест, со временско растојание од еден месец. Валидноста е проверувана преку корелирање на резултатите на овој прашалник со училишниот успех. Притоа е добиена корелација од о,36.

2.2.18. Главна книга на учениците

Овој педагошки документ на училиштето е користен како основен извор за добивање податоци за варијаблите возраст и училишен успех на учениците. Возраста на учениците како варијабла е искажувана во месеци, а училишниот успех во вид на просечно постигнат успех, пресметуван врз основа на конечни оценки од наставните предмети што се изучуваат во VII одделение.

2.2.19. Висиномер и вага

Овие два инструмента се употребени за добивање податоци за висината и тежината на учениците.Висината како варијабла е искажувана во сантиметри, а тежината во килограми.

3. Организација и изведување на теренскиот дел на истражувањето

Теренското испитување е извршено во март и април 1984 година. Со испитувањето се опфатени три основни училишта на град Скопје и тоа: О У Петар Здравковски-Пенко" - VII-2 и VII-3 одделение, ОУ "Ленин" - VII-б одделение и ОУ "Кузман Јосифовски Питу" - VII-в одделение.

Испитувањето со учениците е изведувано групно. Како групи се земани цели паралелки, така што секоја паралелка на ученици е испитувана во тек на три дена едноподруго и тоа во време предвидено за редовна настава.

Кај социометриските испитувања се поставува како значајно барањето да учествуваат сите членови на групата во давањето одговорите. Тоа се бара од причина што се смета дека само под таков услов може реално да се согледуваат односите во групите. Секое отсуствување на одделни членови оневозможува, во извесна

смисла, да се постигне една таква цел. Затоа, како би се комплетирале одговорите на сите тестови и инструменти - за сите ученици од секоја паралелка, моравме дополнително да ги испитуваме сите оние ученици кои поради болест или други причини не учествуваа при првото испитување. Со цел, пак, временскиот фактор да не влијае врз постигнатите резултати, нив ги испитуваме во временски интервал не подолг од една недела.

Испитувањето е обавувано во простории во кои постоеја услови секој ученик да може самостојно да работи. Сите инструменти кои се применети, се задавани и оценувани во согласност со утврдените за нив стандардни упатства и предвидени правила.

## 4. Субјекти

Во ова испитување се опфатени 127 ученици на четири паралелки од VII одделение на основното училиште, од кои 66 ученици - машки, и 61 ученик - женски. По паралелки нивниот број изнесуваше: VII-2=33, VII-3=34, VII-б=30 и VII-в=30.

Од неколку причини се определивме да го извршиме испитувањето со ученици од основно училиште и ученици од постара возраст. Прво, тоа е фактот, на којшто порано укажавме, дека односот меѓу социјалниот статус и личните особини кај ученици од основно училиште е недоволно проучен проблем. Второ, при ова се опфатени ученици од постара возраст, бидејќи на оваа возраст релијабилноста на социометрискиот тест е поголема во споредба кога тој се применува кај учениците од помлада возраст, Трето, заради тоа што повеќето од инструментите кои се употребуваат за испитување на личните особини се соодветни по својата намена за учениците од постара возраст. И четврто, од практични причини, бидејќи

за овој вид истражувања основните училишта, во споредба со другите образовни организации, покажуваат поголема спремност и разбирање.

Бројот на субјектите или примерокот на едно истражување треба од методолошки аспект да биде доволно репрезентативен и адекватен. Репрезентативноста на примерокот се однесува на прашањето, дали примерокот ја содржи во соодветна пропорција или фреквенција секоја релевантна карактеристика на популацијата којашто тој ја претставува, односно, дали примерокот вистински го одразува она што важи за целата популација (Стојановски, 1977). Ова методолошко барање треба да се почитува, бидејќи со тоа се овозможува сознанијата до кои се доаѓа врз основа на примерок да може да се обопштуваат за целата популација. Со цел да се постигне поголема репрезентативност, со примерокот се опфатени ученици од училишта од повеќе реони на градот Скопје. Со ваквиот избор, всушност, е онеозможено испитувањето да се изврши на селекционирана група ученици, ами на ученици чии родители имаат различен вид и степен на образование, т.е. ученици кои потекнуваат од семејства со различни економско - социјални услови.

Адекватноста, како методолошко барање, се однесува на големината на примерокот. Големината на примерокот е услов од којшто зависи сигурноста на проценките, односно сигурноста на резултатите кои се добиваат во едно истражување. Во врска со овој методолошки проблем, во психолошката статистика посебно се разгледува сигурноста на проценките што се добиваат врз основа на два вида примероци: мали и големи примероци.[x] По тие критериуми

x) Според мислењето на J.P.Guilford (1968), P.Petz (1964) и други, како големи примероци се сметаат оние чиј број на субјекти е поголем од 3о.

бројот од 127 ученици претставува голем примерок, којшто пружа реална основа за тестирање на поставените хипотези во врска со проблемот што се разгледува.

5. Методи на обработка на податоците

Обработката на податоците е обавена во три фази. Во првата фаза се оценувани резултатите за сите ученици на сите тестови, во втората фаза е извршена синтетизација на социометриските податоци, а во третата фаза е направена математичко-статистичка обработка на податоците.

Обработката и синтетизацијата на социометриските податоци може да се врши на различни начини, при кои се употребуваат различни постапки. Сите тие специфични постапки C.Proctor и C.Loomis (1957) ги сведуваат на четири основни аналитички техники: 1) анализа на матрици, 2) индекс-анализа, 3) статистичка анализа и 4) графичка анализа. При обработката на социометриските податоци на ова истражување се употребени само првите три основни техники.

Врз основа на прибраните социометриски податоци се изготвени вкупно 12 посебни N x N матрици (за секоја паралелка по три матрици за трите социометриски критериуми ). Овие матрици се искористени потоа како основа за пресметување на индекси на социјалниот статус на учениците. Врз основа на податоците во матриците за секој ученик се пресметани по четири индекси на социјалниот статус, и тоа по еден индекс за секој социометриски критериум и еден таканаречен просечен индекс на социјалниот статус. Индексот на социјалниот статус (ISS) за секој критериум е пресметуван така што вкупниот збир на добиените оценки, преку кои е искажуван степенот на наклоност од страна на учениците,

е делен со вкупниот број на ученици во паралелката намален за еден. Просечниот индекс на социјалниот статус (ISSp) е пресметуван на тој начин што збирот на трите индекси на социјалниот статус (ISS-1, ISS-2 и ISS-3) е делен со бројот три.x) Овие четири вида индекси се употребувани како показатели за степенот на социјалната прифатеност на секој ученик во паралелката. Теориски гледано, нумеричката вредност на овие индекси може да се движи во интервал од 1,оо до 5,оо.

Математичко-статистичката обработка на податоци е извршена заради тестирање на поставените хипотези, односно за анализа и интерпретација на добиените податоци. За оваа цел се користени статистичките постапки:

а) мерки на централни вредности и на варијабилност,

б) корелациони постапки: Пирсонов коефициент на корелација, поинт-бисериски коефициент на корелација, Спирманов коефициент на корелација и мултипла корелација,

в) Постапки на тестирање сигурност на просечни вредности и коефициенти на корелација,

г) Постапки на тестирање значајност на разлики на просечни вредности и коефициенти на корелација,

д) дискриминативна анализа, и

ѓ) регресиона анализа.

Теоретските проблеми и начинот на применувањето на овие постапки подетално се опишани и разработени од страна на Guilford (1968), Hays (1963) и други автори,па поради тоа ние нема овде посебно да ги објаснуваме.

x) Индивидуалните социометриски индекси се однесуваат: ISS-1 на критериумската активност-заедничко учење, ISS-2 на критериумската активност-учествување во слободните ученички активности и ISS-3 на социјалната активност - другарување во слободното време.

## III. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Добиените резултати од истражувањето во овој дел редоследно ќе бидат прикажани според поставените цели. Така, најпрво ќе бидат разгледувани податоците за корелативната поврзаност меѓу социјалниот статус и одделни видови лични особини, како и за корелативната поврзаност меѓу социјалниот статус и одделни групи на лични особини-биофизички, когнитивни, конативно-мотивациски, емоционални и психопатолошки. Податоците на ова ниво ќе бидат анализирани со цел да се согледа каков е придонесот на одделни лични особини, а и групи на лични особини, во објаснувањето на разликите во социјалниот статус на учениците. Во овој случај придонесот на личните особини ќе биде согледуван посебно од аспект на секоја лична особина, а исто така, и како заеднички придонес на ниво на одделни групи на особини.

Потоа, во посебен дел ќе бидат презентирани резултатите од дискриминативната анализа извршена со цел да се утврди во однос на кои лични особини постојат разлики меѓу учениците со висок и низок социјален статус во паралелката, а освен тоа, и со цел да се согледа каква е структурата на личните особини кај учениците кои, според различниот степен на социјалната прифатеност, припаѓаат во овие две посочени категории на социјален статус.

Најпосле, одделно ќе бидат разгледувани резултатите кои се однесуваат на согледувањето на мултиплото дејство на личните особини врз социјалниот статус на учениците. Во овој дел, при анализирањето на резултатите, ќе се настојува посебно да се утврди, каков е директниот и индиректниот придонес на одделни лични особини во објаснувањето на разликите кај социјалниот статус и каква можност постои за предвидување на социјалниот статус врз

основа на личните особини, кога тие се третираат како предикаторски варијабли.

Но, пред да ги прикажеме добиените резултати кои се однесуваат на поврзаноста на социјалниот статус и личните особини, ќе се осврнеме врз податоците за социјалниот статус на учениците.

## 1. Социјален статус на учениците во паралелката

Социометриските податоци кои се прибрани во ова истражување овозможуваат да се согледува социјалниот статус на учениците во паралелката со помош на неколку индивидуални социометриски индекси, и тоа: индексот на прифаќање, индексот на одбивање (отфрлање) и индексот на социјален статус. Со оглед на поставената цел, од овие индекси најприкладен е индексот на социјалниот статус. Според мислењето на повеќе автори, овој индекс е доволен индикатор, бидејќи истиот на еден синтетичен начин го искажува степенот на прифатеноста на секој ученик, како од аспект на прифаќањето така и од аспект на одбивањето. Заради оваа причина, овде само тој се користи за прикажување на социјалниот статус на учениците.

Индексот на социјалниот статус може да се утврдува посебно во однос на секој применет социометриски критериум, но исто така, и за повеќе социометриски критериуми заедно - во кој случај тој се изведува во вид на просечен или пак кумулативен индекс на социјален статус. Но, дали ќе се утврдува социјалниот статус преку посебни индекси по одделни социометриски критериуми или пак преку просечни индекси за сите критериуми заедно, зависи од тоа што се поставува како цел во некое истражување. Доколку се сака, на пример, глобално да се согледа позицијата на секој член во групата (се разбира, на димензијата на емоционалните односи), тогаш таквата цел се настојува да се постигне преку пресметување на

просечен или пак кумулативен индекс на социјален статус. Ако пак се сака да се согледа каква позиција има секој поединец во групата во однос на определени и специфични критериумски активности, тогаш се постапува на тој начин што се утврдува индекс на социјален статус за секој критериум посебно.

Како индикатори за согледување на социјалниот статус на учениците во паралелката, ние ги користиме овде и двата вида индекси - индексите пресметувани посебно за секој од трите критериуми и просечните индекси пресметувани за трите критериуми заедно.

По извршената обработка на социометриските податоци се добиени следните резултати за социјалниот статус на учениците, што се прикажани во табела 1.

Табела 1. Аритметички средини и стандардни отстапувања на индексите на социјалниот статус - по критериуми и паралелки

| Индекси на социјален статус | Статистички мерки | Паралелки | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIб | VIIв | $VII_2$ | $VII_3$ | |
| $ISS_1$ | M | 3,5о | 3,5о | 3,29 | 3,48 | 3,44 |
| | S | о,63 | о,59 | о,76 | о,72 | о,69 |
| $ISS_2$ | M | 3,78 | 3,77 | 3,65 | 3,75 | 3,76 |
| | S | о,63 | о,54 | о,67 | о,69 | о,65 |
| $ISS_3$ | M | 3,51 | 3,47 | 3,22 | 3,27 | 3,34 |
| | S | о,69 | о,51 | о,56 | о,54 | о,59 |
| $ISS_p$ | M | 3,6о | 3,58 | 3,39 | 3,5о | 3,51 |
| | S | о,66 | о,55 | о,68 | о,63 | о,64 |

$ISS_1$ - Индекс за критериумот "заедничко учење"

$ISS_2$ - Индекс за критериумот "учествување во секции на слободни ученички активности"

$ISS_3$ - Индекс за критериумот "другарување во слободно време"

$ISS_p$ - Просечен индекс на социјален статус

Пред сè, од прикажаните резултати може да се констатира дека во рамките на секоја паралелка постојат индивидуални разлики меѓу учениците во однос на нивниот социјален статус. Се забележува дека такви разлики меѓу нив постојат кај секој социометриски критериум одделно ($ISS_1$, $ISS_2$ и $ISS_3$), а се разбира и на трите критериуми кога ќе се земат заедно ($ISS_p$). Значи, во овој случај, исто како и во другите досегашни социометриски испитувања, се потврдува фактот дека учениците меѓу себе се разликуваат по социјалниот статус што тие го имаат во групата (паралелката).

Две прашања се наметнуваат во дадениов случај како мошне значајни за натамошното согледување и анализирање на индивидуалните разлики во социјалниот статус на учениците.

Прво, имајќи предвид дека ова истражување е извршено во четири посебни паралелки, битно е заради тоа да се види, дали во сите паралелки постојат карактеристично еднакви индивидуални разлики во социјалниот статус на учениците. Односно да се види, дали меѓу четирите паралелки постојат значајни разлики кај варијаблата - социјален статус, која е индицирана со помош на четири специфични индекси на социјален статус. Ова прашање е особено значајно поради тоа што врз основа на добиениот одговор на истото, ќе може да се оцени дали има потреба натамошната анализа на резултатите на ова истражување да се врши одделно по паралелки или пак за сите паралелки заедно.

И второ, бидејќи истражувањето е извршено со примена на три социометриски критериуми, е значајно,исто така, да се испита дали учениците имаат на секој од трите критериуми релативно ист социјален статус или пак нивниот статус значајно се разликува од еден до друг критериум. Проверувањето на ова прашање треба да покаже дали има логична основа социјалниот статус на учениците да

се согледува и објаснува не само во однос на секој критериум посебно туку и во случај кога како индикатор се користи просечниот индекс на социјалниот статус. Значи, во прашање е да се оцени дали има смисла социјалниот статус на учениците да се мери и искажува и преку просечни индекси на социјален статус.

Со цел да се добие одговор на првото прашање, ги тестиравме разликите меѓу аритметичките средини и меѓу варијансите, кои што се пресметани одделно за секоја паралелка и во однос на секој критериум посебно. Нивното компарирање покажа дека меѓу ниту кои било две од четирите паралелки не постои статистички значајна разлика, ни во аритметичките средини, а ниту пак меѓу варијансите. Се покажа дека ова важи за сите критериуми, односно сите четири индекси на социјален статус, во однос на кои паралелките беа меѓусебно компарирани.

Според тоа, бидејќи статистичката анализа овде во целина покажа дека меѓу паралелките не постојат значајни разлики во тестираните мерки, сметаме дека во натамошната анализа на резултатите на ова истражување е оправдано, а исто така е рационално и економично, нив да ги обработуваме и осмислуваме на ниво за сите паралелки заедно, а не и посебно за секоја паралелка.

Во врска со второто прашање, се обидовме да го добиеме одговорот преку корелирање на индексите на социјалниот статус, добиени посебно за секој ученик на секој од социометриските критериуми. По извршената математичка обработка се добиени следните резултати.

Табела 2. Коефициенти на корелација меѓу одделните индекси на социјален статус

| Индекси на социјален статус | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
|---|---|---|---|---|
| $ISS_1$ | - | .95[x] | .77 | .94 |
| $ISS_2$ | | - | .72 | .95 |
| $ISS_3$ | | | - | .89 |

x Сите корелации се статистички значајни на ниво .01. Гранична вредност за P.о5 = .174, а за P.о1 = .228

Што, всушност, покажуваат добиените коефициенти на корелација? Како што е познато, коефициентите на корелацијата, како статистички изведени вредности, даваат можност да се разгледува и објаснува поврзаноста меѓу одделни варијабли, главно, од три аспекти. Прво, во смисла на проверување на прашањето, дали меѓу одделни варијабли постои навистина корелација или пак не, а што како прашање од статистичка гледна точка се проверува со постапката на тестирање на значајноста на добиените коефициенти на корелација. Второ, тоа е целта да се согледа во кој степен се меѓусебно поврзани одделни варијабли, а кој степен на поврзаност обично се интерпретира со помош на коефициентот на детерминација. И третиот аспект е, всушност, испитување на прашањето каков е видот на поврзаноста меѓу одделните варијабли, т.е. дали меѓу нив постои позитивна или пак негативна корелација - позитивен или пак негативен однос. Кога се земаат предвид овие аспекти, тогаш врз основа на добиените коефициенти на корелација може да се каже следното:

1) Со оглед на тоа дека сите коефициенти на корелација се статистички значајни, може основано да се тврди дека постои извесен степен на совпаѓање(извесна стабилност) на социјалниот

статус на учениците на различните социометриски критериум, применети во ова истражување.

2) Утврдените коефициенти на корелацијата укажуваат, исто така, дека не е ист степенот на совпаѓањето на социјалниот статус на учениците меѓу сите социометриски критериуми. Од резултатите се гледа дека највисок степен на совпаѓање постои меѓу првиот и вториот критериум (.95), а дека е значајно помал степенот на совпаѓањето на првите два социометриски критериуми со третиот критериум (.77 и .72). Меѓутоа, за сите три критериуми е очигледно дека високо корелираат со социјалниот статус, кој е искажуван преку просечниот индекс на социјален статус. Овие високи корелации бездруго одат во прилог на тврдењето дека просечниот индекс на социјалниот статус е навистина мошне значаен индикатор за глобално согледување на социјалниот статус на учениците.

3) Од добиените коефициенти на корелација кои сите имаат позитивна вредност, т.е. кои означуваат постоење на позитивен однос меѓу критериумите, произлегува како правило, дека учениците кои имаат, на пример, висок или пак низок социјален статус на некој од критериумите, да имаат релативно ист таков статус и на другите критериуми.

Според тоа, ако се тргне од одговорите кои се добиени на претходно поставените две прашања, тогаш може да се констатира дека има смисла да се прикажуваат и да се објаснуваат индивидуалните разлики во социјалниот статус на учениците на ниво на секој критериум и сите критериуми заедно, а и на ниво за сите паралелки заедно, но не и за секоја паралелка посебно.

Бидејќи утврдените разлики во социјалниот статус на учениците се претходно прикажани по критериуми и паралелки (Табела 1.), овде ги прикажуваме резултатите кои се однесуваат на дистрибуира-

носта на учениците во следниве три посебно дефинирани категории на социјален статус:

а) Натпросечен социјален статус - категорија во која се распоредени ученици чии индекси на социјален статус имаат повисока вредност од M + o,67 S, односно 25% од испитаниците со најповолен, натпросечен социјален статус.

б) Просечен социјален статус - категорија во која се распоредувани ученици чии индекси на социјалниот статус достигнуваат вредност која се движи во рамки на интервалот M ± o,67 S. Оваа категорија, значи, опфаќа 5o% од испитаниците со средно поволен социјален статус во паралелката.

в) Потпросечен социјален статус - категорија во која се распоредувани ученици чии индекси на социјален статус имаат пониска вредност од M-o,67 S, односно 25% од учениците со ниско-поволен т.е. потпросечен социјален статус.

Табела 3. Број на ученици во одделни категории на социјален статус-по критериуми

| Индекси на социјален статус-по критериуми | Категории на социјален статус: потпросечен f | потпросечен % | просечен f | просечен % | натпросечен f | натпросечен % | Вкупно f | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| $ISS_1$ | 27 | 21,26 | 63 | 49,61 | 37 | 29,13 | 127 | 1oo,oo |
| $ISS_2$ | 27 | 21,26 | 64 | 5o,39 | 36 | 28,35 | 127 | 1oo,oo |
| $ISS_3$ | 31 | 24,41 | 57 | 44,88 | 39 | 3o,71 | 127 | 1oo,oo |
| $ISS_p$ | 27 | 21,26 | 61 | 48,o3 | 39 | 3o,71 | 127 | 1oo,oo |

Низ претходната анализа на резултатите покажавме дека меѓу учениците постојат разлики во социјалниот статус на сите критериуми и дека секој ученик има приближно еднаков социјален статус на секој од социометриските критериуми. Меѓутоа, за утврдените

индивидуални разлики е значајно исто така да се согледа како се дистрибуираат тие, т.е. како се дистрибуираат учениците според нивниот социјален статус. Во табела 3, заради поголема прегледност, разликите во социјалниот статус се сведени во три посебни категории на социјален статус и во однос на истите е прикажан бројот на учениците.

Од наведените податоци во оваа табела се гледа дека најголем е бројот на учениците во категоријата "просечен" социјален статус и дека, споредено со оваа категорија, бројот на учениците е приближно двојно помал во категоријата "потпросечен" и во категоријата "натпросечен" социјален статус. Ваквиот сооднос на дистрибуирање на бројот на учениците се забележува дека е карактеристичен кај сите критериуми ($ISS_1$, $ISS_2$, $ISS_3$ и $ISS_p$). И уште нешто. Според добиениот $X^2$-тест, кој не ја достигнува граничната вредност за P =.05, може да се констатира дека добиената дистрибуција на учениците на секој од критериумите не отстапува статистички значајно од нормалната дистрибуција.x)

## 2. Поврзаност на личните особини и социјалниот статус

Со претходно прикажаните резултати покажавме дека постојат индивидуални разлики во социјалниот статус на учениците. Исто така, притоа видовме како тие разлики се пројавуваат и како се дистрибуираат на секој од социометриските критериуми. Меѓутоа, основната цел која е поставена во ова истражување, не е само да се идентификува пројавувањето на разликите во социјалниот статус на учениците, туку пред сѐ, настојувањето за нивно објаснување од аспект на личните особини, на кои им се придава статус на психолошки детерминанти. Значи, како главна цел на анализата на добиените резултати е да се утврди степенот на придонесот на личните особини во варијабилитетот кај варијаблата - социјален статус на учениците.

---

x) Добиените вредности за $X^2$-тестот изнесуваат: за $ISS_1$ - $X^2$= 1,58; за $ISS_2$ - $X^2$ = 1,28; за $ISS_3$ - $X^2$ = 2,35 и за $ISS_p$-$X^2$ = 2,47. Гранична вредност за $X^2$-тестот, на ниво P.05 и за два степени на слобода, изнесува 5,991.

Според поставените хипотези предвидено е нивниот придонес да се испита главно на три нивои. Прво, на ниво на одделни особини - да се види каков придонес има секоја од испитаните особини, која би била третирана како посебна независна варијабла. Второ, на ниво на одделни сродни групи на особини - со цел да се утврди заедничкиот придонес на групата на особините, а во кој случај, како посебни групи на особини се земени: биофизичките, когнитивните, конативно-мотивациските, емоционалните и психопатолошките особини. И трето, за сите испитани особини - да се согледа какво е нивното мултипло дејство врз социјалниот статус на учениците.

Овде, во овој дел ќе ги прикажеме резултатите кои се однесуваат на испитувањето на придонесот на личните особини на ниво на одделни особини и на ниво на определени, сродни групи на особини. Додека пак, за сите испитани особини, нивното мултипло дејство ќе го разгледуваме во посебен дел, каде што ќе се обидеме исто така, да утврдиме каков е уделот на нивниот директен и индиректен придонес во објаснувањето на разликите во социјалниот статус на учениците.

Заради поголема прегледност, резултатите за корелативната поврзаност на личните особини и социјалниот статус ќе ги прикажеме по следниот редослед: биофизички особини и социјалниот статус, когнитивни способности и социјалниот статус, конативно-мотивациски особини и социјалниот статус, особини на емоционалното подрачје на личноста и социјалниот статус и најпосле, психопатолошки особини и социјалниот статус.

## 2.1. Биофизички особини и социјалниот статус

Повеќе автори, на пример Hurlock (1956), Bonney (1942), Dahlke (1953), Стевановиќ (1964) и други, дошле во своите испитувања до заклучокот дека полот, физичниот изглед и физичката хендикепираност имаат значајна улога за социјалниот статус на учениците. За овие фактори е утврдено, дека убавиот физички изглед има позитивно дејство, а пак, физичката хендикепираност негативно дејство. Во однос на полот на учениците, е констатирано дека девојчињата уживаат поголема популарност од момчињата.

Од биофизичките особини на учениците, ние ја проверуваме улогата на особините: пол, возраст, висина и тежина. Физичката хендикепираност и физичкиот изглед не се земени овде во разгледување, бидејќи субјекти во ова истражување се ученици кои се вклучени во редовна настава, односно ученици кои се нормално физички развиени.

Добиените резултати за поврзаноста на социјалниот статус и испитуваните биофизички особини, се прикажани во следната табела.

Табела 4. Коефициенти на корелација меѓу биофизичките особини и социјалниот статус

| Особини | Социјален статус на критериумите | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
| Пол | .3o[x)] | .24 | .18 | .25 |
| Возраст | - .21 | - .2o | - .2o | -.22 |
| Висина | .o2 | .o5 | .o6 | .o4 |
| Тежина | - .o3 | - .o1 | - .o8 | -.o4 |

Напомена: Граничната вредност на значајноста на корелациите изнесува: за P.o5=.174 и за P.o1=.228

x) Корелацијата меѓу варијаблите - пол и социјален статус е прес-

Само за особините - пол и возраст може да се каже дека статистички значајно корелираат со социјалниот статус на учениците и тоа на сите критериуми во однос на кои истиот е индициран. Висината и тежината се пак незначајни варијабли за социјалниот статус.

И во ова истражување се покажа дека полот на учениците е значајна варијабла во однос на социјалниот статус. Позитивната корелација, која е добиена меѓу полот и социјалниот статус, означува кај овие резултати всушност тоа, дека учениците од женски пол како група имаат нешто поповолен социјален статус од учениците од машки пол како посебна група.[x)] Значи, кога тие се споредат како групи, ученичките во просек имаат повисок социјален статус од учениците. Разликата меѓу нив е навистина мала, но таа е сепак статистичка значајна. Гледано по критериуми, таа изнесува:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) Кај првиот критериум: | $M_{ž}$=3,65 | Мм=3,24 | SDM=о,12 | t =3,42 | P < о,о1 |
| б) Кај вториот критериум: | $M_{ž}$=3,94 | Мм=3,62 | SDM=о,11 | t=2,91 | P < о,о1 |
| в) Кај третиот критериум: | $M_{ž}$=3,46 | Мм=3,22 | SDM=о,12 | t=2,оо | P < о,о5 |

Присуството на разлики во социјалниот статус сврзани со полот на учениците е констатирано и во многу други истражувања. Бидејќи резултатите навистина потврдуваат дека полот е релевантна варијабла за социјалниот статус на учениците, се поставува прашањето, кои би биле изворите за постоењето на ваквата разлика. Или уште поточно кажано, заради што ученичките, т.е. децата од женски пол уживаат поголема популарност од машките деца?

---

метувана со примена на постапката на поинт-бисериска корелација. За останатите варијабли е пресметуван Пирсоновиот коефициент на корелација.

x) При ова е битно да се има предвид фактот, дека во ова истражување се опфатени паралелки кои имаа приближно еднаков број ученици од женски и машки пол.

Иако ова прашање не е систематски следено во ова истражување, сепак сметаме дека оваа разлика може да се објаснува со повеќе причини. Така на пример, како една од причините може да биде тоа што ученичките како група постигнуваат нешто подобар успех од учениците, а успехот е нешто што посебно се цени не само од учениците, туку и од страна на наставниците и родителите. Во оваа смисла, во ова истражување се покажа дека просечниот успех на ученичките е нешто повисок, во споредба со просечниот успех на учениците ($M_ž$ = 4,о1 и $M_м$ = 3,54 - оваа разлика во успехот е статистички значајна). Исто така,поголемата нивна популарност може да се објаснува и со фактот дека ученичките најчесто се потрудољубиви, помотивирани за учење, поуредни во извршувањето на училишните обврски и дека тие поретко пројавуваат такви облици на социјално однесување кои се оценуваат како непожелни во средината во која тие ги остваруваат непосредните контакти. Освен тоа,можно е разликата меѓу нив да е заснована и на други фактори, кои евентуално би се утврдиле со едно систематско испитување на ова прашање.

Возраста е втората варијабла која е, исто така, статистички значајно поврзана со социјалниот статус на учениците. Меѓутоа, оваа варијабла е негативно корелирана со социјалниот статус, кој е утврдуван на секој од социометриските критериуми. За оваа особина е карактеристично дека според видот на поврзаноста таа покажува негативен однос, а пак според утврдената висина на корелацијата, низок степен на поврзаност.

Секако, за оваа варијабла е мошне интересно да се објасни суштествувањето на негативната корелативна поврзаност, која практично значи тоа, дека учениците од помала возраст имаат, по правило, подобар социјален статус од учениците со поголема возраст.

Овој обратно пропорционален однос меѓу календарската возраст и социјалниот статус е веројатно последица на дејствувањето на повеќе фактори. Меѓутоа, по наше мислење, за два фактори би можело да се претпостави дека придонесуваат за негативниот однос меѓу овие две варијабли, Прво, поголемата популарност на помладите ученици во споредба со постарите, можно е на еден начин да се објасни со квалитетот на меѓусебните контакти, во кои постарите ученици пројавуваат поголемо чувство на симпатија и поголема толерантност спрема учениците од помалата возраст. И второ, негативната корелативна поврзаност меѓу возраста и социјалниот статус е основано да се претпостави дека е резултат на појавата, што во извршувањето на училишните обврски, помладите ученици постигнуваат подобар успех, во споредба со постарите, па дури и повисоки скорови на тестовите на интелигенција. Впрочем, дека навистина е така, тоа го потврдуваат негативните корелации кои се добиени во ова истражување и тоа: календарска возраст - училишен успех (-.167) и календарска возраст - интелигенција (-.198). Негативен однос на поврзаност меѓу истите овие варијабли е добиен како резултат и во други испитувања. Така на пример, Стојанов (1981) установил дека кај учениците од прво одделение на основното училиште постои спротивно насочена поврзаност меѓу календарската возраст и постигнатите резултати во учењето, а и меѓу календарската возраст и успехот на тестот "Сфаќање на апстрактните односи" - од батеријата DAT.

Податокот дека постои негативен однос меѓу овие варијабли изгледа парадоксален и противречен на логиката, оти е природно да се очекува токму спротивното: со наголемувањето на возраста да постои тенденција на постигнување подобри резултати во учењето, а и на тестовите на интелигенцијата. Бидејќи таков негативен

однос е утврден меѓу овие варијабли и бидејќи за истиот може да се каже дека е неочекуван, тогаш со право може да се постави прашањето: зашто е тоа така, зошто помладите ученици да се подобри од постарите? Појавноста на оваа состојба е условена од практиката на запишувањето на учениците во прво одделение. Како што е познато, при запишувањето на децата во прво одделение, еден определен број од нив се запишуваат предвреме, т.е. на помала календарска возраст од онаа која е предвидена со Законските прописи. За основните училишта на скопското подрачје, од кои се избрани субјектите во ова истражување, е карактеристично дека предвреме го започнуваат своето образование околу 33% од вкупно запишаните ученици во I одд. (Стојанов,1981). Како пак искуството покажува, предвреме обично се запишуваат оние деца кои се напреднати во интелектуалниот развој, а пак, на постара возраст обично се запишуваат оние деца кај кои на определен начин е успорен нивниот развој. Значи, самата практика на спроведувањето на уписот придонесува, помладите како група да бидат селекционирани како поуспешна група, во споредба со постарите ученици.

И да резимираме. Од добиените резултати за поврзаноста на биофизичките особини и социјалниот статус се констатира:

а) Особините: пол и возраст се статистички значајно поврзани со социјалниот статус кој е утврдуван на секој од социометриските критериуми.

б) Во однос на особината - пол, резултатите покажуваат дека ученичките како група имаат нешто поповолен социјален статус во однос на учениците (учениците од машки пол).

в) Календарската возраст како особина е негативно корелирана со социјалниот статус на секој од социометриските критериуми.

г) Особините: пол и возраст покажуваат низок степен на поврзаност со социјалниот статус. Тие се во приближно еднаков степен поврзани со социјалниот статус.

д) Особините: висина и тежина се незначајни фактори на социјалниот статус на учениците.

Што се однесува пак на заедничкиот придонес на биофизичките особини во објаснувањето на разликите во социјалниот статус на учениците, добиени се следните корелации:

- биофизички особини и социјален статус (за првиот критериум) $R_{1.23}$ = .383x)
- биофизички особини и социјален статус (за вториот критериум) $R_{1.23}$ = .32o
- биофизички особини и социјален статус (за третиот критериум) $R_{1.23}$ = .29o
- биофизички особини и социјалниот статус (за трите критериуми заедно) $R_{1.23}$ = .342

Сите коефициенти на корелација се статистички значајни на ниво .o1. Според висината на добиените корелации произлегува дека придонесот на биофизичките особини (пол и возраст) во објаснувањето на разликите во социјалниот статус е приближно еднаков кај секој од социометриските критериуми.

## 2.2. Когнитивната способност - интелигенција и социјалниот статус

Општата интелектуална способност или интелигенцијата претставува бездруго една од најчесто испитуваните психолошки детерминанти на социјалниот статус. Од досегашните испитувања произлегува како заклучок, дека интелигенцијата е значајна варијабла која што позитивно корелира со социјалниот статус. Во врска со степенот на нивната меѓусебна поврзаност значајно е да се

---

x) 1. социјален статус
2. пол
3. возраст

истакне дека се добивани различни коефициенти на корелација, кои, како што наведува Hartup (197o), варираат во распон од o,2o до o,65. Оваа состојба, да се добиваат корелации со нееднаква висина, е условена од неколку околности. Така, степенот на поврзаноста меѓу интелигенцијата и социјалниот статус зависи во прв ред од природата на социометрискиот критериум, кој се користи како основа за утврдување на социјалниот статус. Повисока корелација се добива, на пример, кога социјалниот статус е индициран на критериумски активности за чие успешно обавување интелигенцијата има значајна улога, отколку кога статусот би се утврдувал на критериумски активности кај кои таа нема толку битна улога (како што е тоа случај со критериумот - другарување во слободното време).

Освен тоа, меѓу овие две варијабли можно е да се добиваат различни коефициенти на корелација и заради тоа што интелигенцијата се испитува со разновидни тестови на интелигенција - со разновидни за нив утврдени метриски карактеристики. Значи, корелации со нееднаква висина може да се добиваат и заради тоа што интелигенцијата не се испитува на ист начин.

Од наведените причини практично произлегува дека е дури и апсурдно во апсолутна смисла да се говори за постоење на некоја единствена корелација меѓу интелигенцијата и социјалниот статус. Бидејќи пак корелацијата меѓу овие две варијабли е условна од повеќе околности и бидејќи во оглед на тоа е реално да се очекува да постои различна корелација меѓу нив, потребно е заради тоа, секогаш кога се разгледува нивниот однос, да се каже, со кој тест е испитувана интелигенцијата (која интелигенција е испитувана), и како, на кој начин е утврдуван социјалниот статус.

И во ова истражување интелигенцијата се разгледува како фактор на социјалниот статус. За разлика од многу други истражу-

вања, во кои улогата на интелигенцијата била обично согледувана врз основа на резултати добиени со еден тест на интелигенција, а покрај тоа и одвоено (независно) од другите фактори на социјалниот статус, во овој случај се прави посеопфатен обид, нејзината улога да се испите од аспект на повеќе тестови на интелигенцијата и, што е уште поважно, во констелација и со други психолошки варијабли значајни за социјалниот статус.

Добиените резултати за степенот на поврзаноста меѓу социјалниот статус и интелигенцијата, која е испитувана со три посебни тестови на интелигенција, се прикажани во следната табела.

Табела 5. Коефициенти на корелација меѓу интелигенцијата и социјалниот статус

| Тестови на интелигенција | Социјален статус на критериумите | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
| Домино тест (Д-48) | .58 | .5o | .37 | .51 |
| Тест на резонирање на ликови (TRL) | .49 | .46 | .32 | .45 |
| Кателов В-фактор на личноста | .47 | .45 | .34 | .45 |

Сите наведени коефициенти на корелација се статистички значајни на ниво о,о1. Според тоа, врз основа на овие резултати може да се тврди дека интелигенцијата има значајно позитивно дејство врз социјалниот статус. Таа позитивно корелира со социјалниот статус, кој е изведен кај сите социометриски критериуми. Меѓутоа, од добиените коефициенти на корелација се констатира дека интелигенцијата нема еднакво дејство врз социјалниот статус кај секој критериум. Таа во приближно еднаков степен го определува социјалниот статус кај првите два критериуми ($ISS_1$ и $ISS_2$) и кај трите критериуми кога се земаат заедно ($ISS_p$), а нејзиното деј-

ство е значајно пониско кај третиот критериум - другарување во слободно време (сите корелации добиени за тестовите на интелигенцијата кај третиот критериум се статистички значајно пониски од корелациите добиени кај сите останати критериуми).

Освен тоа, од наведените податоци се гледа, исто така, дека корелацијата меѓу интелигенцијата и социјалниот статус варира и во зависност од тестовите со кои таа е испитувана. Од сите тестови е евидентно дека Домино тестот повисоко корелира со социјалниот статус, и тоа на сите социометриски критериуми. Корелациите на другите два теста се нешто пониски и прилично меѓу себе еднакви, но не и во толкава мера пониски, да се и статистички значајно различни.

Со оглед на фактот дека интелигенцијата е испитувана во ова истражување со три посебни тестови на интелигенција, а за кои е утврдено дека различно корелираат со социјалниот статус, интересно е да се провери: во кој степен со овие тестови се испитува, всушност, иста способност и дали овие тестови имаат некаков заеднички придонес во објаснувањето на варијабилитетот кај варијаблата - социјален статус.

Во врска со првото прашање, се добиени следниве коефициенти на валидност:

- меѓу Домино тестот и тестот TRL, r = .61
- меѓу Домино тестот и Кателовиот В - фактор на личноста, r = .43
- меѓу тестот TRL и Кателовиот В-фактор на личноста, r = .46

Наведените корелации покажуваат дека овие тестови не се меѓусебно еднакво валидни. За Кателовиот В-фактор на личноста би можело да се каже дека во помал степен ја испитува онаа способ-

ност, која доаѓа до израз при решавањето на тестовите Домино и TRL. Тоа впрочем е логично и да се очекува, бидејќи Кателовиот B-фактор на личноста е вербален тест на интелигенцијата, за разлика од другите два теста, кои се невербални тестови на интелигенцијата.

Второто прашање е поставено, пред сè, со цел да се утврди, дали е доволно односот меѓу интелигенцијата и социјалниот статус да се проучува само во случај кога интелигенцијата се испитува со еден тест на интелигенција (како што тоа обично е постапувано во досегашните истражувања) или пак, е потребно нивниот однос да се согледува и од аспект, кога оваа способност се испитува со повеќе тестови на интелигенција. Како што видовме, неспорно е да се очекуваат различни коефициенти на корелација меѓу интелигенцијата и социјалниот статус, во зависност од тоа со кои тестови таа се испитува. Меѓутоа, од друга страна е значајно исто така и прашањето, каков би бил односот меѓу интелигенцијата и социјалниот статус, доколку притоа интелигенцијата се разгледува како предикаторска варијабла, чие дејство се испитува едновремено од аспект на два или повеќе тестови на интелигенција. Тоа е всушност посебна цел која се поставува во ова истражување.

Под една таква претпоставка, т.е. во еден таков контекст, улогата на интелигенцијата како фактор на социјалниот статус, може да се согледа од следниве резултати.

Табела 6. Коефициенти на мултипла корелација меѓу тестовите на интелигенцијата и социјалниот статус

| Социјален статус на критериумите | Коефициент на мултипла корелација | | | |
|---|---|---|---|---|
| | R 1.23 | R 1.24 | R 1.34 | R 1.234x) |
| $ISS_1$ | .6о5 | .629 | .562 | .639 |
| $ISS_2$ | .537 | .564 | .533 | .578 |
| $ISS_3$ | .389 | .421 | .387 | .426 |
| $ISS_p$ | .539 | .57о | .527 | .581 |

x) 1. Социјален статус
2. Домино тест (Д-48)
3. Тест на резонирање на ликови (TRL)
4. Кателов B - фактор на личноста

Овие коефициенти на корелација се заснопуваат на комбинации од два и три тестови на интелигенцијата. Споредено со корелациите, кои се добиени за секој тест одделно (таб.5), тие покажуваат тенденција на повисок степен на поврзаност меѓу интелигенцијата и социјалниот статус. Тоа е карактеристично во овој случај кај сите социометриски критериуми. Значи, општо земено, добиените резултати покажуваат дека поголем процент од варијансата на социјалниот статус може да се објасни, доколку два или три теста на интелигенцијата се третираат како еден заеднички фактор (кога два или повеќе тестови на интелигенцијата се третираат заедно како независни варијабли на социјалниот статус).

Од прикажаните резултати, исто така, може да се констатира дека не е сосема ирелевантно ни тоа, кои тестови на интелигенција ќе се земат заедно како предиктаторски варијабли на социјалниот статус. Кај комбинациите при кои се земени во предвид по два теста на интелигенцијата, очигледно најпополна е комбинацијата од тестовите Домино и Кателовиот B-фактор на личноста. Оваа ком-

бинација покажува приближно еднаков ефект во објаснувањето на варијабилитетот на социјалниот статус, каков што оствaруваат трите теста кога се земаат заедно. На пример, кај првиот социометриски критериум, 39,56% од варијансата на социјалниот статус може да се објасни со помош на Домино тестот и Кателовиот В-фактор на личноста, а 40,83% доколку кон нив се приклучи и тестот TRL. Слично на ова и кај другите критериуми е сосема мала разликата во процентот на објаснетата варијанса на социјалниот статус.

Комбинацијата од Домино тестот и Кателовиот В-фактор на личноста стои најповолно во однос на социјалниот статус, бидејќи таа обединува два теста, при кои во поголема мера, отколку кај другите комбинации, се задоволуваат двата основни принципи на мултиплата корелација (да се комбинираат тестови кои повисоко корелираат со критериумската варијабла, а кои, од друга страна, меѓусебно што пониско корелираат).

Па сепак, гледано во целина, неспорно е дека комбинацијата од трите теста објаснува поголем процент од варијансата на социјалниот статус на сите критериуми, во споредба со било која друга комбинација, кога би се земеле предвид само два теста на интелигенцијата.

Меѓутоа, гледано пак од аспект на релативниот придонес што го дава во оваа смисла секој тест одделно, се констатира дека најголем придонес во објаснувањето на варијансата на социјалниот статус кај сите критериуми има Домино тестот, а најмал пак тестот на резонирање на ликови (TRL).

Табела 7. Релативен придонес на трите тестови на интелигенцијата во објаснувањето на варијансата на социјалниот статус

| Социјален статус на критериумите | Домино тест | Тест на резонирање на ликови | Кателов-В фактор на личноста | Трите тестови заедно |
|---|---|---|---|---|
| $ISS_1$ | 22,68<br>(15,28+7,4o)[x)] | 7,o1<br>(2,o4 + 4,97) | 11,o9<br>(5,57+5,52) | 4o,78 |
| $ISS_2$ | 14,55<br>(8,47+6,o8) | 7,77<br>(2,86 + 4,91) | 11,12<br>(6,1o+5,o2) | 33,44 |
| $ISS_3$ | 8,55<br>(5,34+3,21) | 2,78<br>(o,76 + 2,o2) | 6,83<br>(4,o4+2,79) | 18,16 |
| $ISS_p$ | 16,12<br>(9,99+6,13) | 6,44<br>(2,o4 + 4,4o) | 11,16<br>(6,15+5,o1) | 33,72 |

И не само тоа. Во комбинација на овие тестови, тестот TRL практично има занемарливо ниска предиктивна вредност за социјалниот статус. Директниот придонес на овој тест е навистина минимален (2,o4% кај првиот критериум, 2,86% кај вториот критериум, o,76% кај третиот критериум и 2,o4% кај трите критериуми заедно) и во основа понизок од неговиот индиректен придонес. Кај другите два теста карактеристичен е токму спротивниот однос - поголем директен од индиректен придонес. Затоа со овие два теста е можно да се објасни во поголема мера варијансата на социјалниот статус.

---

x) Процент на варијансата на социјалниот статус која ја објаснуваат тестовите на интелигенцијата, кога секој тест одделно се третира како посебна компонента на коефициентот на мултипле детерминација. Кај секој тест, првиот број го означува релативниот придонес на тестот, кој расчленето е прикажан во заградите, во вид на директен и индиректен негов придонес.

## 2.3. Конативно-мотивациски особини и социјалниот статус

Влијанието на конативно-мотивациските особини врз социјалниот статус, во основа, може да се испитува и разгледува на два нивоа. Прво, како парцијално дејство на ниво на одделни особини и второ, како мултипло дејство на две или повеќе конативно-мотивациски особини, земени како група заедно. Во оваа смисла е испитувано нивното дејство во ова истражување.

Заради поголема прегледност, резултатите кои се добиени на овие два нивоа, ги прикажуваме посебно.

а) Парцијално дејство на одделни конативно-мотивациски особини врз социјалниот статус.

Во врска со парцијалното дејство на конативно-мотивациските особини се добиени следните резултати.

Табела 8. Коефициенти на корелација меѓу конативно-мотивациските особини и социјалниот статус

| Конативно-мотивациски варијабли | Социјален статус на критериумите | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
| 1. Саизотимија-афектотимија | .о3 | .о7 | .о1 | .о4 |
| 2. Субмисивност-доминација | -.15 | -.16 | -.19 | -.18 |
| 3. Десургенција-сургенција | .13 | .13 | .3о | .2о |
| 4. Слабо суперего-силно суперего | .о6 | .1о | .о7 | ,о3 |
| 5. Зепија-коастенија | -.14 | -.16 | -.21 | -.18 |
| 6. Зависност од други-самодоволност | -.34 | -.33 | -.34 | -.36 |
| 7. Интроверзија-екстроверзија | .34 | .35 | .32 | .36 |
| 8. Искреност | -.18 | -.12 | -.23 | -.19 |
| 9. Спремност за соработка | .35 | .33 | .18 | .31 |
| 1о. Склоност кон доверба во луѓето | .о7 | .о9 | .о1 | .о6 |
| 11. Несебичност | .29 | .25 | .21 | .27 |
| 12. Општ мотив на постигнување | .о6 | .11 | -.о2 | .о5 |
| 13. Изграденост на работни навики за учење | .2о | .21 | .о2 | .18 |
| 14. Успешност во учењето | .79 | .72 | .42 | .69 |

x) Гранична вредност на значајност на корелациите изнесува: за P.о5 = .174 и за P.о1 = .228.

Конативно-мотивациските варијабли, кои се опфатени во ова истражување, очигледно е дека се во различен степен поврзани и на различен начин поврзани со критериумската варијабла - социјален статус. Ова како општа констатација важи, без оглед на тоа, било на кој критериум да е утврден социјалниот статус.

Од наведените податоци (Табела 8.) се гледа дека различно се значајни исти конативни варијабли за социјалниот статус, на определените критериуми. Ова може да се констатира врз основа на податокот дека нееднаков е бројот на конативно-мотивациските варијабли, кои статистички значајно се поврзани со социјалниот статус кај секој критериум. Најголем број од овие варијабли корелира со социјалниот статус кој е индициран преку просечните индекси на социјалниот статус (вкупно 1о од 14 варијабли статистички значајно корелираат со глобалниот социјален статус).

Покрај тоа што е нееднаков бројот на конативните варијабли кои значајно го определуваат социјалниот статус на одделните критериумски активности, исто така може да се констатира дека и коефициентот на корелацијата покажува различно ниво на поврзаност. Највисок степен на поврзаност е утврден меѓу успехот во учењето и социјалниот статус на првите два критериуми (критериуми кои се однесуваат на училишни активности). Оваа варијабла пак статистички значајно пониско корелира со социјалниот статус кај критериумот - другарување во слободно време. Гледано од овој аспект, статистички значајно пониско корелираат со социјалниот статус на третиот критериум и варијаблите: изграденост на работните навики

и спремност за соработка. Единствено овие три конативно-мотивациски варијабли се помалку релевантни за социјалниот статус кај третиот критериум.

Од друга страна пак, конативните варијабли: субмисивност-доминација, десургенција-сургенција, зепија-коастенија и искреност се посебно значајни варијабли кај третиот критериум, а незначајни варијабли на социјалниот статус кај првите два критериуми. Значи, за социјалната активност - дружење во слободното време, значајно е дека обично се избираат како другари оние што по природа се весели, ведри, друштвени, духовити, безгрижни, говорливи, енергични, искрени, љубезни, попустливи, кои лесно се вклучуваат во групни потфати и кои ги прифаќаат групните норми. Освен тоа, од наведените податоци се гледа, исто така, дека определени конативни варијабли се во приближно еднаков степен значајни за социјалниот статус на сите критериуми. Такви се особините: зависност од други - самодоволност, интроверзија-екстроверзија и несебичност.

Од вкупно 14 конативно-мотивациски варијабли колку се опфатени во ова истражување, само четири се незначајни за социјалниот статус. Тоа се особините: саизотимија-афектотимија, слабо суперего - силно суперего, склоност кон доверба во луѓето и општиот мотив на постигнување.

Општо земено, за конативно - мотивациските особини може да се констатира дека се релевантни варијабли на социјалниот статус, но не и во еднаков степен релевантни кај сите критериумски активности на социјалниот статус. Оваа констатација произлегува од фактот, дека најголем број од испитаните конативни варијабли се статистички значајно поврзани со соци-

јалниот статус, но и во различен степен поврзани кај одделни социометриски критериуми. Од добиените резултати (Табела 8.) се гледа дека разлики во степенот на поврзаноста, главно, постојат. Меѓу третиот критериум (другарување во слободно време) и останатите критериуми. Во прилог на тоа дека навистина не е еднаква нивната улога во случајот на овие критериуми, говорат и следните податоци. Имено, највисок степен на совпаѓање постои во ранговите на конативните варијабли, меѓу првиот, вториот и четвртиот критериум ($\rho_{12}$=o,95, $\rho_{14}$=o,92 и $\rho_{24}$=o,91), а значително понизок степен на совпаѓање меѓу третиот критериум останатите критериуми ($\rho_{31}$=o,68, $\rho_{32}$=o,73 и $\rho_{34}$=o,84)[x)]

б) Мултипло дејство на конативно-мотивациските особини врз социјалниот статус

Табела 9. Коефициенти на мултипла корелација меѓу конативно-мотивациските особини и социјалниот статус

| Коефициенти на мултипла корелација | Социјален статус на критериумите | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
| R1.23 | .434 | .428 | .421 | .453 |
| R1.234 | .5o7 | .493 | .431 | .5o2 |
| R1.2345 | .521 | .5o1 | .444 | .515 |
| R1.23456 | .823 | .76o | .528 | .742 |
| R1.234567 | .823 | .762 | - | .742 |
| R1.2345678 | .824 | - | - | .744 |
| R1.234569 | - | - | .55o | .75o |
| R1.234569(1o) | - | - | .585 | .756 |
| R1.234569(1o,11) | - | - | .586 | .757 |
| R1.234568 9 (1o,11) | - | - | .595 | .757 |
| R1.23456789 (1o,11)[xx)] | - | - | - | .758 |
| R1.234578 | .552 | - | - | - |
| R1.23457 | - | .511 | - | - |
| R1.234589 (1o,11) | - | - | .538 | - |
| R1.2345789 (1o,11) | - | - | - | .571 |

xx) 1. Социјален статус, 2. Зависност од други - самодоволност, 3. Интроверзија-екстроверзија, 4. Спремност за соработка, 5. Несебичност, 6. Успех во учењето, 7. Изграденост на работни навики, 8. Искреност, 9. Субмисивност-доминација, 1o. Десургенција-сургенција, 11. Зепија-коастенија.

x) Ранг-корелации меѓу ранговите на конативните варијабли, што

Сите коефициенти на мултипла корелација се статистички значајни на ниво .01.

Во првиот блок од табелата 9 се наведени коефициентите на мултиплата корелација меѓу социјалниот статус и конативно-мотивациските варијабли, кои се јавуваат како значајни негови детерминанти кај сите критериуми. Меѓу нив како такви варијабли се: зависност од други - самодоволност ($Q_2$), интроверзија - екстроверзија, спремност за соработка, несебичност и успех во учењето. За овие особини е карактеристично дека имаат определено мултипло дејство врз социјалниот статус. Тоа се гледа од добиените коефициенти на корелацијата кои покажуваат тенденција на зголемување на нивната вредност, со наголемувањето на бројот на конативните варијабли, почнувајќи со група од две па се до сите пет заедно. Гледано по критериуми, нивното мултипло дејство е најголемо кога се земаат во предвид сите пет особини заедно. Според ова произлегува дека со помош на овие особини може во голема мера да се објасни варијансата на социјалниот статус. Конкретно кај секој критериум, процентот на објаснетата варијанса изнесува: 67,73% - кај првиот критериум, 57,76% кај вториот критериум, 27,88% кај третиот критериум и 55,о6% за трите критериуми заедно. Придонесот на овие особини е забележително понизок само во случај на третиот критериум.

Мултиплото дејство на конативно-мотивациските особини врз социјалниот статус е испитувано исто така и во ситуација кога кон овие пет особини се приклучувани и останатите особини од оваа група, за кои се покажа со претходната анализа дека имаат

---

тие ги имаат според нивниот придонес во објаснувањето на варијаблата социјален статус, која е диференцирано искажувана на одделните критериуми.

значајно парцијално дејство врз социјалниот статус. Во таков случај се добиени повисоки коефициенти на корелација (податоци во вториот блок од таб.9). Тоа особено важи за третиот критериум, каде што коефициентот на мултиплата корелација (R =.595) е дури статистички значајно повисок (F = 3,43 - значаен на ниво .о5). Кај овој критериум на социјалниот статус се покажува дека значајна улога имаат поголем број на конативно-мотивациски особини, отколку што тоа е случај кај другите два критериуми.

Од добиените резултати е евидентно дека конативно-мотивациските особини се навистина мошне значајни варијабли на социјалниот статус. Меѓутоа, во нив како група е вклучена и варијаблата - успех во учењето. Оваа варијабла е во основа мошне комплексна. Таа на определен начин може да се третира како конативно - мотивациска варијабла, но бездруго, таа е пред сѐ педагошка варијабла. Заради тоа, мултиплото дејство на конативните варијабли е посебно испитувано со нејзино исклучување. На еден таков начин се добиени статистички значајно пониски коефициенти на мултипла корелација, и тоа кај сите критериуми (тие коефициенти се прикажани во третиот блок од таб.9.). И покрај тоа, добиените коефициенти сепак покажуваат дека овие особини имаат мошне значајна улога за социјалниот статус. Со нивна помош, може да се објасни, на пример, 3о,47% од варијансата на социјалниот статус кај првиот критериум 26,12% кај вториот критериум, 28,92% кај третиот критериум и 32,63% кај трите критериуми заедно.

Конативно-мотивациските особини имаат различен придонес во објаснувањето на варијаблата - социјален статус. Тоа е всушност општа констатација која произлегува од прикажаните резултати во табелата 1о.

Табела 1о. Пропорција на варијансата на социјалниот статус која ја објаснува секоја конативно-мотивациска особина

| Конативно-мотивациски особини | $ISS_1$ $\beta_{1к} \cdot r_{1к}$ | $ISS_2$ $\beta_{1к} \cdot r_{1к}$ | $ISS_3$ $\beta_{1к} \cdot r_{1к}$ | $ISS_p$ $\beta_{1к} \cdot r_{1к}$ x) |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зависност од други-самодоволност | .о763 | .о693 | .о663 | .о835 |
| 2. Интроверзија-екстроверзија | .о677 | .о847 | .о651 | .о938 |
| 3. Спремност за соработка | .о641 | .о662 | .оо64 | .о457 |
| 4. Несебичност | .о43о | .о172 | .о218 | .о269 |
| 5. Изграденост на работни навики | .о2о4 | .о238 | - | .о113 |
| 6. Искреност | .о332 | - | .о46о | .о397 |
| 7. Субмисивност-доминација | - | - | .о439 | .о3о5 |
| 8. Десургенција-сургенција | - | - | .о349 | -.оо6о |
| 9. Зепија-коастенија | - | - | .оо48 | -.оо18 |
| Коефициент на мултипла детерминација | .3о47 | .2612 | .2892 | .3263 |
| Коефициент на мултипла корелација | . 552 | . 511 | . 538 | . 571 |

x) $\beta_{1к}$-бета коефициенти симболизирани во скратена форма $r_{1к}$ - коефициенти на корелација меѓу социјалниот статус и одделните конативни особини.

Поединечниот придонес на особините во објаснувањето на варијансата на социјалниот статус не е само различен, туку речиси кај сите особини тој е прилично низок. Единствено особините: зависност од други - самодоволност ($\beta_2$) и интроверзија - екстроверзија имаат нешто поголем и приближно еднаков придонес кај сите критериуми на социјалниот статус. Поединечниот придонес на останатите особини е забележително различен од еден до друг критериум на социјалниот статус. Меѓутоа, заедничкиот придонес пак на сите особини заедно е прилично голем. И не само тоа. Како што

покажуваат добиените коефициенти на мултипла детерминација, нивниот придонес е исто така го еднаков степен значаен кај сите критериуми.

Многу значајни резултати во ова истражување се добиени и во врска со уделот што го имаат когнитивните и конативно - мотивациските особини во објаснувањето на социјалниот статус.

Табела 11. Коефициенти на мултипла корелација меѓу социјалниот статус и когнитивните и конативните особини

| Критериуми на социјален статус | Корелации со интелигенцијата | Корелации со конативните особини | F | P |
|---|---|---|---|---|
| $ISS_1$ | .639 | .552 | 4,о5 | .о1 |
| $ISS_2$ | .578 | .511 | 2,59 | .о5 |
| $ISS_3$ | .426 | .538 | 3,58 | .о1 |
| $ISS_p$ | .581 | .571 | о,42 | - |

За овие две групи на особини се констатира дека нивниот удел е различен кај одделните критериуми на социјалниот статус. Така на пример, уделот на конативните особини е статистички значајно помал кај првите два критериуми, кои се однесуваат на училишни активности. Нивниот удел е пак статистички значајно поголем од когнитивните особини во случај на третиот критериум. Значи, компарирањето на овие две групи на особини покажува дека нивниот удел е условен од критериумските активности кои се земаат како основа за утврдување на социјалниот статус. Кога,како социометриски критериуми се земаат училишни активности, тогаш се покажува дека поголем удел при изборот на другари имаат когнитивните особини, а пак при изборот на другари за дружење во слободно време, поголем удел имаат конативните особини.

## 2.4. Особини на емоционалното подрачје на личноста и социјалниот статус

Во однос на социјалниот статус посебно е испитувана во ова истражување улогата на следниве емоционални особини: слабо его-силно его (C), воздржливост-раздразливост (D), тренција-пармија (H), харија-премсија (I), спокојност - склоност кон чувствување вина (O), селф конфликт - јас сентимент ($Q_3$), ниска ергична тензија - висока ергична тензија ($Q_4$), толеранција на фрустрацијата и социјално-емоционалната зрелост.

а) Парцијално дејство на емоционалните особини врз социјалниот статус

Табела 12. Коефициенти на корелација меѓу социјалниот статус и емоционалните особини

| Емоционални особини | Социјален статус на критериумите $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
|---|---|---|---|---|
| 1. Слабо его-силно его | .o1 | .o4 | -.17 | -.o5 |
| 2. Воздржливост-раздразливост | .o6 | .o1 | .24 | .12 |
| 3. Тренција-пармија | .o8 | .11 | .o4 | .o8 |
| 4. Харија-премсија | .29 | .25 | .22 | .27 |
| 5. Спокојност-склоност кон чувствување вина | -.o5 | -.12 | .14 | -.o1 |
| 6. Селф конфликт-јас сентимент | .26 | .29 | .o1 | .2o |
| 7. Ниска ергична тензија-висока ергична тензија | .o7 | -.o1 | .26 | .12 |
| 8. Толеранција на фрустрацијата | .13 | .14 | -.o3 | .o9 |
| 9. Социјално-емоционална зрелост | .14 | .15 | .o5 | .12 |

x) Гранична вредност на значајност на корелациите изнесува за P.o5 = .174 и за P.o1 = .228.

Од вкупно девет особини, колку се опфатени со ова истражување, само две особини се статистички значајно поврзани со социјалниот статус кај првиот, вториот и трите критериуми заедно, а само три пак, кај третиот критериум. Во првиот случај тоа се особините: харија - премсија ("цврста" нарав - "мека" нарав) и селф конфликт - јас сентимент, а кај третиот критериум, тоа се: воздржливост-раздразливост, харија-премсија и ниска ергична тензија - висока ергична тензија. Од сите овие особини, само изворната црта на личноста, харија-премсија се јавува како значајна варијабла кај сите критериуми на социјалниот статус.

За сите четири особини, за кои е утврдено дека се статистички значајно поврзани со социјалниот статус, карактеристично е дека покажуваат низок степен на поврзаност. Значи, не само што е мал бројот на емоционалните особини кои се јавуваат како релевантни варијабли на социјалниот статус, туку и оние кои се јавуваат како такви, имаат забележително мало парцијално дејство (сите нивни коефициенти на корелација имаат пониска вредност од .30).

### б) Мултипло дејство на емоционалните особини врз социјалниот статус

Само за оние емоционални особини за кои се покажа дека се статистички значајно поврзани со социјалниот статус е утврдувано нивното мултипло дејство. Кај одделните критериуми на социјалниот статус се добиени следниве коефициенти на мултипла корелација:

- кај првиот критериум ($ISS_1$), $R_{1.46} = .365$
- кај вториот критериум ($ISS_2$), $R_{1.46} = .359$
- кај третиот критериум ($ISS_3$), $R_{1.247} = .36o$
- кај трите критериуми заедно ($ISS_p$), $R_{1.46} = .316$[x)]

x) 1. Социјален статус, 2. Воздржливост-раздразливост, 4. Харија-премсија, 6. Селф конфликт - јас сентемент, 7. Ниска ергична тензија-висока ергична тензија.

Врз основа на добиените коефициенти на мултипла корелација се констатира дека емоционалните особини имаат ниска прогностична валидност за социјалниот статус, бидејќи дури со помош и на највисоките коефициенти на корелација можат да се објаснат околу 13% од варијансата кај варијаблата - социјален статус. За овие особини е карактеристично дека се тие, речиси, во еднаков степен значајни кај сите критериуми на социјален статус.

Споредено пак со конативните особини, овие својства на личноста покажуваат значајно помала улога во определувањето на социјалниот статус.

Табела 13. Коефициенти на мултипла корелација меѓу социјалниот статус и емоционалните и конативните особини

| Критериуми на социјален статус | Корелации со емоционалните особини (R) | Корелации со конативните особини (R) | F | P |
|---|---|---|---|---|
| $ISS_1$ | .365 | .552 | 7,28 | .o1 |
| $ISS_2$ | .359 | .511 | 7,o3 | .o1 |
| $ISS_3$ | .36o | .538 | 5,31 | .o1 |
| $ISS_p$ | .316 | .571 | 4,39 | .o1 |

F - тестот со помош на кој е испитувана разликата меѓу одделните коефициенти на мултипла корелација покажува дека, кај сите критериуми на социјалниот статус, разликите во корелациите се статистички значајни на ниво .o1.

## 2.5. Психопатолошки особини и социјалниот статус

Како независни варијабли на социјалниот статус се земени во ова истражување следниве психопатолошки особини: авторитарност, конформизам, конзервативност, анксиозност, депресивност, агресивност и невротизам.

Овие испитувани психо-патолошки особини се во различен степен меѓусебно поврзани. За нивниот меѓусебен однос добиени се следниве коефициенти на корелација:

Табела 14. Интеркорелации кај психопатолошките особини

| | Автор. 1 | Конф. 2 | Конз. 3 | Анкс. 4 | Депр. 5 | Агрс. 6 | Невр. 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Авторитарност | - | .589 | .572 | .248 | .o79 | .151 | .o66 |
| 2. Конформизам | | - | .52o | .2o1 | .o3o | .o57 | -.o25 |
| 3. Конзервативност | | | - | .3o9 | .14o | .167 | .124 |
| 4. Анксиозност | | | | - | .716 | .55o | .651 |
| 5. Депресивност | | | | | - | .591 | .67o |
| 6. Агресивност | | | | | | - | .672 |
| 7. Невротизам | | | | | | | - |

Наведените резултати јасно покажуваат дека психопатолошките особини се структуирани како две посебни целини. Едната ја сочинуваат особините: авторитарност, конформизам и конзервативност, а другата пак особините: анксиозност, депресивност, агресивност и невротизам. Ваква нивна структуираност е емпириски верификувана и во други истражувања.

Особините - авторитарност, конформизам и конзервативизам претставуваат всушност три вида социјални ставови. Истражувањата кај кои била применета постапката на факторска анализа покажуваат дека овие социјални ставови се наоѓаат во основата на една поширока димензија, именувана како ригидност. Во оваа смисла ги третира овие особини на личноста, на пример, и Касагиќ (1983) во својата докторска дисертација. Имено, тој ги разгледува нив како особини кои се однесуваат на конативно-мотивациското подрачје на личноста, а кои се обединети под димензијата - ригидност. Хрњица (1982) пак смета дека авторитарноста и конформизмот сочинуваат група на соци-

јално-патолошки диспозиции, кои се оформуваат кај нестабилни личности под влијанието на негативната општествена клима. Таквите лица, смета тој, ја усвојуваат авторитарноста и конформизмот како животен став, бидејќи на тој начин настојуваат да го очуваат чувството на сигурност кое е најчесто кај нив нарушувано заради некои други процеси.

Овие три особини на личноста неспорно е дека сочинуваат една посебна група. Но, како таа ќе биде именувана, зависи од тоа кои карактеристики се земаат во преден план.

Особините пак, анксиозност, депресивност, агресивност и невротизам, претставуваат тенденции на дисоцијација на личноста. Тоа се психопатолошки диспозиции кои во најголем степен го загрозуваат воспоставувањето на менталната врамнотеженост кај личноста, односно кои претставуваат силна контраиндикација за развојот на зрела личност.

Во врска со степенот на поврзаноста меѓу социјалниот статус и психопатолошките особини се добиени следните коефициенти на корелација.

Табела 15. Коефициенти на корелација меѓу социјалниот статус и психопатолошките особини

| Психопатолошки особини | Социјален статус на критериумите | | | |
|---|---|---|---|---|
| | $ISS_1$ | $ISS_2$ | $ISS_3$ | $ISS_p$ |
| 1. Авторитарност | -.11 | -.o8 | -.o4 | -.o8 |
| 2. Конформизам | -.2o | -.16 | -.o9 | -.16 |
| 3. Конзервативност | -.o1 | -.o2 | -.o2 | -.o1 |
| 4. Анксиозност | -.o7 | -.o4 | -.o6 | -.o5 |
| 5. Депресивност | -.16 | -.15 | -.o4 | - 12 |
| 6. Агресивност | -.1o | -.o6 | -.o1 | -.o6 |
| 7. Невротизам | -.o3 | - o4 | .o6 | .o1 |

Врз основа на наведените податоци може да се констатира дека од сите психопатолошки особини единствено особината конформизам е статистички значајно поврзана со социјалниот статус, и тоа само

кај првиот критериум (-.2о). Добиената корелација е негативна и таа укажува на тоа, дека оние ученици кои се во поголем степен конформисти, обично помалку се социјално прифатени.

Конформизмот е варијабла која што негативно корелира и со училишниот успех. Во ова истражување се покажа дека корелацијата меѓу нив изнесува (-.25). Оваа корелација е статистички значајна на ниво .о1 и таа покажува дека поголеми конформисти се обично послабите ученици, во споредба со подобрите ученици. Кеашчев и Радовановиќ (1977) установиле исто така, дека конформизмот значајно негативно корелира со училишниот успех. Освен тоа, во повеќе истражувања е утврдено дека конформизмот има негативно влијание и врз исполувањето на интелектуалните капацитети на поединците. Оттука, низ оваа призма гледано, може да се сфати постоењето на негативниот однос меѓу конформизмот и социјалниот статус. Помалку интелигентните ученици постигнуваат послаб успех и тие имаат обично понизок социјален статус. Но, бидејки тие не успеваат да се докажат се поголеми конформисти.

Останатите коефициенти на корелација не се статистички значајни. Меѓутоа, тие сепак покажуваат дека постои една општа тенденција. Сите тие имаат негативна вредност и укажуваат на определен начин дека меѓу психопатолошките особини и социјалниот статус е можно да се претпостави дека постои негативен однос. Колку пак вистина е реална оваа претпоставка, тоа не може да се провери врз основа на резултатите на ова истражување. Тоа не е можно бидејќи се испитувани, во овој случај, субјекти на таква возраст кај која е мала веројатноста за јавување на озбилни и трајно структуирани психопатолошки пореметувања. Значи, фактот што за субјекти се земени релативно здрави и нормални личности, објаснува зошто, врз основа

на овој примерок на испитаници, не може веродостојно да се разгледува односот меѓу социјалниот статус и психопатолошките особини.

## 3. Ранг на личните особини според степенот на нивната поврзаност со социјалниот статус

Низ претходно наведените резултати покажавме за секоја особина поединечно дали е или пак не е релевантна за социјалниот статус, односно дали е, и во кој степен е статистички значајно поврзана со социјалниот статус. Прашањето на рангот на личните особини, според тоа каква улога тие имаат во определувањето на социјалниот статус, го разгледавме само во рамки на определените групи на сродни особини, но не и сеопфатно и за сите лични особини. Затоа, за да би се стекнал поцелосен увид за нивниот релативен придонес, ги прикажуваме овде рангирани особините според нивото на нивната поврзаност со социјалниот статус. Особините ги прикажуваме рангирани за секој социометриски критериум посебно, а рангирани се во овој случај само оние особини кои се статистички значајно поврзани со социјалниот статус, најмалку на ниво .о5.

Табела 16. Ранг на личните особини според нивната поврзаност со социјалниот статус

| а) Социјален статус во однос на првиот критериум | | б) Социјален статус во однос на вториот критериум | |
|---|---|---|---|
| 1. Успех во учењето | .79 | 1. Успех во учењето | .72 |
| 2. Домино тест (Д-48) | .58 | 2. Домино тест (Д-48) | .5o |
| 3. Тест на резонирање на ликови | .49 | 3. Тест на резонирање на ликови | .46 |
| 4. Кателов В-фактор на личноста | .47 | 4. Кателов В-фактор на личноста | .45 |
| 5. Спремност за соработка | .35 | 5. Интроверзија-екстроверзија | .35 |
| 6. Интроверзија-екстроверзија | .34 | 6. Спремност за соработка | .33 |
| 7. Зависност од други-самодоволност | -.34 | 7. Зависност од други - самодоволност | -.33 |
| 8. Пол | .3o | 8. Селф конфликт-јас сентимент | .29 |
| 9. Несебичност | .29 | 9. Несебичност | .25 |
| 1o. Харија-премсија | .29 | 1o. Харија-премсија | .25 |
| 11. Селф конфликт - јас сентимент | .26 | 11. Пол | .24 |
| 12. Возраст | -.21 | 12. Изграденост на работни навики | .21 |
| 13. Изграденост на работни навики | .2o | 13. Возраст | -.2o |
| 14. Конформизам | -.2o | 14. Субмисивност-доминација | -.16 |
| 15. Искреност | -.18 | 15. Зепија - коастенија | -.16 |
| 16. Субмисивност-доминација | -.15 | 16. Конформизам | -.16 |
| 17. Зепија-коастенија | -.14 | 17. Десургенција-сургенција | .13 |
| 18. Десургенција-сургенција | .13 | 18. Искреност | -.12 |
| 19. Ниска ергична тензија-висока ергична тензија | .o7 | 19. Ниска ергична тензија - висока ергична тензија | .o1 |
| 2o. Воздржливост-раздразливост | .o6 | 2o. Воздржливост-раздразливост | .o1 |

в) Социјален статус во однос на третиот критериум

| | |
|---|---|
| 1. Успех во учењето | .42 |
| 2. Домино тест (Д-48) | .37 |
| 3. Кателов В-фактор на личноста | .34 |
| 4. Зависност од други-самодоволност | -.34 |
| 5. Тест на резонирање на ликови | .32 |
| 6. Интроверзија-екстроверзија | .32 |
| 7. Десургенција-сургенција | .3o |
| 8. Ниска ергична тензија - висока ергична тензија | .26 |
| 9. Воздржливост-раздразливост | .24 |
| 1o. Искреност | -.23 |
| 11. Харија-премсија | .22 |
| 12. Зепија-коастенија | -.21 |
| 13. Несебичност | .21 |
| 14. Возраст | -.2o |
| 15. Субмисивност-доминација | -.19 |
| 16. Пол | .18 |
| 17. Спремност за соработка | .18 |
| 18. Конформизам | -.o9 |
| 19. Изграденост на работни навики | .o2 |
| 2o. Селф конфликт-јас сентимент | .o1 |

г) Глобален социјален статус ($ISS_p$)

| | |
|---|---|
| 1. Успех во учењето | .69 |
| 2. Домино тест (Д-48) | .51 |
| 3. Кателов В-фактор на личноста | .45 |
| 4. Тест на резонирање на ликови | .45 |
| 5. Интроверзија-екстроверзија | .36 |
| 6. Зависност од други-самодоволност | -.36 |
| 7. Спремност за соработка | .31 |
| 8. Несебичност | .27 |
| 9. Харија-премсија | .27 |
| 1o. Пол | .25 |
| 11. Возраст | -.22 |
| 12. Десургенција-сургенција | .2o |
| 13. Селф конфликт-јас сентимент | .2o |
| 14. Искреност | -.19 |
| 15. Изграденост на работни навики | .18 |
| 16. Зепија-коастенија | -.18 |
| 17. Субмисивност-доминација | -.18 |
| 18. Конформизам | -.16 |
| 19. Воздржливост-раздразливост | .12 |
| 2o. Ниска ергична тензија - висока ергична тензија | .12 |

Од прикажаните рангови на особините се гледа дека најголемо влијание врз социјалниот статус на учениците имаат: постигнатиот успех, когнитивната способност - интелигенција, димензијата на личноста - интроверзија - екстроверзија, како и особините, спремност за соработка, зависност од други - самодоволност, несебичност и харија - премсија. Останатите лични особини се во помал степен значајни, па дури некои од нив се и незначајни кај одделни критериуми на социјалниот статус.

Кога се анализираат разликите во ранговите на особините кај одделните критериуми на социјалниот статус, тогаш се констатира дека највисока е ранг-корелацијата на разликата на ранговите меѓу првиот и вториот критериум ($\rho_{12}$=.97), првиот критериум и глобалниот социјален статус ($\rho_{14}$=.94) и меѓу вториот критериум и глобалниот социјален статус ($\rho_{24}$=.93). Мошне пониска е ранг - корелацијата на ранговите на особините меѓу првиот и третиот критериум ($\rho_{13}$=.42), вториот и третиот критериум ($\rho_{23}$=.42) и третиот критериум и глобалниот социјален статус ($\rho_{14}$=.59). Овие резултати недвосмислено потврдуваат дека личните особини имаат релативно различна улога кај различни критериумски активности на социјалниот статус. Тие можат да бидат во различен степен релевантни за социјалниот статус, зависно од видот на социометрискиот критериум. На пример, во ова истражување највисока е ранг-корелацијата меѓу првиот и вториот критериум, бидејќи се работи за два по природа слични критериуми-и едниот и другиот се однесуваат на училишни активности. Најмала е пак ранг-корелацијата меѓу првиот и третиот критериум, а и меѓу вториот и третиот критериум, бидејќи третиот критериум (другарување во слободно време) суштествено се разликува од другите критериуми.

За најголемиот број од наведените особини е карактеристично дека се јавуваат како различно релевантни фактори на социјалниот статус на определените критериуми. На пример, дури G - факторот на интелектуалните способности (G-48), којшто иако има второ место на сите четири ранг-листи, нема еднаква улога кај сите критериуми на социјалниот статус, бидејќи истиот во различен степен корелира со социјалниот статус. Само особините: интроверзија-екстроверзија, харија - премсија и зависност од други - самодоволност покажуваат, во основа, еднаква улога кај сите критериуми на социјалниот статус.

## 4. Профили на лични особини на учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус

Во овој дел се осврнуваме врз резултатите на ова истражување кои се однесуваат на прашањето, дали постојат разлики во личните особини меѓу учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус, и доколку постојат, кај кои лични особини постојат.

Постоењето на разликите во одделни особини е испитувано преку тестирање на значајноста на разликата меѓу аритметичките средини.x) Резултатите кои се добиени на овој начин покажуваат дека кај определените критериуми на социјалниот статус постојат статистички значајни разлики во поглед на следниве лични особини.

а) Меѓу учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус - кај првиот социометриски критериум, во особините: G - факторот на интелектуалните способности, Кателовиот B-фактор на личноста, способноста за увидување на битни односи и врски, успешноста во учењето, спремноста за соработка, интроверзија-екстроверзија, пол, несебичност, возраст, конформизам, како и Кателовите изворни црти на личноста: харија-премсија (I), зависност од други - самодоволност ($Q_2$) и селф конфликт - јас сентимент ($Q_3$).

б) Меѓу учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус кај критериумот учествување во слободни ученички активности, разлика постои во особините: G-факторот на интелектуалните способности, Кателовиот B-фактор на личноста, способноста за увидување на битни односи и врски, успешноста во учењето, спремноста за соработка, интроверзија - екстроверзија, пол, несебичност,

---

x) Деталниот преглед на аритметичките средини и стандардните отстапувања за особините кај кои е утврдено дека постои значајна разлика меѓу учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус е даден во прилог - табелите 1,2,3 и 4.

возраст и Кателовите изворни црти на личноста: зависност од други-самодоволност ($Q_2$), селф конфликт - јас сентимент ($Q_3$) и харија - премсија (I).

в) Меѓу учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус кај критериумот - другарување во слободното време, во особините: G - факторот на интелектуалните способности, Кателовиот B-фактор на личноста, способноста за увидување на битни односи и врски, успешноста во учењето, интроверзија - екстроверзија, искреност и Кателовите изворни црти на личноста: зависност од други - самодоволност ($Q_2$), десурегенција-сургенција (F), ниска ергична тензија - висока ергична тензија ($Q_4$), воздржливост-раздразливост (P) и зепија-коастенија (J).

г) Меѓу учениците со потпросечен и натпросечен глобален социјален статус, разлика се јавува во особините: G-факторот на интелектуалните способности, Кателовиот B - фактор на личноста, способноста за увидување на битни односи и врски, успешноста во учењето, интроверзија - екстроверзија, спремност за соработка, несебичност, искреност, пол, возраст и Кателовите изворни црти на личноста: зависност од други - самодоволност ($Q_2$), харија-премсија (I), десургенција-сургенција (F), селф конфликт - јас сентимент ($Q_3$) и зепија-коастенија (J).

Со цел да се добие подобар увид за утврдените разлики во личните особини на учениците со потпросечен и натпросечен социјален статус, графички нив ги прикажуваме во вид на профили на лични особини.x)

---

x) Профилите на лични особини се конструирани врз основа на Z - скорови кои се пресметувани по формулата:

$Z = \frac{\bar{X}g - \bar{X}t}{\sigma t}$ каде што: Z=Z - скор за аритметичката средина на групата ученици со потпросечен или натпросечен социјален статус, $\bar{x}$ g = аритметичка средина за групата, $\bar{x}$ t = аритметичка средина за целиот примерок на испитаните ученици и $\sigma$ t - стандардно отстапување за целиот примерок.